# *НАЦИОНАЛНО-РЕВОЛУЦИОНЕРНИТЕ БОРБИ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД 1876-1912*

**Ристо Поплазаров**
**Крсте Битоски**
**Глигор Тодоровски**

**НАЦИОНАЛНО-РЕВОЛУЦИОНЕРНИТЕ БОРБИ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД 1876-1912**

Risto Stefov Publications
Toronto, Canada

rstefov@hotmail.com

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2022 Risto Poplazarov, Krste Bitoski, Gligor Todorovski

e-book edition

March 3, 2022

Original in Macedonian published by “Nasha Kniga” – Skopje 1968

**СОДРЖИНА**

ПРЕДГОВОР ....................................................................5
МАКЕДОНИЈА ОД 1876 ДО 1892 ГОДИНА (Ристо Поплазаров) .....................................................................7
ОСЛОБОДИТЕЛНИТЕ БОРБИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1875 ДО 1878 ГОДИНА ....................................................12
РАЗЛОВЕЧКОТО ВОСТАНИЕ.......................................14
МАКЕДОНИЈА И РЕШЕНИЈАТА НА САНСТЕФАНСКИОТ И БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС.......................................18
АГИТАЦИЈА ЗА ВОСТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА ...........21
КРЕСНЕНСКОТО ВОСТАНИЕ .......................................24
БРСЈАЧКАТА БУНА.......................................................32
СТРАНСКИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО МАКЕДОНИЈА И ОТПОРОТ ПРОТИВ НИВ.................................................35
МАКЕДОНИЈА ОД 1893 ДО 1903 ГОДИНА (Д-р Крсте Битоски) ......................................................................44
СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ....................................................44
ВТОРИОТ УСТАВ НА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ........................................................................................46
УСТАВ НА ТАЈНАТА МАКЕДОНСКО-ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА...........................48
СОЗДАВАЊЕТО НА ВООРУЖЕНИ СИЛИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ........................................................51
ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМИРАЊЕТО ТАЈНИ ЧЕТИ ВО ТРИТЕ ВИЛАЕТИ И ВО ОДРИН ......................................52
РАСТЕЖ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ..55
ТЕРОР НА ТУРСКИТЕ ВЛАСТИ......................................57
ПЛЕНУВАЊЕ НА МИС СТОН.........................................59
ЕКОНОМСКАТА И ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ........................60
МАКЕДОНСКИТЕ СОЦИЈАЛИСТИ ВО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ......................................65
ГОЛЕМОБУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА – ВРХОВИЗМОТ ........................................................................................67
ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ.........................................75
СОЛУНСКИ АТЕНТАТИ ....................................................78
СМИЛЕВСКИ КОНГРЕС ....................................................79
БРАЌА ЗЕМЈАЦИ И МИЛИ КОМШИИ! ..............................83

ЗАДУШУВАЊЕ НА ВОСТАНИЕТО ......................................88
МАКЕДОНИЈА ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ 1903-1912 (Д-р Глигор Тодоровски)..........................................................90
СОСТОЈБАТА ВО ВНАТРЕШНАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ......................................................................93
ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОЛОЖБА НА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И АКТИВИРАЊЕ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ ........................................96
ЕМИГРИРАЊЕТО И ПЕЧАЛБАРСТВОТО .........................100
МИРЦШТЕГСКИТЕ И ДРУГИ РЕФОРМИ ВО МАКЕДОНИЈА ....................................................................102
ГОЛЕМОГРЧКАТА ОРУЖЕНА ПРОПАГАНДА................106
ГОЛЕМО СРПСКАТА ОРУЖЕНА ПРОПАГАНДА ...........110
СЕРЧАНИТЕ ВО ЗАПАЗУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ...........................................114
СМРТНАТА ПРЕСУДА НА БОРИС САРАФОВ И ИВАН ГАРВАНОВ ..............................................................................116
МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА....................................119
НАРОДНАТА ФЕДЕРАТИВНА ПАРТИЈА И ДРУГИ ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ............................................124
МИСЛИ НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ .....................................................130
НЕКОЛКУ БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ................................132
ПЕСНИ.......................................................................................133
Црна се чума зададе..................................................................133
Што ми е мило и драго ..............................................................135
Делчев војвода довтасал...........................................................136
Блажена гора зелена..................................................................137
Провикна се Ил-о Малешевски.................................................138
Црвен се бајрак развева ............................................................139
Битката кај мечкин камен.........................................................140
Заплакало е мариово ..................................................................141
Јордан војвода и мајка му..........................................................142
Бесењето на војводата Александар Турунџов........................143
Смртта на Веле Марков .............................................................145

# ПРЕДГОВОР

Пред нас е труд од неколку научни работници од Институтот за национална историја од Скопје, труд кој претставува синтеза на еден многу бурен период од ослободителните борби на македонскиот народ.

Почнувајќи од еден бурен период во историјата на македонскиот народ, од познатото Разловечко востание отпочнато 1876 година во селото Разловци, во непосредна близина на Делчево, трудот дава јасен преглед на најбитните историски настани, од борбите и настојувањата на македонскиот народ за ослободување од ропството под отоманската власт, опфаќајќи ги настаните се до 1912 година.

Покрај вооружените буни и востанија, накусо се дава увид и на другите форми на борбите на македонскиот народ, посебно на планот за културно-просветно и црковно осамостојување.

Разловечкото и другите востанија и буни не успеваат во прв ред поради недоволната политичка подготвеност. Излагањата во трудот даваат јасна претстава со какви проблеми се борела Внатрешната македонска револуционерна организација позната како ВМРО пред крајот на XIX и почетокот на XX век за политички да се организира. Иако таа успева да го опфати и организира целиот македонски народ, со години да го подготвува за вооружено востание, како единствен пат за ослободување од отоманското ропство, истовремено Организацијата грчовито се бори и против странските пропаганди – на големобугарската, големогрчката и големосрпската буржоазија, чија основна цел беше да го разбијат единството на македонскиот народ, за полесно да го поробат. Во овој период, особено тешка беше борбата против подмолните методи на врховистичката организација, како експонент на големобугарскиот двор – на Кобуршката династија. Со својата подмолна работа врховистите успеваат да заведат извесен број чесни Македонци. Тие со истите методи успеваат да се вовлечат во највисоките раководства на Македонската револуционерна организација и одвнатре да ја разбијат, а едновремено и да влијаат во донесувањето на

битните решенија и во градењето концепцијата на стратегијата и тактиката на Македонската револуционерна организација.

Илинденското востание, организирано од Македонската револуционерна организација (ВМРО), иако недостатно подготвено, претставува посебна епопеја во историјата на македонскиот народ. Во Востанието македонскиот народ, покрај херојството и упорноста, ја покажа и полната готовност, по цена и на големи жртви, за борба за национално ослободување.

Крушевската република, создадена во Илинденското востание, ги изрази стремежите на македонскиот народ за самостојност, за своја демократска и народна државност. Но, истовремено Крушевската република го истакна и карактерот на таа нова државност која гарантираше полна слобода и рамноправност на сите други народи и народности што живееја во Македонија. Познатиот Крушевски манифест ова многу видно го истакнува.

Трудот ни дава и преглед на тешките и поразни резултати од крвавото задушување на Востанието. Истовремено во трудот е даден преглед и на другите многу значајни настани по Илинденското востание, за Младотурската револуција, за Федеративната партија и други настани се до 1912 година, односно до Балканската војна која е катастрофална за судбината на македонскиот народ.

Според карактерот на публикацијава и начинот на пишувањето, се надевам дека трудот ќе ја постигне својата цел и ќе им помогне на сите заинтересирани да се запознаат автентично и документирано со најбитните настани на еден период од историјата и борбите на македонскиот народ за својата слобода.

Академик Михаило АПОСТОЛСКИ

# МАКЕДОНИЈА ОД 1876 ДО 1892 ГОДИНА (Ристо Поплазаров)

Македонија, како посебна географска и стопанска целина, со својата централна положба на Балканскиот Полуостров, претставува значајна раскрсница на повеќе меѓународни сувоземни и поморски патишта, што поврзуваат многу држави и морињa. До почетокот на XX век, Македонија, и покрај тоа што беше составен дел на Отоманската империја, според исказите на Ѓорче Петров, се оформи во одделна морално-политичка единица со своја специфична идеологија и стремеж изразен низ напорите за изградување државна самостојност, која најде посебен израз во ослободителните национално-револуционерни борби на македонскиот народ.

Кон крајот на турското владеење, Македонија беше поделена на три административни области, односно вилаети, што беа поделени на санџаци, а санџаците на каази. Трите македонски вилаети (Солунскиот, Битолскиот во кој влегуваше и дел од Албанија и Скопскиот во кој влегуваше дел од Јужна Србија) всушност претставуваше една административно-државна единица, која од 1902 година беше управувана од генералниот гувернер Хилми паша.

Во последните децении на XIX век (според статистиката на В. К'нчев) Македонија имаше околу 2,260.000 жители, од кои мнозинство беа Македонци. 20% од населението живееше во градовите. Над 80% од целокупното население се занимаваше со земјоделство и сточарство. Градското население работеше во индустријата, занаетчиството, трговијата, земјоделството и во други стопански дејности. Огромниот дел од селското и градското население живееше во беда, лишено од секакви национални и политички права. Освен тоа, Османлиската држава, која се наоѓаше во процес на распаѓање, го имаше оставено христијанското население на милост и немилост на странските просветно-верски пропаганди, кои, уживајќи привилегии, вршеа раздор меѓу населението и се трудеа да го претворат во “Грци” “Бугари”, “Срби” и “Романци”. Со тоа, политичката, па и економската положба во Македонија, уште повеќе се влошуваше. Големите сили, од друга страна, преку

разни договори и друго ја претворија Отоманската империја во полуколонија.

Скоро секоја година Турција се повеќе се задолжуваше кај европските банки, така што нејзината зависност од странскиот капитал стануваше се поголема. Кога турските долгови станаа поголеми од нејзиниот државен буџет, нејзините кредитори, односно големите сили, ја принудија Портата да го издаде во 1881 година т.н. "Мухаремски декрет". Според него се формира една меѓународна комисија, која го контролираше стопанството во Отоманската империја и наоѓаше средства за отплата на долговите. Така се зајакна полуколонијалната зависност на Империјата од големите сили и се создадоа нови можности за експлоатација на народот и земјата. Во последните 20 години на XIX век, тие извлекоа од стопанството во Империјата 125,000.000 турски лири како исплата на турските државни долгови направени пред и по 1881 година.

Странската експлоатација на стопанството во Империјата се вршеше и преку разни друштва и банки. Кон крајот на XIX век странскиот капитал имаше во Отоманската империја околу 54 друштва во капитал од две милијарди златни лири. Од нив десет друштва ги експлоатираа железниците кои, почнувајќи од 1873 година забрзано се градеа. Такви друштва во Македонија имаше повеќе. Во Солун, Битола и Скопје работеа по една до три банки. Западноевропската индустрија ги пласираше своите производи во Империјата со голема печалба и истовремено го уништуваше домашното индустриско и занаетчиско производство, кое поради заостанатоста беше скапо и нерентабилно. Занаетите и другите стопански дејности во Македонија, кои не можеа да ја издржат конкуренцијата на странските производи, пропаѓаа секојдневно, а народот мизеруваше и заминуваше во туѓина на печалба. Внатрешната трговија се упропастуваше. Познатите македонски панаѓури пропаднаа.

Во последните децении на XIX век, кога капитализмот стапи во својата империјалистичка фаза, во рамките на борбата за нова прераспределба на светот, Македонија стана предмет за освојување од страна на големите сили и балканските

монархии. Првите преку реформите се трудеа да ја претворат во кондоминиум (заедничка колонија) а вторите со своите пропаганди подготвуваа терен за нејзино разграбување. Сето тоа и самиот државен и стопански систем на Отоманската империја го запираа нормалниот развој на стопанството во Македонија и не му овозможуваа да ги користи сите природни и географски можности.

Положбата на македонскиот народ во последните четири децении на XIX век беше многу тешка. Посебно тешки беа страдањата на македонските селани, кои распрчкани по селата беа оставени без каква и да е заштита. Беговите и злосторничките банди вршеа против нив безброј злодела, без да бидат казнувани од турските власти, кои честопати соработуваа со нив и за тоа добиваа пари и разни други награди. И социјалниот гнет беше многу тежок. Тој произлегуваше од заостанатиот стопански и државен систем на Отоманската империја. Голем дел од македонското население спасот почна да го бара во масовното одење на печалба или во емигрирањето.

Селското население беше поделено на неколку слоеви. Најбогатите селани – чорбаџиите беа сопственици на поголеми површини земја. Некои од нив се занимаваа со лихварство и ја претставуваа месната турска власт. Како луѓе поврзани со Турскиот режим, тие повеќепати истапуваа како противници и непријатели на револуционерното движење. Освен чорбаџиите, имаше извесен број селани, кои беа сопственици на земја до два хектари. Имаа своја куќа, добиток и земјоделски алат. Овие ситни земјоделци живееја пред се во планинските области и главно во Западна Македонија, значи во области недоволно поволни за земјоделство.

Мнозинството од македонските селани немаа своја обработлива земја и живееја обработувајќи ја чифличката земја. Тие се делеа на три категории: јаранџии (наполичари), кесимџии (арендаши) и ајлакчии (надничари, момци). Јаранџиите беа селани кои немаа, или кои имаа само малку земја, така што беа принудени да ја обработуваат чифличката земја, за што им даваа на чифликсајбиите една половина, а во некои случаи и две третини од добиеното земјоделско производство. Тие беа задолжени да

им вршат на чифлик-сајбиите разни услуги бесплатно – ангарија, т.е. да им носат дрва, да поправаат патишта и сл. Ќесимџиите, исто така ја обработуваа чифличката земја. За таа цел беа склучувани договори, според кои ќесимџиите им даваа на чифлик-сајбиите одредена годишна аренда (ќесим), т.е. одредена сума од добиеното земјоделско производство во натура или во пари. Обично оваа аренда не беше помала од една половина од производството што им ја давале јаранџиите. Разликата меѓу двата начини се состоеше во тоа што ќесимџиите даваа еднаква сума и во плодородните и во неплодородните години, а јаранџиите една половина или две третини од тоа што ќе се роди во годината.

Третата категорија безземјаши беа ајлакчиите, кои беа гонети да работат најповеќе, а живееја најбедно. Тие и возрасните членови на нивните семејства вршеа во чифликот одредена работа (жнеење, копање, вршење...) за една бедна плата во пари или во натура. Годишната плата на ајлакчијата – момокот во пари изнесуваше околу 12 турски лири, а во натура неколку стотини килограми жито, десетина килограми грав, зеленчук и друго. Тој добиваше бесплатно стан, кој се наоѓаше најчесто во нехигиенски колиби, полоши и од шталите.

Во втората половина на XIX век во Македонија продолжи заграбувањето на плодородната земја и создавањето чифлици. Истовремено продолжил и процесот на откупување на чифличката земја од страна на селаните. Во почетокот на XX век во Македонија имаше околу 180.000 земјоделски стопанства, од кои 15.000 беа поголеми и средни, а 10.000 беа ситни стопанства. Се смета дека 70% од овие 180.000 стопанства, односно домаќинства, воопшто немаа или имаа сосема малу сопствена земја. "Огромното мнозинство од македонското селанство – пишува проф. Д. Зографски – не располагаше со доволно земја... За него прашањето за земја беше основно и најглавно прашање што го интересираше и што го поттикнуваше на борба за добивање сопственост врз земјата што ја обработуваше". Овој факт е една од главните причини, поради кои нашето селанство стана главна движечка сила на македонското национално-револуционерно ослободително движење.

Даночниот систем претставуваше посебен проблем за угнетените маси. Десетокот, кој беше најважен данок, го собираа закупците што го откупуваа од државата. Најчесто тие беа Турци и Албанци, а подоцна се појавија Македонци, Власи и др. Обично закупувачите пронајдувале вооружени банди, составени од разни разбојници. Со нивната сила и помошта на турските власти и месните чорбаџии, тие го застрашуваа и тероризираа населението со цел да грабнат двојно повеќе отколку што изнесуваше десетокот. Се случуваше, закупувачите да бараат повеќе и од тоа што изнесуваше производството од една парцела.

Покрај економскиот гнет, постоеше и физички гнет и политичка бесправност. Разни разбојнички и пљачкашки банди крстосоуваа по земјата, особено во Западна Македонија, грабејќи и убивајќи се што ќе најдат пред себе. Се смета дека во 1895 година имаше околу 150 такви банди, кои извршија над 400 убиства. Турската држава ниту сакаше, а изгледа ниту можеше, да го заштити народот од тоа зло.

Се разбира, целокупната таа тешка положба во која се најде македонскиот народ во втората половина на XIX век и посебно по Берлинскиот конгрес од 1878 година, предизвика револуционерно вриење, што се јавуваше во разни форми.

# ОСЛОБОДИТЕЛНИТЕ БОРБИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1875 ДО 1878 ГОДИНА

Во втората половина, а пред се во последните децении на XIX век, борбата на македонскиот народ против турското господство многу се засили и имаше разни форми. Една од тие форми на борба беше ајдутството, кое постоеше во Македонија уште од порано. Ајдутите беа помагани од народот, зашто тие ги напаѓаа и ги убиваа најлошите негови мачители. Дејноста на ајдутите и нивната организирана соработка со народот во повеќе случаи беше таква, што може да се смета како еден вид локално организирана борба. Таква беше дејноста и соработката на прочуениот ајдутски војвода Иљо Марков од Берово, кој дејствуваше и беше познат не само во цела Македонија, туку и во странство. За својата јунаштина, народот го нарече “син на крали Марко”, “цар на Малешевијата” и сл.

Во 1862 година Иљо војвода, на чело на неколку стотици македонски доброволци, учествуваше во борбите за прогонување на турската воена посада од Белград. Руските конзули во Балканот сметаа дека Иљо војвода е способен да дигне поголем бунт во Балканот. Во тоа време дејствуваа со свои ајдутски чети војводите: Стоимен, Трајан, Чакарот, Христо Македонски, Румена војвода и др. Ајдутското движење беше посебно силно во Источна Македонија, каде што во нејзините непристапни планини наоѓаа скривалишта многу ајдутски чети.

Во седмата и осмата деценија на 19 век ширеа револуционерна агитација учителот Димитар Јанакиев – Окујли – Бисеров, некој Петко од село Сугарево, Мелничко, Спиро Џеров – Македонски од Битола и др. Првите двајца дејствуваа во Мелничко и Малешевско, а Македонски во Битолско, Леринско, Охридско и Ресенско, каде што во 1862 година подготвува една бунтовничка акција, која заврши без успех поради предавство на грчкиот митрополит во Битола. Единаесет години подоцна (1873), нешто слично се подготвуваше во Воденско, каде што според зборовите на трговецот Хаџи Ташко, една група од 15 души подготвуваше востание.

Пролетта 1873 година во Мелничко и Малешевско се појавија две ајдутски чети, кои според Верковиќ не напаѓаа мирно население “туку само изедници и особено селски кожодерци – падари и настојници на чифлиците, бидејќи тие, како Турци, на стотини начини ја мачат сиромаштијата”. Во Тиквешко, Мариовско, Прилепско, Крушевско и Кичевско, дејствуваа ајдутски чети.

За време на источната криза од 1875-1878 година, која започна со избувнувањето на востанието во Босна и Херцеговина, ајдутското движење доби такви размери, што во некои места прерасна во месни буни или востанија. Во 1876 година во Леринско, Костурско и во други области, поголеми ајдутски чети водеа борби со турската војска. Во Дебар населението тогаш се побуни поради тоа што се ширеше гласот дека тоа ќе биде оптоварено со нови даноци. Во цела Македонија се чувствуваше засилено народно вриење.

Македонците, кои тогаш се наоѓаа во соседните балкански земји, ги симпатизирале тогашните ослободителни борби на балканските народи и учествуваа во нив. Некои од нив преговараа со херцеговскиот водач Миќо Љубибратиќ со цел да се дигне востание во Македонија штом тоа се објави во Херцеговина. Други пак, како Ѓорѓи Измирлиев од Горна Џумаја, активно учествуваа во Априлското бугарско востание од 1876 година. Така тогаш Македонците ги изразуваа своите стремежи за слобода и подобар човечки живот.

# РАЗЛОВЕЧКОТО ВОСТАНИЕ

Слободољубието и непокорноста на македонскиот народ силно се изразија и со познатото Разловечко востание. Тоа избувнува на 21 мај 1876 година во село Разловци и го зафати реонот Пијанец, Пехчевско и некои соседни места. Востанието го организира Димитар поп Георгиев од Берово и поп Стојан од село Разловци, кој пред тоа учествуваше во еден друг заговорнички одбор, наречен "Касапско друштво" и повеќепати го предводеше народот во протестните акции против турските злодела – потурчувањето, даночните злоупотреби и др.

Беровски најпрвин студираше во Русија. Во Белград се здоби со воено образование и учествуваше во борбите за изгонување на турската војска од Белград. Кога се врати во Берово, работеше како учител и ја организира борбата против големогрчката пропаганда. Затоа тој беше прогонуван од турските власти, но место да се откаже од борбата, стана уште поактивен. Заедно со поп Стојан, со своите браќа и неколку други сомисленици, започна да подготвува востание.

Во Разловци со тоа се зафати поп Стојан, а во Солун Димитар поп Георгиев – Беровски, каде што се засолна пред турските прогонства. Во подготовките на востанието учествуваа и членовите на еден таен кружок наречен "Таен револуционерен комитет" во Солун, кој беше раководен од Димитар Беровски. Учителките Недела и ќерка и Станислава Караиванова, член на овој Комитет, го сошија востаничкото знаме, на кое врз жолто поле беше извезан темноцрвен лав без круна, со натпис "Македонија, станете да ве ослободам".

Во текот на 1875 година, кога народот во Босна и Херцеговина се дигна на востание, македонските завереници во Солун и Пијанец со симпатии го следеа Херцеговското востание и извршија еден дел од подготовките за Разловечкото востание. Според зборовите на Константин поп Стојанов, син на поп Стојан, Херцеговското востание "имаше силно влијание врз мислењето на робовите". Заверениците ги забрзаа подготовките, Беровски со својот соработник Коте Крчов се

префрли во Разловци и донесе еден товар оружје. Исто и разловчани купија пушки и куршуми.

Овие раководители и неколку поистакнати селани во април 1876 година се состанаа и решија Димитар Беровски, со една мала чета, да ги обиколи областите Пијанец, Малешевско, Радовишко, Струмичко, Петричко и Мелничко со цел да го повика народот да се дигне на востание. Но, во почетокот на оваа обиколка се случи нешто неочекувано.

За време на одржувањето на еден друг состанок на заверениците, дојдоа во село Разловци неколку турски чиновници со вооружена придружба, уапсија неколку селани, одредија две девојки за потурчување и им се заканувaа на селаните дека ќе го изгорат селото. Заверениците, мислејќи дека нивното дело е предадено, веднаш решија и на 21 мај 1876 година го објавија востанието. Ги нападнаа дојдените турски чиновници и по неколкучасовна борба го ослободија Разловци. Востаничкиот народ истиот ден ги изгоре тапиите, спаиските тефтери, коџабашиските рабуши и сите други списоци, во кои беа запишани даноците и другите давачки. Така тие ја изразија омразата и отпорот против турскиот стопански и општествен систем.

Истиот ден востаниците се поделија на две групи. Едната група, на чело со Цоне Спасов, остана да го чува село Разловци а другата, на чело со Беровски, со развиено знаме се упати кон Малешевијата и Берово. Последнава во село Митрашинци се судри и ги прогони турските џандари. Но, селото Разловци беше нападнато и опустошено од војска и многуброен башибозук. Востаниците и селаните, по повеќечасовна храбра борба се повлекоа во планините. Тогаш се дигнаа на востание и селаните од село Лаки. Формираа една востаничка чета на чело со Цоне Дончев, со цел да се присоединат кон другите востаници. И други села беа готови да се дигнат, но турските власти презедоа брзи мерки и го оневозможија тоа. Неколку десетици вооружени селани, кои излегоа во планините на Берово, со цел да учествуваат во востанието, поради турските акции и задоцнувањето на четата на Димитар Беровски, се вратија во своите куќи и го сокрија оружјето.

Во тек од една недела востанието се развива доста успешно, но кога пристигна многубројна турска војска и башибозук од околните градови, тоа беше задушено. Неколку десетици селани од востанатите и околни реони беа мачени и затворени во Серес, Солун, Скопје и во други места. Некои од нив како Цоне Дончев, загинаа во затворот Куршумли-ан во Скопје и во други затвори.

Востанието беше задушено, но четата на Димитар Беровски успеа да се запази во планините. Во 1877 година со новодојдени доброволци таа се зголеми до толку што од неа се формираа две ајдутски чети. Тие извршија повеќе напади против турската војска, која отстапуваше по Пијанец и Осогово од фронтовите на српско-турската и руско-турската војна, во кои учествуваа многу Македонци.

* * *

Неколку стотици Македонци, под водство на Ил>о Малешевски – Христо Македонски и др., учестуваа во српско-турската војна од 1876 година на страната на Србите. Повеќето од нив, како и доброволците командувани од Ѓорѓи Пулевски и Ѓорѓи Антов, заедно со руски војски, војуваа против Турција за време на руско-турската војна од 1877 – 1878 година. Овие војводи и некои доброволци беа наградени со српски и руски воени ордени за храброст.

Македонските доброволечки единици учествуваа во битките, служеа како водичи и дејствуваа во тилот на турската војска. Во тие акции извонредни успеси постигна големата чета на Ил>о Малешевски, која во јануари 1878 година навлезе во Североисточна Македонија и го ослободи скоро цел Пијанец со гратчето Царево Село (денешно Делчево). Во ослободувањето на Пијанец учествуваа месните ајдутски чети на Беровски и др.

Во оваа слободна област беше воспоставена народно-востаничка власт. Неа ја претставуваа месните старешински одбори, селските вооружени стражи и доброволечките одреди на Ил>о Малешевски и Димитар Беровски. Слободата во

Пијанец траеше до половината на март 1878 година, кога според руско-турскиот мир Пијанец и беше вратен на Турција, а македонските доброволци се префрлија во Бугарија или се вратија во своите родни места за да ја продолжат борбата за слобода.

И македонските доброволци на чело со Јаким Челопечки, Никола Алѓински и други, кои учествуваа во српско-турската војна на страната на Србија, навлегоа во Кумановско и Кривопаланечко и, користејќи ги тогашните поволни услови, го дигнаа населението на востание, кое имаше доста големи размери. Тие ги изгонија турските власти и башибозучките банди и ја ослободија Крива Паланка. Овие области останаа слободни до почетокот на јуни 1878 година, кога турската војска пак ги освои. Еден дел од македонските доброволци преминаа во Србија. Оваа востание беше помагано од Србија, со цел српската влада да го искористи за својата пропаганда, со која "докажуваше" дека тие области се "српски" и оти востаниците "бараа" присоединување на Македонија кон Србија. Сличен став (тогаш презедоа) спрема Македонија бугарските и грчките владеачки кругови.

Во тоа време во областа на Олимп грчките владеачки кругови организираа четнички акции, кои се наречени "востание во Олимп". Овие акции имаа завојувачки цели, зашто нивните организатори бараа приклучување на Македонија кон Грција. Извесен број луѓе од Македонија, кои тогаш се наоѓаа (како емигранти и печалбари) во Грција, без да знаат за овие завојувачки цели, учествуваа во споменатите акции, верувајќи дека се борат за слободата на Македонија. Една група македонски печалбари од Преспа, Леринско и Костурско, кои се наоѓаа во Атина, се подготвуваа и тргнаа за Македонија да дигнат востание, но нивната акција поради предавство пропадна во самиот почеток.

# МАКЕДОНИЈА И РЕШЕНИЈАТА НА САНСТЕФАНСКИОТ И БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС

Може да се рече дека споменатите оружени акции на српските и грчките владеачки кругови беа до одредена мера реакција против Санстефанскиот договор, склучен меѓу Русија и Турција на 3 март 1878 година во Сан Стефано, близу Цариград. На сличен начин реагираа и бугарските владеачки кругови против Берлинскиот договор. Преку комитетите “Единство”, тие се трудеа да го искористат Кресненското востание за остварување на големобугарските аспирации во Македонија.

Според Санстефанскиот договор, Србија, Романија и Црна Гора требаше да се прогласат за независни држави и да се спроведат реформи во другите балкански земји на Турција. Се предвидуваше да се создаде една автономна бугарска држава, која покрај денешна Бугарија, би го опфаќала поголемиот дел од Македонија, дел од Србија, Албанија (Корча), Тракија итн. Рускиот цар сакаше да ги претвори овие земји во свои заддунавски губернии.

Против договорот во Сан Стефано се изјасниле големите сили, пред се Англија и Австро-Унгарија, кои сметаа дека тој ги загрозува нивните интереси во Балканот и оти беше спротивен на поранешните договори постигнати меѓу Русија и другите големи сили. Некои од нив, на пример, предвидуваа Бугарија да биде под руска, а Македонија под австро-унгарска влијателна сфера. Австро-Унгарија и тогаш (1878) бараше да се создаде посебна автономна македонска област, која да биде под нејзино влијание.

Балканските држави, исто така, му се спротивставија на приклучувањето на македонските области кон планираната автономна бугарска држава. Грчката влада, преку конзулатите и митрополите во Македонија, организира испраќање протестни писма до големите сили и бараше приклучување на Македонија кон Грција. Такви акции организира и српската влада. Нив ги координираше т.н. Главен одбор во Белград, под претседателство на архимандритот Сава, кој за време на Берлинскиот конгрес замина да дејствува меѓу дипломатите во

Берлин. Тогаш истапи и бугарската Егзархија. Таа организира низа акции (испраќање писма и сл) со кои се бараше остварување на т.н. “Санстефанска Бугарија”. Зад овие акции стоеја владеачките кругови во Грција, Бугарија и Србија. Тие тогаш за првпат се судрија отворено заради територијалното заграбување на Македонија. Како резултат на сите горенаведени настани, македонското прашање за првпат беше поставено пред целокупната европска дипломатија, т.е. пред Берлинскиот конгрес.

Акциите на владеачките кругови во Бугарија, Србија и Грција за разграбување на Македонија беа туѓи за македонскиот народ и другото население и осудени од нив како непријателски, зашто не водеа сметка за интересите на народот. Место ослободување, тие предвидувале разграбување и замена на турското со некое друго господство. Во мај 1878 година овој став го изнесе првиот македонски пратеник на првиот турски парламент (од 1876) Димитар Робев. Осудувајќи ги пропагандите на балканските владеачки кругови, Робев прогласи дека за Македонија е најдобро да биде независна. Во врска со тоа, тој го посети Белград и разговараше со српскиот претседател и со други, кои не се согласија со Робева и го подозираа дека сака да стане владар на Македонија. За истото прашање Робев разговараше и со рускиот пратеник во Цариград, Игнатиев. Се тврди дека Игнатиев тогаш изјавил дека “Македонија не може да им припадне ни на еден од трите главни народи на Балканскиот Полуостров”. Овие мислења не се единствени.

Пред започнувањето на Берлинскиот конгрес, руската влада за време на руско-австроунгарските преговори, водени во Виена, предложи да се создаде од Македонија и Новопазарскиот санџак посебно автономно вазално кнежевство, но Австро-Унгарија тогаш беше против тоа. Руската влада, согледувајќи ја неостварливоста на Санстефанскиот договор, се откажа од неговите поставки за создавање “Санстефанска Бугарија” уште пред Верлинскиот конгрес. Тоа дојде до израз и во нејзините преговори со англиската влада.

Во врска со Санстефанскиот договор, родоначалникот на социјализмот во Бугарија Димитар Благоев, во една своја статија објавена во Ленинова “Искра” од 1.8.1903 и во книгата “Придонес кон историјата на социјализмот во Бугарија” (Москва 1944, стр. 39), анализирајќи ја неостварливата измислица, т.е. “фикцијата” за “Сан-стефанска Бугарија”, ценејќи ги позитивните страни на руската војна против Турција (ослободување на Бугарија итн.) не заборава да истакне дека рускиот царизам со таа војна сакаше да постигне завојувачки цели. Слично становиште е искажано и во “Мала Советскаја енциклопедија”, том VII, стр. 622 (Москва 1930).

Според решенијата на Берлинскиот конгрес (13.VI. – 13.VII.1878), Романија, Црна Гора и Србија станаа независни држави, Босна и Херцеговина и беше дадена на Австро-Унгарија. Северна Бугарија стана вазално кнежевство на султанот, јужно од неа се создаде автономната област Источна Румелија итн. За другите балкански земји на Отоманската империја, Берлинскиот договор предвидуваше разни реформи. Со 23-от член од овој договор, се предвидуваше во Македонија да се спроведат реформи одредени во т.н. Критски статут од 1866 година, со кои на земјата и се даваа извесни автономни права. Но овие реформи Портата не ги спроведе, а положбата во Македонија се влоши уште повеќе.

# АГИТАЦИЈА ЗА ВОСТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА

За разлика од грчките и српските владеачки кругови, кои протестираа против Санстефанскиот договор, Егзархијата и бугарската буржоазија, која постепено ја преземаше власта во бугарското вазално кнежевство, протестираше против Берлинскиот договор затоа што не дозволуваше да се создаде "голема Бугарија". По склучувањето на Берлинскиот договор, бугарската буржоазија, особено нејзиниот либерален дел на чело со Стефан Стамболов, создаде "Благотворителни комитети Единство" со цел да организираат акции за измена на берлинските решенија, односно да се организираат акции со кои да се бара приклучување на Македонија кон Бугарија.

Тогаш, положбата во Македонија и особено во нејзините северни и североисточни области, стана крајно несносна поради промените и настаните што се извршија во периодот 1875 – 1878 година. Многубројни турски војски, кога одеа на фронтот, а особено кога отстапуваа од него, во неред крстосуваа низ земјата и пустошеа се што ќе најдат пред себе. Неколку десетици илјади емигранти – муаџири од соседните новоослободени земји, се насобраа во Македонија и со помошта на турските власти ги грабеа куќите, нивите, добитокот и другите имоти на нашиот народ.

Во јуни 1878 година, за време на задушувањето на востаничките акции во Кумановско, Кривопаленечко и соседните области, народот многу настрада од башибозучките банди. Идниот месец настрада народот во Мелничко, а особено во реонот Кршијак, во чии околни планини беа насобрани многубројни ајдутски и доброволечки чети, кои се подготвуваа да покренат востанички акции. Турските власти, знаејќи за нивното присуство, презедоа низа воени акции. Околу 500 - 600 души турска војска и башибозук, на чело со кајмакамот од Мелник, опустошија во Кршијакот околу 20 села и убија над 60 души.

Тогаш народот беше принуден сам да се грижи за безбедноста на својот живот и имот. Се намножија ајдутските чети. Во Охридско и Битолско дејствуваше големата чета на Стојан

војвода, во Костурско, Леринско и Битолско дејствуваа четите на Стефо и поп Коста Буфски. Во Битолскиот санџак водеа борби против турските власти други три чети, под војводство на Влаот Алекси, Котула и Костадин. Тука се наоѓаа и четите на Чурко и Димитар војвода. Ајдутски чети имаше во Мариовско, Прилепско и во други области.

Летото 1878 година, ајдутското движење најсилно беше во Источна Македонија, каде што беа насобрани околу 12 ајдутски чети, засилени со новодојдени селани и доброволци – учесници во српско-турската и руско-турската војна, додека четата на Иљо Малешевски е во Ќустендилско. Меѓу овие 12 чети најпозната беше четата на Стојан Стоил Карастоилов од село Страчишта, Неврокопско. За својата разумност и храброст, тој беше уважуван од народот, а околу 12 војводи го признаваа како свој главен водач.

Овој факт претставува значајна појава во историјата на македонското ајдутство, зашто скоро секогаш ајдутските војводи дејствуваа самостојно, секој во својот реон. Со згрупирањето на овие војводи и нивните чети на чело со Стојан Карастоилов, беше создаден еден од главните предуслови за подигањето и успешното изведување на Кресненското, односно Македонското востание во 1878 година. Тие ја преставуваа раководната сила и раководството, околу кои се групираше востанатиот народ.

Во составот на 12-те чети се наоѓаа четите на Тодор Паласкарот, Коста Кукото, Кочо Љутата, Стојан Цапаревецот и др. Тие, како и некои македонски емигрантски групи во Бугарија меѓу кои беше и групата на Натанаил, агитираа за дигање востание во Македонија. За таа цел беа повикани и други војводи. Некои од повиканите, како Костадин Буфски од село Буф-Леринско, го прифатија повикот. Така во Североисточна Македонија се собраа доста голем број ајдути, доброволци и други, кои беа запознати со тогашните слободарски идеи.

Истовремено, започнаа да се шират гласови, дека штом се дигне востание во Македонија, Русија ќе објави нова војна за

прогонување на Турците од неа и од Балканот. Освен тоа, македонските доброволци и други знаеа дека во бугарско-македонската граница имаше посебни руски воени коњички единици, кои извесно време чекаа да добијат заповед за да влезат во Македонија. Некои руски офицери го симпатизираа македонското ослободително движење и го помагаа. Оваа агитација беше таква што и европскиот печат пишуваше за неа, а кога избувна востанието, некои европски весници очекуваа тоа да прерасне во општобалканско востание и да предизвика нова руско-турска војна. Оваа агитација изврши вонредно влијание врз македонските агитатори за востание.

Врз тоа влијаеше и агитацијата на комитетите "Единство", кои под етикетата на "благотворителството" ги прикриваа завојувачките планови и акции на големобугарската пропаганда, водена за приклучување на Македонија кон Бугарија. Тие се зафатија со организирањето вооружени чети, кои ги испраќале од Бугарија преку Ќустендил во Северна Македонија, со цел да дигнат востание. Една од тие чети беше четата на рускиот козак Адам Калмиков. Во тие акции беше ангажиран и Охридскиот митрополит Натанаил.

Во Ќустендил, Горна Џумаја и Дупница тој формира комитети "Единство", кои работеа како клонови на Трновскиот комитет на Стамболов. Во Ќустендил Натанаил се поврза со Ильо Малешевски и Димитар Беровски. Собираше доброволци за создавање чети итн. Но овие акции беа малу успешни. Калмиков кога виде дека не бидува ништо, се префрли во Горноџумајско и се присоедини кон ајдутските чети, кои се наоѓаа во реонот на Кресна каде што беше Стојан Карастоилов. Исто и Димитар Беровски се присоедини кон нив.

# КРЕСНЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Кон крајот на септември 1878 година, во Горноџумајско се одржа едно советување, во кое учествуваа над десет ајдутски војводи и други родољуби. Во него учествуваа војводите: Стојан Карастоилов – Старчиески, Атанас Чолакот (Даскалот), Димитар поп Георгиев, Кочо Мутруков, Кочо Љутата, Тодор Паласкарот, Коста Кукото, Стојан Цапаревецот и др. На тоа советување беа разгледани можностите и подготовките за востание и се реши тоа да се објави со нападот на турскиот воен гарнизон, стациониран во селото Кресна. За таа цел беше изработен еден оперативен план. Стојан Карастоилов беше избран за воен раководител на востаничките акции, а негови помошници станаа војводите Атанас и Чолакот. Воените сили беа распоредени на неколку единици во кои беа вклучени повеќе селани.

Кога се беше готово, на 17 октомври 1878 година околу 400 ајдути и селани, под раководство на ајдутските војводи на чело со Стојан Карастоилов, ја нападнаа турската војска во Кресна. Така започна Кресненското востание, кое подоцна така се нарече според името на местото каде што беше извршена првата и успешна востаничка акција. Борбата траеше два дена Востаниците бараа од војниците да се предадат, но тие во почетокот одбиваа, зашто верувале дека ќе им дојде помош од Мелник и од други места. Воената помош што им беше испратена беше одбиена, и по повеќечасовна борба војската, беше принудена да се предаде, така што востаниците заробија 2 офицера и 119 војници. Во борбите загина еден востаник и тројца беа ранети, а војниците имаа девет мртви и единаесет ранети. Според зборовите на современиците главната заслуга за изведувањето на оваа голема победа ја има раководителот на востанието Стојан Карастоилов.

Сето тоа имаше позитивен одглас во европскиот печат, кој со изненадување пишуваше за херојствата на македонските востаници. Успешниот почеток на востанието со одушевување беше примен од македонските селани, кои масовно се присоединуваа кон востаниците. Но поради немање оружје, тие

не можеа да бидат сите искористени. Уште од првите денови на востанието, се чувствуваше голем недостиг од оружје.

И покрај тоа што востаниците уште од почетокот сретнуваа големи тешкотии, сепак востанието до почетокот на ноември успешно се ширеше и опфати доста голем простор од неколку кази (околии) на денешна Пиринска Македонија. Веднаш по објавувањето на востанието, поважни борби се водеа при ослободувањето на селата Оштава, Влахи, Грнча, Ново Село (Јениќој) и др. Таму востаниците се бореа под команда на војводите Коста Кукото, Крсто Светиврачки, дедо Ѓорѓи Гаџалот и др.

Успешниот тек на востанието е резултат на поддршката што ја дадоа македонските селани и на значајните мерки што ги презеде востаничкото раководство. По првите борби, тоа ја усоврши воената и политичко-управна организација на силите. Востаничките вооружени сили беа распоредени во четири големи одреди на чело со Стојан Карастоилов, Коста Георгиев, Стојан Торолинко и Крсто Аризанов. Карастоилов беше избран од војводите за “прв војвода”, т.е. за воен раководител на востаничките сили, нешто кое се потврдува и од самиот тек на востанието Адам Колмиков беше избран на атаман на востанието. Беше формирап “Штаб на Македонското востание”.

Од повеќе официјални документи на востаничкото раководсто се гледа дека самите учесници на востанието него го нарекоа “Македонско востание”, а како за такво пишуваше и европскиот печат. Штабот на Македонското востание го сочинуваа ајдутските војводи на чело со Карастоилов. За началник на штабот тие го избраа Димитар поп Ѓеорѓиев – Беровски, кој располагаше со печат, кој носеше назив: “Печат на началникот на Македонското востание од 1878 година”, со што тие го одредија не само името, туку годината и националниот карактер на востанието. Беровски се занимаваше главно со политичко-административните прашања, кои се појавуваа во текот на борбите и во ослободените области. Седиштето на Штабот беше во селото Влахи. Од карактерот на неговата дејност може да се рече дека штабот, покрај воените задачи, вршеше функција на востаничка превремена влада. Штабот го

организира функционирањето на управата и на органите на народно-востаничката власт во ослободените области, одржуваше врски со комитетите "Единство", водеше преговори со претставници на турската власт итн. Интересно е да се спомене дека во официјалните документи началникот на Штабот, кога третираше важни прашања, истапуваше од името на војводите или од името на Карастоилов, нешто кое сведочи за тоа дека врховното раководство на востанието го сочинуваа внатрешните македонски сили – војводите на чело со Стојан Карастоилов.

Од дејноста на востаничкото раководство се гледа дека организирањето на народно-востаничката власт во ослободените области за него беше клучно суштинско прашање, зашто тие претставуваа основна база од каде што востаниците можеа да црпат материјални (храна...) и нови воени сили за ширење на востанието во другите области на Македонија. Востаничкото раководство, базирајќи се врз внатрешните македонски сили, дојде до остар судир со луѓето на бугарските комитети, кои директно, или индиректно им служеа на големобугарските интереси.

Тие и бугарските владеачки кругови беа крајно вознемирени поради ваквиот тек на Македонското востание од 1878 година. Тие гледаа дека под носот на новоформираната бугарска држава започнува да се формира и развива едно ново македонско револуционерно движење, кое претставува опасност за големобугарските аспирации во Македонија. Затоа тие презедоа (како што ќе видиме подолу) непријателски акции за да го отстранат востаничкото раководство на чело со Карастоилов и Беровски.

Во рамките на организирањето на народно-востаничка власт во ослободителните области, во селата функционираа старешински одбори и селска милиција, кои се грижеа за безбедноста и спокојството на населението, ги решаваа неговите спорови, ги помагаа востаниците итн. Со својата правилна политика спрема селаните, востаничкото раководство ги придоби на своја страна и селаните од Разлошко, Демирхисарско, Пехчевско и од други области, каде што

населението беше во вриеж и готово да се дигне на востание. За одржувањето на редот и одбраната на ослободените области од нападите на непријателот посебно значење имаше селската милиција, чии стражи стражареа во разни истакнати места и ги информираа востаниците за движењето на непријателот. Милицијата беше раководена од еден одбор, кој имаше седиште во село Кресна.

По преземените мерки од страна на востаничкото раководство, востанието се ширеше уште поуспешно. На источната страна на реката Струма востаниците ги ослободија реоните се до селата Градешница – Белица, каде што се водеа долги и нерамни борби со турска војска и башибозук. Поуспешно востанието се ширеше на запад од реката Струма, каде што беа ослободени повеќе села од Петричкиот округ. Скоро целиот реон, наречен Каршијак, беше во рацете на востаничките единици под војводство на војводите Златко, Ѓорѓи Окото, Инџето, Митко Јурукот и др. Востаничкото навлегување на југ беше запрено од многубројна турска војска на реката Стрмешница. Востаниците напаѓаа и во правец на Струмица. Го ослободија село Сушица, но нивното натамошно напредување беше запрено од турските воени сили испратени од Струмица.

Најголеми и најдолги борби востаниците водеа на линијата Градешница – Белица. Тука тие ја употребија и востаничката коњица под војводство на Никола Македонски. Овие востанички сили ги помогна и четата на војводата Поп Костадин – Буфски од село Буф – Леринско. Борбите ги раководеше самиот Стојан Карастоилов, но востаниците не успеаја да ја преземат оваа линија поради тоа што тука беше насобрана многубројна турска војска и башибозук, кои употребуваа и топови.

На оваа линија, над село Градешница се водеа преговори меѓу турските власти од Мелник и претставниците на востаниците. Предлог за преговори дадоа Турците. Од името на турската влада, тие ветуваа да им ги укинат на селаните даноците, но само за неколку години. Претставниците на востанатиот народ бараа многу повеќе од тоа што нудеше турската влада. Преговорите завршија без успех.

Неуспехот на востаниците да ги пробијат непријателските линии кај Градешница – Белица и во други места и да го прошират востанието во други области, беше еден од факторите, кои негативно влијаеја врз натамошниот тек на востанието. Друг таков фактор беше односот на комитетите "Единство", кои на востанието му понудија помош, но според мислењето на рускиот историчар Левинтов, таа не беше помош, туку блокада на востанието. Во врска со тоа, началникот на македонското востание, обраќајќи се до комитетите, уште тогаш ја откри нивната антивостаничка улога со следниве зборови: "Надежите што ги имавме во вашата помош пропаднаа. Гледаме дека вие со нас се подигрувате" "Преставете си колку чети се вооружени со вашите испратени први и последни 60 пушки..." Во друго писмо, началникот Беровски, истапувајќи од името на војводите, протестираше против мешањето на комитетите во востанието и ги предупредуваше: "Вашата должност е да ни помагате со средства. По прашањето на востанието вие мора да бидете прости набљудувачи". "Затоа сметаме за наша должност да ви кажеме дека ако продолжите како досега... ќе бидеме принудени да дејствуваме по нашински..."

Во судирот со комитетите исплива на површина и прашањето за употребата на името Македонец, Македонско востание итн. Комитетите беа против употребата на ова име, а востаничкото раководство изјавило: "Ова име нема да загине, без зборот Македонец вашите писма ќе бидат враќани назад..." Истовремено, востаничкото раководство, кога се убеди дека некои од раководните лица на комитетите вршеа штетна работа, ги прогони од своите редови. Од ден на ден односите меѓу нив се повеќе се заоструваа.

Софискиот комитет, кој беше задолжен од бугарските комитети да контактира преку својата филијала во Горна Џумаја со востаничкото раководство, тајно реши да се уапси началникот и да се замени раководството на Македонското востание. За таа цел беше создадена една трочлена комисија на чело со Д. С. Стателов, член на софискиот комитет и во придружба на повеќе вооружени лица беше испратена во востаничките области, каде

што со мамка го уапсија кон крајот на ноември 1878 година началникот Беровски и го затворија во Ќустендил. Востаничкото раководство – војводите остро протестираа против тоа злосторство, но не можеше да преземе нешто ефикасно, зашто беше зафатено со борбите против Турците.

Истовремено, софискиот комитет создаде една чета на чело со Бугаринот Братан Маринов, и ја испрати во Разлошко, со цел да дига шум во корист на големобугарската пропаганда. Еден дел од населението во Разлошко и неколку месни ајдутски чети, без да ги знаат задните цели на Софискиот комитет, се приклучија кон четата на Маринов, која се сли во мноштвото востанати селани и на 20 ноември го нападнаа гратчето Банско. По неколкучасовна борба, македонските селани го ослободија Банско и запленија 34 турски војници. Потоа беа ослободени и неколку други села. Во Разлошко тогаш дејствуваа четите на рускиот офицер А. Калмиков и Л. Војткевич, кои беа испратени од Софискиот комитет.

Востаниците во Разлошко, раководени од своите војводи, ја организирале народно-востаничката власт по примерот на востаниците од порано востанатите области. Но, ослободувањето на еден дел од населението во Разлошко беше краткотрајно – еднонеделно и заменето со големи страдања, поради тоа што раководителите на четите во Разлошко, кои беа испратени од Софискиот комитет, не само што не ја организираа безбедноста на населението, туку кога слушнаа дека иде турска војска, избегаа и предизвикаа збрка.

Во тоа време, во третата деценија на ноември 1878 година, турските подготовки за задушување на Македонското востание беа скоро прикрај. Тие подготовки започнаа веднаш по објавувањето на востанието, зашто според пишувањето на странскиот печат, за турската влада тогаш “востанието во Македонија беше најактуелно прашање”, и се плашеше да не го искористи Русија за да ја освои Македонија. Руската царска влада, одговарајќи на турските протести, прогласи дека нема никаква врска со востанито и е против него. За Портата тоа беше охрабрување. За главен командант на војската и башибозукот, кои беа испратени да го задушат Кресненското

востание, беше назначен злогласниот Селим паша, кој пред тоа го задуши востанието во Крит. Во префрлувањето на турска војска од Азија во Македонија, помагаа и некои англиски бродови, а англиската влада ја подбуцнуваше Портата да го задуши востанието, за да не го искористи Австро-Унгарија да покрене акции за слегување во Солун, за кое одамна сонуваше.

По пристигнувањето многубројна војска и башибозук, востаниците остапија, а Турците пак ги освоија ослободените од востаниците области. Притоа, настрадаа многу македонски села. Неколку стотици куќи беа изгорени, ограбени се многу имоти и добиток. Селаните, кои не успеаја навреме да избегаат, како на пр. во Разлошко, беа малтретирани, а некои од нив и убиени. Голем број од востанатите селани, за да се спасат, емигрираа во Бугарија.

По сето тоа во европскиот печат се јавија информации, според кои востанието во Македонија беше задушено. Во тоа време востаничките сили претрпеа уште еден голем удар. Покрај затворањето на началникот Беровски, беше убиен од агентите на големобугарската пропаганда воениот раководител на востанието Стојан Карастоилов и неговиот другар војводата Г. Чолакот. Според спомените на учителот А. Костенцев, кој тогаш служеше во руските управни органи во Горна Џумаја, “тогаш во Кресна дојде од Софија една комисија предводена од Стефан Стамболов...” Раководителите на оваа комисија “...бараа од Стојан војвода да им се потчини со својата чета. Стојан војвода им одговорил дека и натаму ќе продолжи да дејствува независен од никого, а своите другари не ги дава. Потоа, во неприсуство на неговата дружина, по наредба на Стефан Стамболов беше убиен во собата кадешто спиеше” во село Оштава.

Кога дознаа четниците и војводите – пријатели на Стојана за неговото убиство, се побунија и ги нападнаа убијците и агентите на Софискиот комитет “Единство”, кои се распрснаа на сите страни и избегаа во Софија. По убиството на Стојан Карастоилов и Чолакот, поради негодување на народот, Димитар поп Ѓеорѓиев беше ослободен. Потоа населението од Каршијакот – Петричко го повика Поп Ѓеорѓиева да му помогне

во средувањето на положбата. Скоро цел овој реон, по заминувањето на турската војска, која учествуваше во задушувањето на востанието, остана слободна, а населението, кое избега по планините, поради зимата, се прибра во своите изгорени села. Востаничките кадри од овој реон, со помошта на Димитар Поп-Ѓорѓиев – Беровски го искористија неприсуството на турската власт и организираат месна власт, која во голема мера претставува обновување на поранешната востаничка-народна власт.

Обновувањето на народната востаничка власт во Кршијакот започна да се врши во половината на декември 1878 година. Народот со задоволство го прифати новото уредување, но, чорбаџиите, чие влијание беше отстрането или ограничено, негодуваа и заедно со калугерот Пахомии, испратен од Софискиот комитет, ги клеветеа водачите Беровски и Златков. Како последица на тоа, Беровски беше повторно затворен. Интересно е што чорбаџиите во своите махинации против Беровски и народната востаничка власт се базираа врз помошта на бугарските комитети, грчкиот владика во Мелник и Турците.

За време на Кресненското востание дојдоа до израз желбите и стремежите на македонскиот народ за извојување слободно, самостојно државно уредување во својата татковина. Според спомените на Иван Хаџи Николов, подоцна раководителите на ВМРО – црпеа искуства од Кресненското востание.

# БРСЈАЧКАТА БУНА

Положбата беше вонредно тешка не само во североисточна, туку и во Западна Македонија. Народот страдаше од многубројните пљачкашки банди, кои во повеќе случаи дејствуваа во соработка со месните турски власти, така што луѓето никаде не можеа да најдат заштита и правда. И тука народот сам се погрижи за својата егзистенција. Незадоволството и отпорот на народот од овие области започнаа да прераснуваат во едно организирано движење, кое го доби името Охридска завера или Брсјачка буна. Заверата опфати многу села и неколку градови. Во неа учествуваа неколку завереднички кружоци, меѓу кои најактивен беше кружокот создаден во Крушево, кој започна да работи од крајот на 1878 година.

Тогаш Крушево го посети Диме Чакре кој беше еден од водачите на доброволцитте учесници во руско-турската војна. Таму тој се состана со поп Христо, Ицо Карев, Никола Ковачот и др. Тие решија да преземат мерки против несносната положба. За таа цел донесоа решение да ја прошират заверата по селата, да собираат пари за купување оружје и да создадат вооружени чети, за да ги казнуваат мачителите на народот. Тие се поврзаа со месните ајдути и со заверенечкиот кружок во Охрид. Постепено заверата се прошири од Прилеп и Битола до Охрид и Кичево, така што опфати доста голем дел од Западна Македонија.

Како нејзин центар служеа и Демирхисарските планини. Заверениците се поврзаа со рускиот конзул во Битола Њага и се трудеа преку него да се снабдат со оружје и муниција. Њага ги охрабруваше заверениците. Тие агитираа меѓу народот дека во подготвуваната борба ќе бидат помогнати од Русија и Србија.

Поврзувањето на крушевскиот со охридскиот кружок се оствари во 1897 година. Кружокот во Охрид го сочинуваа неколку трговци и учители, меѓу кои беа Зафир Белев, Ангел Спространов, Коста Лимончев, К. Блажев, Д-р Константин Робев, К. Манолов и др. Членовите на овие два кружока одржаа и заеднички состаноци, на кои решија: да продолжат акциите за

проширување на заверата, да се набавува оружје, да се бара помош од рускиот конзул и да започне истребувањето на турските и другите мачители и пљачкаши на народот. Во периодот 1880-1881 беа ликвидирани повеќе такви насилници, така што народот за извесно време се ослободи од нивните злодела.

Такви акции беа изведени, на пример, во горниот тек на реката Треска. Селаните од село Лупште, Кичевско, кои многу страдаа од пљачкачките банди, бараа заштита од властите, но бидејќи не ја добија, се побунија и создадоа свои вооружени чети под команда на браќата Стеван и Кузман Петревски. Со нив се солидализираа и многу околни села. Со помошта на оружјето, побунетите селани ги прогонија од своите места пљачкашите и убијците и до извесна мера им откажаа послушност на власта. Тие решија сами да се управуваат. На властите им јавија дека тие самите ќе ги собираат и ќе им ги доставуваат даноците во Кичево. Во почетокот властите ја признаа оваа ситуација, но потоа постепено ја ликвидираа. Со мамка го заторија и го отруја раководителот Стефан. По една година, разбојничките банди ги изгореа селото и луѓето во нивните куќи.

Вооружени македонски чети дејствуваа и во други области. Заверениците работеа доста успешно, но и турските власти презедоа строги мерки и пролетта 1880 година успеаја да ја откријат и ликвидираат заверата. Во тоа им помогна и предавничката улога на грчкиот игумен на манастирот Слепче – Демирхисарско, каде што заверениците се состануваа. Неколку десетици луѓе-раководители и учесници на заверата-беа уапсени и фрлени во затвор. Во април 1881 година, поради предавство, беше откриена и уништена во една куќа во Прилеп и четата на браќата Чакревци. И покрај неуспешниот крај на оваа завера, таа сепак претставува чекор напред во организирањето општо македонско револуционерно движење.

Зборувајќи за настаните во Западна Македонија, треба да ја спомнеме и соработката на нашиот народ со нашите соседи – Албанците, кои во тоа време, исто така, се раздвижија и водеа борба за слобода и национални права.Во таа борба раководна улога играше “Албанската лига”. Се смета дека Исај Радев

Мажовски од Лазарополе, беше македонски претставник во “Албанската лига” и од порано работеше за македонско-албанско зближување и соработка. Тој беше приврзаник на идејата за самостојна Македонија и независна Албанија. Еден од изразите на албанско-македонската соработка беше заедничката акција на Албанци и Македонци за отстранувањето на кајмакамот во Дебар во 1881 година. Имаше и други такви акции, но со истовременото ликвидирање на заверата во Западна Македонија и на “Албанската лига”, тие беа превремено задушени, но пак беа обновени во наредниот период и особено по 1885 година, кога беше создадена “Македонско-албанската револуционерна лига”.

Во 1887 година “Македонско-албанската револуционерна лига” издаде апел, со кој ги канеше Албанците да се вкулчат во нејзините редови за заедничка ослободителна борба. Таа работеше за обединување на Македонци и Албанци, со цел да се извојува посебна автономија за двете земји – Македонија и Албанија. Во тој апел, меѓу другото, се вели: “Ние не сакаме Албанија и Македонија да паднат од власта ни на Бугарија, ни на Србија, ни на Грција. Ние сакаме на Македонија и на Албанија да им се даде автономија...” Овој апел меѓу Албанците го ширеше споменатиот Мажовски. Лигата предвидуваше да се дигне заедничко востание, но поради разни причини овие планови и напори не дадоа повидливи резултати.

# СТРАНСКИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО МАКЕДОНИЈА И ОТПОРОТ ПРОТИВ НИВ

Како што видовме, уште за време на источната криза и особено по неа, странските пропаганди во Македонија, пред се бугарската грчката и српската, ја засилија својата непријателска дејност како никогаш пред тоа. Тие му направија на македонскиот народ големи штети и го кочеа развитокот на неговите борби за национално и социјално ослободување.

Како најстара пропаганда во Македонија се јавува големогрчката пропаганда, спроведувана и раководена од грчката Патријаршија во Цариград. Таа имаше цел да работи за реализирањето на "мегали идеја" ("голема идеја"), т.е. за обновување на Византија и во рамките на тоа за заграбување на Македонија. Од редовите на грчката буржоазија како најистакнати агитатори и финансиери на големогрчката пропаганда беа големотрговските семејства Скулудис, Зафирис, Карапанос, Зографос и др., кои живееја во Цариград и други градови. Тие, покрај тоа што уживаа привилегии од турските власти, во втората половина на 19 век беа истиснати од странскиот капитал и принудени да се приберат во Атина. Сакајќи да си ги повратат поранешните позиции и богатства, тие уште повеќе ја активизираа големогрчката пропаганда. Давајќи за таа цел одредени суми пари и претставувајќи се како "добродетели" добиваа од грчките влади разни привилегии, кои им овозможуваа да остварат големи богатства и да се здобијат со министерски и претседателски функции.

По создавањето на грчката држава, раководството на големогрчката пропаганда постепено преминува во нејзини раце, така што Патријаршијата стана нејзин орган. Кон крајот на 19 и во почетокот на 20 век, дури и митрополитите беа назначувани според укажувања на атинските влади. Во спроведувањето и раководењето на големогрчката пропаганда беа ангажирани неколку атински министерства, а пред се Министерството за надворешни работи, кое дејствуваше во Македонија преку грчките конзули, од кои првиот беше назначен во Солун уште во 1835 година. Заради пропагандни цели, грчките влади во договор со Портата во почетокот на 20

век го зголемија бројот на своите конзулати и нивниот персонал до максимум. Такви имаше во Солун, Битола, Скопје, Серес и Кавала. Одделни конзулски службеници ја раководеа и контролираа работата на грчките училишта, општини, цркви и др.

Грчките влади во Македонија дејствуваа и преку разни друштва (силогоси). од кои најзначајни беа: “Образовното друштво” (основано во Атина во 1836) и “Друштвото за ширење на грчката писменост”, формирано според инструкции на грчката влада во 1869 година. Тоа се финансираше од државната каса. Во 1891 година, на пр., тоа доби од владата 400.000 драхми. Истата година грчката влада даде за финансирањето на големогрчката пропаганда околу 790.000 драхми.

Како резултат на засилената дејност на големогрчката пропаганда, бројот на грчките училишта растеше скоро секоја година. Во 1877 година во Солунскиот и Битолскиот вилает имаше 256 училишта со 10.968 ученици. За нецели десет години (1896), тие бројки се покачија на 907 училишта со 53.633 ученици. Во наредните години овие бројки пораснаа (до 1902) само за неколку десетици, а потоа стагнираа.

Овие податоци, кои не се точни, им служеа на големогрчката пропаганда во докажувањето на тоа дека Македонија е “грчка земја”, оти Македонците се “гркогласни Грци” итн. За истата цел големогрчката пропаганда, имено “Друштвото за ширење на грчката писменост” и други собираа и исфабрикуваа разни лажни етнографски и бројни податоци за населението во Македонија. Тие им беа ставени на располагање на некои странски автори на книги, или карти, во кои се бранеа големогрчките завојувачки стремежи и акции во Македонија. Во нив и во некои грчки карти и книги, грчките заграбувачки претензии стигнаа до Качаник, Ќустендил и погоре, а оттаму до Црно Море. Тие ја претставуваа т.н. максимална програма на “мегали идеја” која настојчиво ја пропагираа грчките друштва, Патријаршијата, повеќе банкари, големотрговци и др. Со неа се согласуваа и грчките влади, но тие или некои од нив, имаа и една друга, т.н. минимална програма, формулирана од Х.

Трикупис, кој како министер за надворешни работи во 1866 година ја нафрли идејата за поделба на Македонија.

Според оваа програма, Грција ја бараше т.н. “Историска Македонија”, чии северни граници беа одредени со линијата, која тргнуваше од Родопите и реката Места, минуваше северно од Неврокоп – Струмица и Демир Хисар – Прилеп – Крушево – Охрид и низ Албанија завршуваше во Јадранското Море. Врз база на оваа програма, грчките влади повеќепати водеа преговори со српските влади за поделба на Македонија на влијателни сфери, но не беше постигната (до 1912) согласност, зашто и големосрпските претензии беа големи.

Големосрпската пропаганда во Македонија поизразито се појави по 1868 година, но извесни нејзини идеолошки начела беа поставени уште во 1844 година, во т.н. “Начертание” на Илија Гарашанин, во кое се вели дека кнежевство Србија треба да се грижи и за приклучувањето на Македонија кон Србија.

Во 1868 година, според директиви на српската влада, беше основан во Белград “Просветен одбор”, кој се зафати со отворањето српски училишта во Македонија. До 1873 година, тој отвори 61 училиште. Во 1877 година, се формира т.н. Главен одбор под претседателството на архимандритот Сава. Овој Одбор работеше за приклучувањето на Македонија кон кнежевство Србија. За таа цел организаторите и агитаторите на големосрпската пропаганда од типот на Ј. Драгашевиќ, П. Сречковиќ, М. Милоевиќ и др. работеа за создавање “Велика Србија” и ги “докажуваа” српските права во Македонија.

И други големосрпски политиканти се занимаваа со овие работи, а според В. Kариќ “најголемиот дел од нив полудеа за Душановото царство”. Во служба на големосрпската пропаганда во Македонија се ставија и некои научници и писатели, како Ст. Новаковиќ, Ст. Станојевиќ, Д. Јовановиќ, Ст. Гопчевиќ, Ј. Цвијиќ и др. Тие изнапишаа купови хартија за да ги оправдаат завојувачките стремежи и акции на големосрпската буржоазија во Македонија.

Во акциите за освојување на Македонија големосрпските владеачки кругови беа поттикнувани од Австро-Унгарија, која по склучувањето на тајниот српско-австриски договор од 1881 год. понастојчиво ја насочуваше српската политика кон Македонија со цел да го одврати вниманието на Србија од Босна и Херцеговина и од Србите во Австро-Унгарија. Освен тоа, Виена сметаше дека пропагандите на Србија, Грција и Бугарија во Македонија ќе предизвикаат такви мешаници, што таа ќе ги искористи да навлезе самата во Македонија.

Во периодот по 1881 година, српската влада, поттикнувана од Виена и од засилувањето на големобугарската и големогрчката пропаганда, презеде низа акции и мерки за да ја засили својата пропаганда во Македонија. За таа цел таа работеше за назначување српски владици во Скопје, Прилеп, Дебар, Велес, Битола и Охрид. При остварувањето на овие барања, српската влада соработуваше со грчката Патријаршија и со турските власти. Истовремено, таа ги зголеми паричните суми дадени за пропаганда. Во спроведувањето на големосрпската пропаганда беа ангажирани разни органи. Од 1886 година, на пример, во нејзина служба беше ставено белградското друштво “Свети Сава”, кое дејствуваше меѓу македонските печалбари во Србија, отвораше српски училишта во Македонија, ширеше разни пропагандни публикации итн.

За засилувањето и проширувањето на големосрпската пропаганда, големо значење имаше дејноста на српскиот пратеник во Цариград Стојан Новаковиќ. Тој успеа да добие дозволи од Портата за назначување српски конзули во Солун, Скопје (1887) и во Битола (1888). По изградувањето на железницата Скопје – Врање (1888), големосрпската пропаганда започна да испраќа во Македонија не само учители, туку и книжари, лекари, трговци и разни други агитатори, кои беа дадени во нејзини служби.

Во 1890 година, беше реорганизирано ценралното раководство на големосрпската пропаганда. Дотогашното раководно тело – Одделението за училишта и цркви на Министерството за просвета беше заменето со Политичко-просветното одделение на српското Министерство за надворешни работи, во чие

располагање беше еден советодавен одбор, составен од три члена. Паричните средства се покачија од 200.000 во 1890 на 300.000 динари во 1891 година. Спроведувањето на пропагандата во теренот на Македонија место српскиот пратеник во Цариград, го раководеше српскиот генерален конзул во Скопје, а во Битолскиот и Солунскиот вилает српските конзули во Битола и Солун. Потоа, во Скопје беше назначен за српски митрополит Фирмилијан. Во Велешко-Дебарската епархија големосрпската пропаганда имаше српски архиерејски наменсник, а во неколку црковно-училишни општини српски попови итн. Српските митрополити и свештеници во Македонија ја признаваа грчката Патријарија, но работеа за големосрпската пропаганда.

Најсилен соперник на големогрчката и големосрпската пропаганда во Македонија беше големобугарската пропаганда, која во последните децении на 19 век имаше пуштено најжилави корени и беше најраспространета. Таа започна да дејствува уште пред создавањето на Егзархијата (1870). Нејзините почетоци појасно ги согледуваме во акциите на бугарската буржоазија и на нејзините претставници во Цариград, групирани околу П. Р. Славејков. Тие уште тогаш дејствуваа со разни средства за задушување на нашето самостојно македонско движење. Тие презедоа повеќе акции против македонските учебникари, воведување на македонскиот јазик во училиштата, против обновувањето на Охридската архиепископија и др.

По 1870, и особено по формирањето на бугарското кнежевство, Егзархијата стана главен спроведувач на големобугарските завојувачки и асимилаторски планови и акции во Македонија. Големобугарската пропаганда преку неа си ги потчини училиштата и црковно-училишните општини и ги прогонуваше сите projави на македонската национална свест и самостојност. Во 1897 година, во тие акции беа вклучени и бугарските трговски агентства (еден вид конзулати) во Солун, Битола и Скопје, кои покрај егзархиските митрополии, станаа раководни центри на големобугарската пропаганда, која со сите средства и особено преку училиштата и црквата всадуваше бугарската национална свест и “докажуваше” дека Македонците беа божем

Бугари. Така таа подготвуваше терен за приклучување на Македонија кон Бугарија.

Со цел да се засили и прошири бугарската пропаганда, според директивите на софиската влада и дворот, при Егзархијата беше создадна една просветна комисија (попечителство), која работеше под претседателство на егзархот и под контрола на бугарските дипломати. Таа комисија имаше специјална задача да се грижи за школската и просветната пропаганда, да ги држи под своја контрола училиштата и културно-просветната дејност во Македонија. За остварувањето на целите и задачите на големобугарската пропаганда, софиските влади секоја година даваа се повеќе парични средства. Во 1881 тие дадоа 100.000 лева, во 1883 околу 575.000 лева, а во 1890 година 5,5000.000 француски франкови. Се смета дека големобугарската пропаганда во Македонија располагаше со најголеми финансиски средства.

Како резултат на сето тоа, бројот на егзархиските училишта растеше секоја година. Во 1886 година Егзархијата располагаше во Македонија со 306, а во 1888/1889 со 748 основни и 63 класни училишта. Посебна грижа таа водеше за машката и женската гимназија во Солун, за учителските школи во Скопје и Серес, за Богословијата во Охрид итн. Големобугарската пропаганда, исто како и другите, вложуваше големи напори со цел учителскиот и свештеничкиот кадар да го регрутира и воспита од редовите на македонската младина, за да може полесно да дејствува и да ги прикрива своите противмакедонски акции. Како резултат на тоа, извесен број воспитаници на бугарските училишта станаа агенти на големобугарската пропаганда и агитираа за “Санстефанска Бугарија”, т.е. за приклучување на Македонија кон Бугарија. Такви агенти создадоа и грчката и српската пропаганда.

Големобугарската пропаганда дејствуваше и преку некои македонски емигрантски друштва во Бугарија, кои по потреба на бугарските владеачки кругови организираа разни митинзи и манифестации, или пак испраќаа во Македонија вооружени чети, со цел да дигаат шум или “востанија” (1895, 1902). Но големобугарската пропаганда наоѓаше и на отпор кај

македонската емиграција. Меѓу нашите прогресивни емигранти имаше една групација предводена од Димитар Благоев, Спиро Гулапчев и др., која беше против приклучувањето на Македонија кон Бугарија и предлагаше македонското прашање да се реши во рамките на една балканска федерација, во која македонскиот народ доброволно би се изјаснил за својата судбина.

Отпорот на македонскиот народ против странските пропаганди датира оттогаш кога тие започнаа да дејствуваат во Македонија. Во почетокот тој беше пасивен, но постепено станувaше се поактивен и прерасна во отворени судири и секојдневна борба. Познат е, на пример, отпорот на народот прво против грчкиот јазик и Патријаршијата, а подоцна и против воведувањето на бугарскиот и српскиот јазик во македонските училишта и против Егзархијата, кои служеа како средства за асимилација и потчинување.Во рамките на тој отпор настана судирот меѓу македонските учебникари и големобугарската пропаганда, со која се судрија нашите луѓе наречени македонски “сепаратисти” и други. Во борбата против Патријаршијата загинаа македонските преродбеници браќата Димитар и Костадин Миладиновци.

Егзархијата и Патријаршијата заеднички истапуваше против католичката и унијатската пропаганда, која, исто така, вршеше расцеп меѓу народот, но за разлика од другите пропаганди, во извесни моменти, го помагаше движењето за обновување на Охридската архиепископија во рамките на Римската црква. Така, на пример, во 1892 година, Скопскиот митрополит Теодосиј со помошта на унијатските мисионери и австро-унгарскиот конзул во Скопје, покрена една значајна акција за обновување на Охридската архиепископија, која би ги опфатила сите македонски области и би уживала големи автономни права. Поради интервенцијата на Егзархијата, која го затвори Теодосија и поради несогласувањата меѓу Австро-Унгарија и Франција, акцијата пропадна.

Во борбата против пропагандите и во македонската национална преродба значајна улога одигра Ѓорѓи Пулевски од Галичник. Тој се бореше против бугаризирањето на македонските

училишта и против истиснувањето на македонскиот јазик од страна на пропагандите. Во рамките на таа борба, тој напиша на македонски јазик два речника, македонска граматика, една македонска историја, и др. Во нив тој, меѓу другото, ги просветуваше нашите луѓе дека се Македонци, дека нашата татковина е Македонија. За подобро ширење на своите идеи, Ѓорѓи Пулевски ја создаде во 1888 година “Словено-македонската книжовна дружина”.

Егзархијата, како и Патријаршијата и другите органи на пропагандите, уште по своето создавање правеше се за да го сосредоточи во свои раце раководењето на општествениот живот и да ја уништи самобитноста на македонскиот народ. Тоа предизвика голем отпор. Особено младината и еснафите даваа силен отпор, кој големобугарската пропаганда се труди да го затаи. Во Солунската гимназија овој отпор прерасна во судир меѓу македонските и бугарските професори. Егзархијата ги изгони и ги прогонуваше македонските професори и учители, кои на кој и да е начин и се спротивставуваа на големобугарската пропаганда. Во Солунската гимназија избувнаа и првите ученички бунтови, поради кои беа исклучени од неа 14 ученици. Меѓу нив беше Ѓорче Петров, Пере Тошев и др.

Во друг ученички бунт, кој избувна исто така во Солунската гимназија, учениците бараа да се воведе во наставата македонскиот јазик. За тоа беа исклучени 19 ученици. Такви бунтови имаше во егзархиските средни училишта во Битола и во Скопје. Ова движење против Егзархијата, односно против големобугарската пропаганда, според зборовите на Ѓорче Петров, “неосетно се прероди во револуционерно движење. Отпрвин во револуционерното дело неосетно први и главно учество зедоа истите луѓе, што ја водеа борбата против Егзархијата”.

Во борбата против големобугарската пропаганда голема улога одигра т.н. македонски “сепаратисти” и пред се “Младата македонска книжевна дружина”, која под раководство на Петар Поп Арсов, Ѓорѓи Балашчев, Иван Хаџи Николов и др. го издаваа (1892) на македонски јазик списанието “Лоза”.

Нејзините членови се познати како лозари. Тие работаа за создавање македонски книжовен јазик и за неговото воведување во општествениот живот. Тие се трудеа да ги сплотат во своите редови сите нивни сомисленици, со цел да работат во Македонија за подготвување терен за револуционерно движење. Нивните напори за создавање македонски книжовен јазик беа продолжени и усовршени од Крсте Мисирков, кој студираше во Русија и во 1903 година ја издаде многу значајната книга “За македонцките работи”, со што ги положи темелите на македонскиот литературен јазик.

Споменатото  македонско национално движење, неговите раководители и нивните весници, списанија и книги беа прогонувани и забранувани од големобугарската пропаганда.

## МАКЕДОНИЈА ОД 1893 ДО 1903 ГОДИНА (Д-р Крсте Битоски)

# СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Темелите на онаа организирана сила, која требаше да ги канализира, обедини и раководи борбите на македонскиот народ за слобода, беа ставени во 1893 година, во Солун. Првите основачи на Организацијата, наречена Тајна македонско-одринска револуционерна организација, беа Даме Груев од село Смилево, Битолско, Д-р Христо Татарчев од Ресен, Петар Попарсов од с. Богомила, Андон Димитров од село Ајватово, Солунско, Иван Х. Николов, книжар во Солун, од Кукуш и Христо Батанџиев од Гуменџе. Од истите овие членови беше формиран и првиот Централен комитет (ЦК) на Организацијата со претседател Д-р Татарчев, а секретар – касиер Даме Груев.

По решавањето на неопходните организациони проблеми, Организацијата започна да се шири. Тоа ја наложи потребата од свикувањето пошироко советување, на кое би учествувале не само основачите, туку и други револуционери. Како повод за еден таков собир послужи осветувањето на една ресенска црква летото 1894 година. Покрај Даме и Татарчев, на тој собир присуствуваа и Пере Тошев, Анастас Лозанчев, Александар Чакаров и други. Ресенскиот состанок, кој од Христо Татарчев е наречен “Прв револуционерен конгрес”, всушност беше продолжеток на состаноците одржани во Солун, а чија основна задача беше изградување и проширување на Револуционерната организација и одредување на нејзините цели.

Првите основачи на Тајната македоно-одринска револуционерна организација (во натамошниот текст Внатрешна македонска револуционерна организација, или Внатрешната организација,) по своите политики сфаќања и припаѓаа на прогресивната интелегенција и ги изразува стремежите на ситно-буржоаските слоеви во Македонија. Во прво време тие немаа јасна претстава ниту за карактерот ниту за целите на Организацијата, што ја создаваа. Тоа се гледа и од првиот Устав, донесен, веројатно, во почетокот на 1894 година,

а и од искажувањата на Дамета, Татарчева и други. И покрај тоа, Организацијата постепено но сигурно се ширеше.

Даме Груев не беше само еден од иницијаторите за формирањето на Внатрешната организација туку тој беше и прв кој почна да ја шири мрежата на Организацијата во Македонија. Во Солун, Штип, Кавадарци, Прилеп, Битола и другите поголеми градови започнаа да никнуваат револуционерни комитети во кои влегуваа потесен круг луѓе и тоа исклучиво од средината на трговците и учителите. Значи, почетниот период од дејноста на Организацијата се карактеризира по тоа што таа беше чисто градска Организација, која ги опфаќаше главно синовите на трговски семејства и учители.

# ВТОРИОТ УСТАВ НА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

1896 година претставува гранична етапа во ослободителното движење на македонкиот народ. Есента 1894 година во Ново Село – Штипско, каде што беше учител Даме Груев, пристигна и Гоце Делчев. Со пристигнувањето на Гоцета во Македонија, се измени и карактерот на организационата дејност и социјалниот состав на членството, кое стапуваше во редовите на Организацијата. Во Ново Село беа создадени повеќе групи од средината на бедното население, се засили револуционерната агитација и сл. Гоце, заедно со Туше Делииванов ја прошири организационата мража и во Дојранско, Гевгелиско, Кукушко и на други места. На другата страна од Македонија, во Битолскиот вилает, Ѓорче Петров и Пере Тошев, исто така, ја ширеа Организацијата и тоа и надвор од градот, по селата.

Тоа проширување на Организацијата, во простор и состав, ја наложи потребата од свикувањето поширок конгрес, кој ќе даде нова организациона форма и ќе изработи јасна политичка програма на Внатрешната организација. Тој поширок конгрес се одржа во Солун, летото 1896 година. На него за првпат присуствуваа највидните раководители на Револуционерната организација како Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Даме Груев, Пере Тошев, Петар поп Арсов и други. Покрај другото на овој конгрес, по опстојните дискусии, беше решено проектуставот на Организацијата да го изработат Гоце и Ѓорче. Решението да им се наложи на Гоце и Ѓорче да го напишат уставот на Организацијата има големо значење. Имено со тоа конгресот признаваше дека овие двајца револуционери најдобро ја познаваат ситуацијата во Македонија и можеа најточно да ги изразат стремежите на поробениот народ за слобода.

Во Уставот, напишан од Гоцета и Ѓорчета, кој инаку е познат како втор Устав на Организацијата, дефинитивно и наполно јасно беа формулирани целите и задачите на Организацијата. Со стапувањето во сила на овој Устав, започна нов период, од некои наречен период на Гоцевата Внатрешна македонска револуционерна организација. Еве ја содржината на еден дел од

Уставот, за чие реализирање се бореа и умираа најдобрите синови на македонскиот народ:

# УСТАВ НА ТАЈНАТА МАКЕДОНСКО-ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Глава I
Цел

Член 1. – Тајната македонско-одринска револуционерна организација има цел да ги обедини сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување, преку револуција, полна политичка автономија за тие две области.

Член 2. – За постигање на таа цел, Организацијата се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди и националните караници, кои го разединуваат и го обесилуваат македонското и одринското население во неговата борба против заедничкиот непријател, работи на внесување револуционерен дух и сознание меѓу населението и ги употребува сите средства и усилби за побрзо и благовремено вооружување на населението со се она што е неопходно за едно општо и заедничко востание.

(Извод од Уставот)

Како што се гледа од член 1 од Уставот, основна цел на Организацијата беше преку револуција да извојува полна политичка автономија на Македонија.

Поимот “Автономија”, како програмско барање на Македонското национално ослободително движење, беше толкуван различно. Некои сметаа (и сметаат) дека Организацијата, борејќи се за автономија, всушност се бореше за извесно самоуправување на Македонија во рамките на турската држава. Таквото толкување не одговара на социјално-економската содржина на ослободителното движење, кое, предизвикано од дадената политичко-економска ситуација, не би можело ниту да се шири, ниту да фати корења меѓу народот, ако не се стремеше кон уништување на султанската господаречка система и на се она што беше гнило и што го пречеше натамошниот развиток на производните сили и односи. А една автономна Македонија во рамките на Турската

империја не значеше ликвидирање на чифлигарскиот систем, не значеше давање земјата на оние што ја обработуваат, со други зборови не значеше целосна слобода. Според тоа, Организацијата и поробениот народ не се бореа за таква автономија, туку за полна политичка автономија, во која султанскиот апсолутизам не би бил во состојба да го пречи уништувањето на омразениот и коруптиран државен апарат и изградбата на нов и не би можел да го пречи ослободувањето на селаните од беговската зависност.

Борбата на Внатрешната организација за полна политичка автономија на Македонија ја вклучуваше во себе и борбата против стремежите на соседните држави за нејзино заграбување и распарчување. Бугарската буржоазија своите погледи ги имаше свртено кон цела Македонија, српската – кон Вардарската долина и Солун, а грчката буржоазија – кон поголемиот дел од Македонија.

За реализирање на тие аспирации владите на бугарското, грчкото и српското кралство развија интензивна националистичка и шовинистичка пропаганда меѓу македонското христијанско население. По таков начин тие не само што го пречеа историскиот процес на формирањето на македонската нација, туку го рушеа и единството на народот, без кое тешко можеше да се замисли успешна революционерна борба. Затоа, борбата на Организацијата против надворешните и туѓи пропаганди и влијанија беше неопходен предуслов за ослободување на македонскиот народ и создавање слободна македонска република. Затоа потребата од таква борба најде место и во Уставот на Организацијата.

Со Уставот од 1896 година беше дефинитивно потврдена и структурата на Организацијата. На чело на Организацијата стоеше Централен комитет, избиран според член 9, од околиските и окружните комитети, т.е. од Конгресот. Според тоа, Конгресот се јавуваше како највисок орган на Револуционерната организација. ЦК ја раководеше дејноста на Организацијата преку окружните раководни тела (комитети).

Беше создадено и посебно тело, т.н. Задгранично претставителство од 2-3 члена, кое ја преставуваше Организацијата во странство.

Окружните раководни тела (комитети) по директивите на ЦК ја раководеа работата на околиските раководни тела (комитети). Околиските комитети ја раководеа работата на градските и селските комитети. Некои поголеми околии, подоцна, беа разбиени во однос на раководењето на помали реони, односно маали, по градовите.

Селските раководни тела (комитети) ги раководеа групите по селата и беа најниските раководни органи на Организацијата.

Сите членови на Внатрешната организација беа организирани во групи (десетки) на чело со десетари.

# СОЗДАВАЊЕТО НА ВООРУЖЕНИ СИЛИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Многу важно место во структурата на Организацијата односно во целото национално ослободително движење на македонскиот народ, заземаа вооружените чети. Првите чети беа создадени од членови на Организацијата, кои мораа да преминат во илегалство, поради прогонување од страна на властите. Тие чети не беа постојани, но беа сврзани со одделни реони и избегаваа да се откријат и да стапат во борба со турската војска или полицијата. Меѓутоа, подоцна, по Винишката афера од 1897 година, ситуацијата се измени. Оттогаш брзо почна да се зголемува не само бројот на четите, туку и бројот на четниците. По винишката афера, кога организационата мрежа во овој дел од Македонија беше сериозно разнишена и револуционерната дејност речиси наполно замрена, четите изникнати на месна база како последица на турските жестокости или организирани на друго место, беа речиси единствени носители на организациониот живот. Нивната појава во селата го окуражуваше населението, тие помогнаа да се престан распрчканите сили на Организацијата, со еден збор тие помогнаа да оживи и одново да се активизира дејноста на месните комитети.

Уставот од 1896 година предвидуваше секој околиски револуционерен реон да организира своја чета, но дури кон крајот на 1898 година, откако веќе четите на дело беа формирани, Централниот комитет во Солун издаде директива од 14 точки, со која го озакони четничкиот институт и нареди да се формираат насекаде околиски чети на чело со војвода и секретар. Меѓутоа, дури кон крајот на 1900 година од Гоце и Ѓорче беше изработен правилник за четите. Во исто време, беа формирани и чети – школи, за подготвување војводи за околиските чети и друго. Такви беа четите на Михаил Попето, Христо Чернопеев и Марко Лерински (Георги Иванов).

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМИРАЊЕТО ТАЈНИ ЧЕТИ ВО ТРИТЕ ВИЛАЕТИ И ВО ОДРИН

I глава

Во секоја околија, било кога, се формира чета со револуционерна цел, и тие чети се сметаат за составни делови на целокупната организација. Овие чети, секоја во границите на својата каза, ќе преземаат тајни четувања, со знаење на соодветниот Местен комитет, а со оглед на потребите.

II глава

Член 1

Видејќи четите се делови од повисока целина, по време на своите четувања тие ќе го поучуваат населението за основната идеја, целта, должностите и содржината на статутот на целокупната организација.

Член 2

Во такви места, каде што е спроведена организацијата, четите ќе поработат на тоа да ги изградат членовите на оваа организација во сериозни првоборци за нацијата и да настојуваат да ги подготват нив за настаните, за чие учество организацијата им дава можност, и нив да ги поучува на послушност, како на главна задача. Во места каде што организацијата не е спроведена, но таа постои само во основни линии, четите ја спроведуваат оваа организација, и ова има да биде изведена на начин, што одговара на правилникот и на статутот! Четите го известуваат за своите претприемања соодветниот Околиски комитет и од него бараат објаснувања и наредби со случај на потреба.

Член 3

Со убедување на населението и со морално влијание врз духовите ќе ги поттикнат луѓето на доброволно вооружување.

III глава

Член 4

Со посилна поткрепа од околиските и селските комитети, четите ќе уредат полиција и тајни поштенски врски и освен тоа ќе подготват списоци на членовите од селските комитети, заедно со краткиот опис на нивниот живот. Накратко, тие ќе ги спроведуваат точно сите одредби од правилникот и досега неостварените одредби од него има да ги спроведат.

Правилникот има 45 члена во кои детално се одредуваат правата и задолженијата на четите.

Околиските чети играа многу значајна улога во ослободителното дело на македонскиот народ. Тие се занимаваа со агитационо – организаторска работа, ги обучуваа организираните членови да ракуваат со оружје, го помагаа снабдувањето на Организацијата со оружје, се бореа против разбојничките банди, ги извршуваа пресудите против предавниците и шпионите и друго.

Врвно место во формирањето и изградувањето на четничкиот институт му припаѓаше на Гоце Делчев. Гоце се сметаше за прв учител на четничките војводи и како прв легендарен четнички војвода. Љубовта што народот ја одгледуваше кон четите е овековечена во многубројни и разновидни песни. Еве една од тие песни:

Што ми е мило, мила мале, и драго,
Да ги гледам, мила мале, комитите,
Како носат, мила мале, капчињата,
Како солунските моми кавраците...
Како носат, мила мале, пелерините,
Како туркините, мила мале, фереџињата...
Како носат, мила мале, патрондашите,

Како кочанските моми коланите...
Како носат, мила мале, малихерите,
Како скопските моми чадрчињата...

Како носат, мила мале, револверите,
Како пиринските моми чапразите...
Како носат, мила мале, калцуните,
Како битолските моми чорапите

Четничкиот институт брзо се развиваше, така што неговата дејност ги мина рамките предвидени со Правилникот. Четите си присвоија повеќе и пошироки функции и си ги зголемија нивните права. Тие почнаа сами да ги решаваат сите појавени проблеми на теренот, почнаа да судат, да се занимаваат со проблеми од стопански и просветен карактер и слично. Улогата на четите толку порасна, што во доста околии тие фактички ги потиснаа на втор план околиските раководни тела и станаа центар на организационата дејност.

Дефинитивно, во предилинденскиот период, четите ја имаа следнава структура.

1) Ревизиона чета, обично една за цела Македонија.
2) Околиска чета – една за секоја околија.
3) Центрова чета – се формираше во поголеми околии за неколку соседни села и и беше потчинета на околиската чета.
4) Селска чета – една за секое село, составена од селани – легални членови на Организацијата, кои се мобилизираа во случај на потреба, како на пример за давање помош на редовната чета или друго. Во некои околии селската чета, составена пошироко, се викаше селска милиција.

# РАСТЕЖ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

По т.н. детски период на Организацијата, кој траеше до 1896 година, доаѓа време на брзо растење и ширење на македонското револуционерно движење. Додека во првиот период основниот елемент кој ги пополнуваше редовите на Организацијата беше пред се градската интелигенција и еснафите, по 1896 година, во нејзините редови започнаа да навлегуваат масовно бедните селски маси. Брзо потоа Организацијата од предимно градска ќе се претвори во предимно селска. Селаните ќе бидат основната армија на македонското ослободително движење.

За еден релативно краток период до Илинденското востание беше создадена густа мрежа од револуционерни комитети и групи во сите градови и села. Насекаде се појавија револуционерни чети, земјата ја крстосуваа курири, Организацијата се снабдуваше со оружје, луѓето се вежбаа да ракуваат со него, накратко народот се подготвуваше за востание.

Во тие подготовки најбрзи чекори направи Битолскиот револуционерен округ, а значајна заслуга за тоа пак му припаѓа на Гоце Делчев. Имено, неговата позната обиколка низ Западна Македонија во 1901 година се смета за историска и во извесна мера претставуваше пресвртница во развитокот на ослободителното движење во овој крај. Таа обиколка на Делчев беше една од најдолгите и најплодни во неговиот револуционерен живот. Преку Кочанско, Малешевско, Радовишко, Тиквешко стигна во Прилепско и во Битола, каде што го посети Дамета во затворот, отиде во Леринско за да заврши во Костурската каза.

Гоце умееше брзо да се ориентира кон поважните потреби на дадената околија и се зафаќаше со решавањето на најболните проблеми. Во својата мисија се среќаваше со многу месни револуционери и посети многу села. "Во Кономлади Делчев им даде слобода на сите селани да се жалат пред него за се што има, за сите неволи дури и против четата, и се јавија сите селани: имаше дела за развод, за кражби, за расправии меѓу

жени...” – вели Славејко Арсов, еден од придружниците на Делчева. Сите дела беа решени беспристрасно. На крајот им се забрани на селаните да се судат на турските судови, се забранија кражбите, неморалот, пијанството и сл. Беше свикано и општо собрание на мажите, на кое зедоа клетва сите дотогаш неорганизирани. На таков или на сличен начин постапуваше Гоце по сите села што ги посетуваше. А посети доста села: Смрдеш, Д’мбени, Загоричани, Вишени и други во Коструско, Ракита (Кајларско), Екшису, Пателе, Острво и други. “По доаѓањето на Делчев (во Битолскиот револуционерен округ, б. м.) веднаш се почувствува засилување на револуционерниот живот во округот. Нарасна борбеното расположение и вооружувањето многу се засили...” – пишува Ѓорѓи Попхристов, еден од раководителите на овој округ.

Гоце во својата обиколка низ овие краишта беше придружуван од четата на познатиот војвода Марко Лерински.

# ТЕРОР НА ТУРСКИТЕ ВЛАСТИ

Растежот и бурниот развиток на револуционерното движење, и колку да се настојуваше, не можеше да остане наполно тајна за турските власти. Првото откривање стана во 1895 (според некои 1896) година во Битола. Властите случајно открија бомби во вреќи со ориз пренесувани од Штип во Битола од кираџијата Доне Стојанов (Дончо Штипјанчето). Дончо беше затворен во долап, во кој можеше само да се стои и беше изложен на страшни маки, но ништо не издаде. Неговото име, во Организацијата и меѓу народот, стана симбол на херојско држење пред непријателот. Восхитувањето од неговото примерно држење народот го воспеа во една од најубавите песни испеани за Илинденскиот период.

Случајот со Дончо мина без последици за Организацијата. Меѓутоа, почнувајќи од 1897 година, беа предизвикани многубројни провали (афери), кои многу штетно се одразуваа врз развитокот на ослободителното дело. Една од првите, што му нанесе најтежок удар на Организацијата беше Виничката афера, предизвикана кон крајот на 1897 година. Турската полиција, барајќи ги виновниците за убиството на еден богат Турчин во Виница, извршено од една пљачкашка банда дојдена од Бугарија, откри склад со оружје, кој и припаѓаше на Организацијата. Во врска со тоа, а преку терор и насилства, властите успеаја да ја откријат мрежата на Внатрешната организација во околиите: Кочанска, Штипска, Паланечка, Кумановска, Малешевска и Радовишка од Скопскиот револуционерен округ. Беа уапсени над 500 души, а околу 300 луѓе избегаа во Бугарија. Многу од уапсените беа жестоко мачени, од кои 5 души убиени, 5 умреа од мачењето, а 10 беа испратени во Малоазиската крепост Подрум Кале.

Виничката афера претставува крупен настан во историјата на револуционерното движење. Таа го открива пред турската владеачка класа и пред Европската јавност постоењето на едно внатрешно добро организирано конспиративно ослободително движење, а за раководителите и членовите на Организацијата таа претставуваше сериозно предупредување за тешкотиите и

опасностите на кои беше изложена претстојната ослободителна борба.

Турските власти, по Виничката афера, работеа системно за откривање на мрежата на Организацијата. Во тоа често и успеваа.

Секоја афера, повеќе или помалу, ги отвораше широко вратите на турските зандани за револуционерите, голташе поголем или помал број од најборбените сили на Организацијата, ја прекинуваше мрежата на нејзината конспирација и сл.

Просторот не ни дозволува да ги опишеме сите афери и нејзините тешки последици. Извесна претстава ќе се стекне ако се каже дека во петте години од Виница до Илинден, во секоја околија станаа по неколку провали. Во Струмичко, на пример, од 1897 до крајот на 1902 година, станаа пет провали со 740 уапсени и 240 мачени; во Костурско од септември 1899 до мај 1903 година станаа 14 провали предизвикани од убиства на Турци, предавства, судири на чети и др., при што околу 230 души беа мачени, околу 220 уапсени повеќе села опљачкани, изгорени итн. Најнегативни последици имаше познатата Иванчова афера.

Честите провали, му нанесуваа силен удар на ослободителното движење, но треба да се признае, дека во мегувреме тие придонесуваа за афирмирање на борбата на поробениот народ пред светската јавност и ја јакнеа неговата револуционерна отпорност.

# ПЛЕНУВАЊЕ НА МИС СТОН

Внатрешната организација, во својот развој, постојано се судираше, покрај другото, и со проблеми од финансиски карактер. Во прво време потребите на Организацијата се задоволуваа од средствата што ги даваа основачите и од членски влогови. Потоа се собираа доброволни прилози од побогатите граѓани. Во Кукуш, на пример, граѓаните собраа 320 турски лири помош и му ги предадоа на ЦК. Средства се прибираа и на разни други начини, основно ги даваше народот, но секогаш беа недоволни. Обидите преку пленувањето на богати Турци или истакнати странци да се изнуди и откуп, не успеваше. Исклучок во тоа прави случајот со американската мисионерка Мис Стон.

На 21.VIII.1901 година, Јане Сандански, на чело на една чета облечена во аскерска униформа, на патот меѓу Банско и Џумаја ја заплени Мис Стон со нејзината другарка Цилка. Од тоа Организацијата имаше двојна полза: 1) светскиот печат беше предизвикан да пишува за положбата во Македонија и да ја популаризира борбата за слобода и 2) беа добиени на име откуп за ослободувањето на Стон 14.000 турски лири, со кои можеше да се купи значително количество оружје.

Се разбира таа акција не беше ни најмалку лесна. Турските власти ги мобилизира сите можни сили, со цел што поскоро да се ликвидира аферата, која многу ја компромитира турската држава во светот. Од друга страна, агентите на бугарскиот двор – врховистите праќаа чети во Македонија со намера да ја одземат Мис Стон од Сандански. Така малата чета на Јане, прогонувана од турскиот аскер и врховистичките чети, беше принудена често да се сели по македонските планини. И покрај тоа, акцијата на Јанета заврши успешно.

# ЕКОНОМСКАТА И ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Како што веќе рековме, крајна цел на Внатрешната организација беше преку револуција да се извојува полна политичка автономија на Македонија. Но за постигнување на таа цел беше потребна долготрајна организациона и вооружена подготовка на населението. Се разбира, Организацијата во тој подготвителен период, не можеше да не води сметка за вонредно тешката положба во која се наоѓаше народот, одделно македонското село. Корените реформи можеа да се очекуваат по ослободувањето на Македонија, но дотогаш беше потребно да се направи нешто, односно да се води перманентна борба за делумно подобрување на положбата на жестоко експлоатираните и обесправени маси. Акциите на Организацијата во таа насока се изразуваа: 1) борба за заштита на селаните и нивниот имот од разни насилници, експлоататори, собирачи на десетокот и сл., и 2) борба за ослободување на селаните од несносната ангарија, за зголемување на платите на аргатите и момоците и сл.

Непосредни носители на економската политика на Организацијата беа четите. Дејноста на организационите чети за придобивањето и организирањето на македонските селани за револуционерна борба, обично беше тесно поврзана со акциите за подобрување на нивниот живот. Тоа беше така и затоа што агитацијата на четите можеше да има поголема вредност ако, по можност, биде придружена и од конкретни акции во интерес на угнетените. Значи, и самото придобивање и подготвување на масите за оружено востание ја тераше Организацијата да се јавува во улогата на заштитник на населението и на неговите интереси. Таквата политика на Организацијата, се разбира, произлегуваше и од самиот карактер на движењето, кое беше народно и кое се стремеше да ги реши проблемите на широките слоеви од македонскиот народ.

Во центарот на економската политика на револуционерната организација стоеше борбата против чифлигарството и воопшто против беговската експлоатација. Познатиот војвода Никола Петров – Русински во една опширна декларација, прочитана

пред неговите четници во јуни 1901 година, меѓу другото вели: “Неопходно е вие да се запознаете и со материјалната изградба, за која често ќе слушате од мене во селските организациони собранија, особено во селата заробени од некои големи властелини... за чии имоти утре Организацијата ќе рече: стој, тоа е на народот што ја работи таа земја. Вие сте само крлежи што ја пијат неговата крв. Работниот народ ќе стане владетел без да му даде ниту стотинка на довчерашниот господар...”

Интересни податоци за тоа како Внатрешната организација се бореше против беговската експлоатација ни остави и познатиот ресенски војвода Славејко Арсов: “Организацијата презеде мерки, вели Арсов, да се укине ангаријата и работењето во празнични денови. Им се забранува воопшто на нашите да им работат дури и со пари на Турците... Турците тоа го почувствува силно и сфатија дека тука се работи за некоја “ѓаволска работа”, дека Комитетот тука нешто чепка.”

Познато е дека лихварството беше едно од најголемите зла што ги упропастуваше бедните селани и граѓани. Организацијата се бореше и против тоа зло. Луѓето “гледајќи дека делото се труди да им помогне, пишува натаму Арсов, почнаа да се обраќаат кон четата со молба да им помогне и против некои експлоататори – граѓани, на пример лихвари и друго, за да се ослободат од економското поробување. Во таков случај четата им даваше упатства на пример, да не даваат повеќе од 20 проценти лихва (земале со 60% па дури и 100”)... на такви лихвари и трговци ние им јавивме... дека ќе одговараат пред нас, ако почнат да ги прогонуваат преку судови своите должници.”

Организацијата водеше интензивно борба и против даночната система, особено против зголасните собирачи на данокот десеток (ушур), се бореше и ги уништувала разбојничките банди што пљачкаа и сееја пустош, особено во Западна Македонија итн.

Целата економска политика на Организацијата мошне позитивно се изразуваше по материјалната положба на поробеното население. Покрај тоа, таа придонесе и за

револуционизирање на масите и нивно активно вклучување во борбата за национално и економско ослободување на македонскиот народ.

Внатрешната организација беше ставена во ситуација да се бори и против големата културна заостанатост на населението. И покрај тоа што, поради пропагандни цели, во многу македонски села и градови Грчката патријаршија и Бугарската егзархија имаа отворано училишта, неписменоста, особено по селата, беше огромна. Меѓу населението царуваа разни суеверја, штетни обичаи и традиции. Таквото културно ниво, таа примитивна положба во која се наоѓаше пред се нашето село, не беше штетна само за интересите на народот, туку негативно се одразуваше и на правилниот тек на ослободителното дело. Организацијата не можеше да ја толерира таа положба и беше принудена да се меша и да се бори, во границите на можностите, да придонесе во општокултурното издигнување на масите.

Како што веќе спомнавме, поголемиот дел од нашиот народ, кој порано ја признаваше религиозната власт на грчката патријаршија, во времето на револуционерниот период ја признаваше веќе бугарската егзархија, која, поради словенскиот карактер, му беше поблиска отколку грчката црква. Според тоа, поголемиот број од црквите и училиштата во Македонија се наоѓаше во рацете на Егзархијата, која преку нив спроведувала националистичка – големобугарска дејност. Од таквата политика на Егзархијата кон Македонија беше условена и нејзината политика кон Револуционерната организација, која, борејќи се за “полната политичка автономија” ги засегнуваше создадените интереси во Македонија на големобугарската, големогрчката и големосрпската буржоазија.

Односот на Бугарската егзархија кон Организацијата во основа беше непријателски. “Дејноста на Егзархијата по својата длабока сушност беше чисто врховистичка – констатира еден автор. Егзархиските органи, изразувајќи ги настроенијата на чорбаџиските и заможните буржоаски елементи, беа наполно лојални во однос на турските власти, а го projавуваа јавно своето непријателство кон Внатрешната организација.”

Таквиот став на Егзархијата кон Револуционерната организација всушност беше во полза на турските власти. Тоа го констатира и еден весник од 1899 година, кој, меѓу другото-пишуваше: “Владиците, рамнодушни набљудувачи на страдањата што нивното паство ги поднесува од турскиот нож се јавуваат како потпора на тешкото турско владеење... Тие се глуви за болките и стенкањата што излегуваа од измачената душа на тој народ...”

Штом се знае тоа лесно ќе може да се сфати зошто Егзархијата ги прогонуваше прогресивните учители меѓу кои и Гоце Делчев, Даме Груев, Пере Тошев и многу други учители – револуционери и раководители на Организацијата. Дури плашејќи се од вистинското народно просветно дело во Македонија и од самите учители, Егзархијата некаде и го пречеше отварењето училишта по селата.

Поради сето тоа, културно-просветната политика на Организацијата пред се беше управена против таквата дејност на Егзархијата, а за ослободување на училиштата и црквите од конзервативното и штетното влијание на Егзархијата и Патријаршијата и сл. Со таа цел Организацијата се стремеше кон заземањето на црковно-училишните раководства во свои раце, кон отворање неделни училишта за возрасни и привлекувале за работа во училиштата прогресивни учители, кон отворање училишта таму каде што немаше такви и др. За постигнување на целта, Организацијата често беше принудувана да употребува застрашувања и сила. Карактеристичен во врска со тоа е случајот што го раскажува Русински: Охридскиот егзархиски владика не само што не сакаше да го усвои барањето на реонското раководство на Внатрешната организација за назначување некои учители што требало да ја шират Организацијата, туку лиши уште 14 села од дотогашните учители. Во ноември 1901 година, Русински со сила влезе во Митрополијата и со оружје в раце бараше од владиката да назначи учители во селата. “Не е ваша касата која ќе го издржува народниот учител. Народот вас ве издржува, а не вие него”. – му рече Русински на владиката.

Организацијата енергично се бореше против суеверјето, штетните традиции, развратот и друго. Славејко Арсов пишува како во Ресенско луѓето само бараа да се забрани употребата на некои излишни и скапи луксузни предмети во носијата: кадифе, коприна, срма, парични накити, црвенило, белило.

"Во црквите, пишува Арсов, се раздаваа многу излишни работи: јадење, со случај на мртовец, на задушница, на служба, на празнични денови; се колат овни и се готват манџи, вино, ракија и друго. Таму често се пијанеа и тие помени ("раздавања за душа") завршуваа со тепаници. Тој обичај го чинело не помалку од 10-15 гроша секое семејство, покрај тоа и пијанство и тепанции". Со една наредба на Организацијата, се беше сведено на разумна мера, што беше во интерес на самите селани.

Од искажувањата на редица современици и од документи се гледа, дека културно-просветната политика на Организацијата во најширока смисла на зборот даваше позитивни резултати и имаше големо значење во борбата против туѓите влијанија и штетните обичаи. Таа, како и економската политика, изигра значајна улога во издигнувањето на авторитетот на Внатрешната организација за привлекување на масите во нејзините редови и за превоспитување на населението, особено во селата.

# МАКЕДОНСКИТЕ СОЦИЈАЛИСТИ ВО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ

Бавниот разбој на капиталистичките производни и општествени односи во Турската империја го условуваше и развојот на работничкото класно движење во Македонија. Македонија во втората половина на XIX век одвај се наоѓаше во почетниот стадиум на капиталистичкиот развој. Индустријата само што почна да се развива. Поради тоа, работничката класа која се раѓаше, нормално, уште не беше осознаена за своите класни интереси и задачи. Меѓутоа, постепено ќе почне ширењето на социјалистичките идеи сред неа и ќе почне нејзиното организационо поврзување.

Првиот носител на социјалистичките идеи во Македонија, беше македонската економска емиграција, на прво место таа во Бугарија. Во Бугарија Васил Главинов, дрводелец, роден во Велес, во 1893 година формира Македонска работничка социјалистичка група, која својата социјалистичка просветна дејност ќе ја прошири и во Македонија. Во 1894 година Главинов во Велес формира читалиште, во кое се зачленија 65 души и кое претставуваше прво просветно работничко друштво во Македонија. Формирањето на тоа друштво всушност претставуваше почеток на организираното шерење на социјалистичките идеи во Македонија.

Македонската социјалистичка група изигра значајна улога во развитокот на национално-ослободителното движење на македонскиот народ. Таа го истакна принципот на самостојноста и незвисноста на ослободителното движење, фрлајќи ја паролата “За независна македонска република”. Органот на социјалистичката група “Революција” постојано укажуваше дека “македонскиот народ не треба и не може да очекува од никого ослободување, тој сам треба да се ослободи...” Се разбира, македонските социјалисти не само што не беа против помошта на прогресивната балканска јавност, туку неа ја сметаа за неопходна. “Освен што треба сите революционери на Полуостровот да го помогнат македонското движење, тие треба да поведат смела борба против сите шовинисти, кои сакаат присоединување на Македонија. Таа не

им припаѓа ниту на Бугари, ниту на Срби, ниту на Грци, туку припаѓа сама на себеси", се велеше во в. "Револуција".

Идеите на македонските социјалисти по однос на средствата и начинот на ослободувањето на Македонија извршија силно влијание врз изградбата на идејните основи на Организацијата. Тоа влијание се гледа пред се од Уставот од 1896 година, а и во други акти и акции на Револуционерната организација. Од 1900 година, кога македонските социјалисти директно беа вклучени во Организацијата, нивното влијание стана уште понепосредно, поконкретно и поблаготворно. Никола Карев, Русински, Веле Марков, Димо Хаџи Димов и редица други македонски социјалисти, раководители или борци во редовите на Револуционерната организација, се истакнаа како најдоследни изразители на стремежите на македонскиот народ за национална и социјална слобода.

Според тоа, со право може да се констатира дека прогресивните идејни основи на Внатрешната организација во голема мера беа резултат и на позитивното влијание на македонската социјалистичка група, чиј приврзаник беше самиот Гоце Делчев.

# ГОЛЕМОБУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА – ВРХОВИЗМОТ

Бугарската црковно-училишна пропаганда, за бугарските владеачки кругови претставуваше само едно средство во нивната политика на подготвување терен за завладување на Македонија во даден момент. За реализирање на таа крајна цел бугарските буржоаски влади исползуваа и други средства. Едно од тие средства беше т.н. Македонски врховен комитет во Софија.

Создавањето на Внатрешната организација, нејзиното релативно брзо ширење и манифестирање на антиегзархиско расположение, не им се допаѓаше на владеачките кругови во Софија. Тие особено беа незадоволни и огорчени од чисто внатрешно – македонската национална и социјална насока, која на Организацијата им ја даваше Гоце Делчев и неговите другари.

Од друга страна, бугарската влада осети потреба за еден инструмент, со чија помош би вршела притисок врз турската влада во интерес на големобугарската пропаганда во Македонија. Таков инструмент беше создаден во 1894 година, кој што подоцна беше наречен "Македонски комитет" на чело со Трајко Китанчев, со седиште во Софија. Тој всушност беше Македонскиот врховен комитет (ВК), кој во почетокот декларира дека целта му е да ја помага со оружје, пари и др. Организацијата.

Затоа, во прво време Комитетот не само што ја доби поткрепата на македонската емиграција во Бугарија, туку и самиот Гоце и Ѓорче се надеваа дека со негова помош ќе можат да ја снабдат Организацијата со повеќе средства, особено со оружје, кое и беше многу потребно. Меѓутоа, брзо на чело на Врховниот комитет застанаа луѓе (како ген. Николаев, Борис Сарафов, генерал Цончев и други), верни слуги на бугарскиот двор и буржоазија, со чија помош тие се стремеа да ја реализираат својата завојувачка политика кон Македонија. Најпрвен Китанчевиот комитет беше исползуван за вршење притисок врз турската влада за изнудување отстапки во интерес на

Егзархијата, односно во интерес на целокупната бугарска пропаганда во Македонија.

Со таква цел беше предизвикано т.н. "Мелничко востание" во 1895 година, кога чети, организирани и вооружени во Бугарија, на чело со бугарски офицери, меѓу кои важна личност беше Борис Сарафов, навлегоа во Источна Македонија и се судрија со турскиот аскер. Оваа оружена провокација и помогна на бугарската влада да извлече ветување од турската влада за спроведување некои мерки, кои во краен случај водеа кон засилување на големобугарската пропаганда во Македонија.

Резултатите од "Мелничкото востание" беа задоволителни за бугарскиот двор и влада. Покрај другото, со тоа тие постигнаа бугарската држава да се прикаже во Европа дека е таа која божем има право да се грижи за Македонија и за нејзиниот статут и оти во поставувањето и разгледувањето на македонското прашање треба да се води сметка за нејзините интереси. Се разбира, правото да се грижи за Македонија и за положбата на македонскиот народ бугарската влада сама си го присвои. Такво право си присвоија и грчките и српските буржоаски влади.

Натаму, особено по 1900 година, бугарската влада често бараше спроведување реформи во Македонија, односно применување на чл. 23 од Берлинскиот конгрес, но Портата не беше склона да ги прифати тие барања. Поради тоа, започнаа да се засилуваат врховистичките провокации во Македонија, а во септември 1902 беше прогласено т.н. "Горноџумајско востание". Оваа врховистичка провокација не ги дава очекуваните од бугарска страна резултати.

Последиците од врховистичките "востанија" во 1895 и 1902 година за населението во Мелничкиот и Горноџумајскиот крај беа мошне тешки: се засили теророт од страна на турските власти, убиства, палежи, плачкања и емиграции. "Востаниците" што доаѓаа од Бугарија по извршената "мисија" се враќаа пак назад без и најмалу да се грижат за штетните последици по народот од нивните акции.

Како што веќе спомнавме, Внатрешната организација, со својата наполно јасна формулирана цел за “полна политичка автономија”, најсериозно ги загрозуваше создадените интереси на соседните балкански монархии во Македонија. Затоа, грчката буржоазија нема да избира средства за да ја компромитира Организацијата, прогласувајќи ја за орудие на бугарската влада, за разбојничка, која божем се бори да го уништи грцизмот во Макеоднија и сл. Во основа непријателски став кон неа имаа и српските владеачки кругови.

Бугарскиот двор и боржуазијата пак имаа интерес и работеа на тоа Организацијата да се третира и во диплотматијата и во светската јавност како бугарска, но знаејќи дека таа е најопасен противник на нејзините аспирации кон Македонија, реши најрано од сите да и објави војна, со цел да биде потчинета или ликвидирана. Се разбира, носители на политиката за потчинување на Организацијата и нејзиното исползување за големобугарски цели беа врховистите. Врховниот комитет доби задача во борбата против Внатрешната организација да не избира никакви средства. Врховистите со клевети, интриги, лаги и други ниски средства се стремеа да ги компромитираат водачите на Организацијата и да ги одвојат од масите. Но кога се уверија дека таквата политика не ги дава саканите резултати, тие ги избраа оружјето и предавствата.

Започнаа да организираат вооружени чети, составени пред се од најниски елементи – разбојници, арамии, предавници – и да ги праќаат во Македонија да се борат против ослободителното дело. Еден од најпознатите разбојници кој беше исползуван од ВК беше Дончо Златков. За да ја осветли македонската емиграција во Бугарија во врска со антимакедонската политика на врховистите, Организацијата реши да го издава весникот “Дело”. Во “Дело” број 6 од февруари 1902 година, меѓу другото, го читаме и следново:

“Во Македонија навлезе една чета, која освен разбојнички намери, има цел да ја преземе и разбие Тајната револуционерна организација внатре. За постигнвување на првата цел сведочат грабежливите инстинкти на војводата – познатиот разбојник Дончо, а за реализирање на втората се ангажирани средствата и

помошта на онаа врховна квази македонска установа, која се реши по секоја цена да ја деморализира и изроди револуционерната борба на македонскиот роб до степен на една меѓусебна расправија преку која би можело само да се заграби командувањето на македонското движење. А последново е неопходно, зашто само по тој услов можат да се спроведат пеколните државнички планови на овој престапен триумвират, центарот на кој го држи дворот, (бугарски, б. м.) а двете крила му се владата и Врховниот комитет.

Разбојникот Дончо се јавува како орудие, преку кое тие планови се ставаат во исполнување. Главатарот на четата не е само разбојник, туку и пратеник на пашите (генералите) од Софија; но тие не се сами, зашто зад нив стои идниот крал на Македонија, а зад грбот на последниов Русија... Така се препорачува Дончо разбојникот, така тој агитира меѓу македонското население. Притоа тој го запишува бројот на оние на кои им треба оружје, им ветува манлихерки, ветува полкови на кнежевските војски па дури и руски дивизии... А кога и овие сугестии не помагаат, разбојничката банда на Донча прибегнува кон насилби, грабежи и убиства, кон разбојнички терор. И сето тоа со единствена цел да го натераат населението за да се откаже од своите раководители револуционери, да ги извлечкаат неговите потписи дека тоа не признава друг водач освен комитетот на пашите, зад кој стои кнезот, а зад него Русија...

Кој вистински патриот нема да се згрози на оваа гнасна деморализација; кое срце нема да се свие, гледајќи го ова оскрнавување вршено на измачените плеќи на петвековниот роб?! И тоа од кого? – Од едно жалосно орудие, кое одвај може да ја разбере улогата што ја игра во рацете на своите инспиратори.

Претставетеси ја за минута, драги читателе, атмосферата на таа измачена и многу страдна Македонија... Погледајте на тоа сосипано и испиено од страдања население, кое дава мили и драго за да биде готово во моментот кога ќе дојде последниот час на неговото искушение. Споменете си најпосле за оние смели, јуначки и решителни синови на Македонија, кои се

натоварија со благородната задача да го организираат прекипнатото негодување на робот, да ја подготват македонската револуција... Може ли при овие услови да станува збор за некаква милост или колебање? Револуционерното дело е свето, а револуционерната етика многу јасна. Луѓето што си го клале животот на карта за да и служат на револуцијата, не можат и не треба да допуштаат до своето дело грабачот што сака да го згази... Секое колебањ е престапно.

Македонските револуционери тоа го разбраа многу добро и уште подобро ја сфатија опасноста од секакво развлечување. На 22 јануари (1902 – б.м.) двете соединети чети на Тајната револуционерна организација, на број околу 24 души, нагазија на трагата од Дончовата банда со тврда намера да стават еднаш засекогаш точка на неговата престапна агитација. Нашите херои се запреа во едно петричко село за да дочекаат уште неколку од своите другари. Во тие места се наоѓаше и Дончо со своите 40 души следбеници. Преку своите шпиони, тој разбра за местото кадешто стојат овие што му ја готвеа горчливата чаша на заслужената пресуда... место да излезе гради со гради за да ја одбрани благородната кауза на своите вдахновители, тој претпочитува да изврши уште една подлост за да го спаси животот. Преку ниско шпионирање, тој им ја спротивставува на бестрашните борци турската потера, а самиот побегнува кон Малешевско. Ние нема да ја опишеме херојската борба на тој грст младинци против турската војска, ниту пак нивната ретка смелост, што го принуди противникот да отстапи. За тоа читателите ќе читаат подолу. Овде сакаме да ја одбележиме само едната страна на фактот. А таа ни покажува дека ние присуствуваме на првиот чин на една вештачки подбуцнувана меѓусебна борба, инспирирана од мистериозните но многу провидни намери на Врховниот македонски комитет. Таа покажува уште дека Македонија има достојни синови, кои се готови да го заштитат делото на револуцијата еднакво како од бесните налети на турските војски и полицијата, така и од јудинските бакнежи на своите патентирани спасители.

Значи борбата започна!

За борбата и смелоста на македонските револуционери во таа двофланговска нерамна борба, ние им го испраќаме својот најискрен поздрав. Македонија не би била достојна за слободата на својот народ ако нејзините пионири не можат да ја смачкаат главата на една хидра, која, обиколена овде од полицијата и пограничната војничка стража, ги протерга своите престапни раце кон македонските полиња; зашто тие многу убаво знаат дека овие безмилосни раце се испраскани со крвта на паднатите за кнежевската круна во 1895! Зашто тие многу добро се сеќаваат дека овие исти раце сакаат од крвта и пепелта на македонската револуција да ја кренат не слободата на робот, туку кралската круна на бугарскиот престол...

Борбата е започната и таа треба да биде доведена до својот крај. Среден пат нема. Разбивањето на пеколните планови на сите војнички гении на царедворци, ако сака да биде и преку труповите на нивните жалосни орудија – ете каде е крајот на таа борба. Македонските револуционери веќе стапија во таа борба и да го кажеме отворено, тие ги имаат и сите наши симпатии на своја страна. Не сме ние тие што ќе жалиме за последиците, ќе жалаат оние кои преку ками и терор го кренаа сегашниов комитет а исто така и оние кои преку своето престапно молчење продолжуваат да го помагаат...”

Водачите на Организацијата отпрвин се обидуваа со помошта на зборот да ги убедат четите испратени од Врховниот комитет дека нивното дело е антинародно и престапно. Но не успеаја во тоа, а и тешко можеа да се сретнат со врховистичките чети бидејќи тие системно ги избегаваа средбите со четите на Организацијата.

Основната агитација на врховистите во Македонија се состоеше во следново: Внатрешната организација, т.е. Македонците не можат сами да се ослободат, туку нив ќе ги ослободи бугарската армија; не треба да ги слушаат водачите на Организацијата, тие се “багабонти”, “коцкари” и сл.; треба што поскоро да се дигне востание за да може бугарската војска, помогната од руската, да се замеша и да ја ослободи Македонија итн. итн. Организацијата мораше да вложи посебни усилби за да ја сузбие таквата антиреволуционерна и

големобугарска агитација на Врховистите. Јане Сандански вели: "Планот беше да му се објасни на народот... во што се разликуваат врховистите од нас. Зборуваме дека тие се луѓе на дворецот (бугарски б. м.), дека сакаат да ги фатат чишките на Организацијата, за да можат да играат со делото... Зборуваме дека по наше мислење, востание може да се дигне само ако сите се подготвени, без да се надеваат на надворешно ветување..."

Антимакедонската дејност на врховистите предизвика редица судири меѓу нивните чети и четите на Организацијата. Сандански, на пример, неколку пати се судри со врховистичките чети на Дончо, Саракинов, капетан Стојанов. Дончо ја нападна четата на Сандански со цел да и ја одземе пленетата Мис Стон. Врховистите не само што ги издаваа на турските власти, туку правеа обиди и да отрујат чети на Организацијата.

Тоа што непријателот не можеше да го постигне со помошта на оружјето, го постигна на друг начин. Имено, со цел што поефикасно да го пречи револуционерното движење на македонскиот народ, Егзархијата во 1897 година формира сопствена организација во Солун т. н. "Благодетелно братство" (нешто подоцна преименувано во "Револуционерно братство"), составено од егзархиски кругови на чело со Бугаринот Иван Гарванов, проф. во Егзархиската гимназија во Солун. "Братството" реши да бидат убиени Даме, Пере и др. Тоа стапи во тесни врски со ВК во Софија, од каде што доби налог да се вклучи во Внатрешната организација. Тоа и стана во 1900 година со помошта на Матов, Татарчев и Х. Николов, без да бидат прашани Гоце, Ѓорче, Даме. Влегувањето на луѓето од "Братството" во Револуционерната организација се покажа фатално за нејзината иднина.

По апсењето на ЦК во Солун во јануари 1901 година, Гарванов стана член на ЦК на Организацијата. Членот на ЦК Хаџи Николов, под изговор дека и тој ќе биде уапсен, му ги предаде на Гарванов печатот, шифрата и врските на Организацијата и со тоа свесно или не изврши предавство кон револуционерното дело на својот народ. Двајца од тројцата членови на ЦК беа веќе врховисти. Така, ползувајќи ја ситуацијата кога речиси сите

повидни, легални раководители на Организацијата беа во затвор или на заточение, врховистичките агенти од Софија го презедоа врховниот орган на Организацијата – ЦК. Брзо потоа новите луѓе на ЦК решија да ги отстранат од задграничното претставителство Гоцета и Ѓорчета како најопасни противници на врховизмот, а Сарафов планираше и да ги убие. Гарванов му испрати на ВК во Софија пет бели бланка, со печат на Организацијата, за да им послужат како полномоштва на бугарските офицери, кои требаше да бидат испратени од ВК во Македонија за инструктори, со право да можат, ако треба, и востание да дигнат. Со влегувањето на Гарванов и неговите истомисленци во Централното раководство на Револуционерната организација, врховистите можеа без поголеми пречки да си ја наложуваат волјата и да работат за што поскоро дигање востание во Македонија.

# ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

## Солунскиот (јануарски) конгрес

По иницијатива на Гарванов, на 15, 16 и 17 јануари 1903 година во Солун беше свикан Конгрес на Организацијата, на кој присуствуваа 17 делегати кои не ги претставуваа рамномерно сите окрузи на Внатрешната организација. На Конгресот не присуствуваа многу видни револуционери, меѓу кои Гоце, Ѓорче, Сандански, П. Тошев. Во врска со тоа, Костурскиот војвода Пандо Кљашев пишува: “Конгресот... не беше окружен, ниту општ македонски конгрес, како што требаше да биде, туку беше Конгрес на неколку градски раководители и учители, слабо запознати одблизу со состојбата на работите. Од град Кукуш имаше еден претставник, од цело Битолско пак еден и тоа градски раководител”, А. Лозанчев. Серскиот делегат на Конгресот Лазар Димитров беше сосема во право кога тврдеше: “По својот состав Конгресот беше незаконит...” А и самиот ЦК со Гарванов беше нелегален, бидејќи од никого не беше избран.

И покрај тоа, Конгресот, по иницијатива на Гарванов, кој ги убедуваше делегатите дека ако се дигне востание ќе се замеша божем Европа и ќе му се дадат широки права на населението, реши пролетта 1903 година да се дигне востание.

Најголеми противници за дигање востание беа истакнатите македонски револуционери Гоце, Ѓорче, Јане и други. Тие сметаа дека Македонија уште не е готова за востание: револуционерната подготвеност на масите не беше доволна, народот не беше доволно вооружен, а и меѓународната ситуација, исто така, беше неповолна за востание. Нормално, тие беа за востание, но за подготвено востание.

Обидите на Гоце и некои други раководители со акции на теренот да го анулираат солунското решение за востание, не успеаја. Токму во тоа време, на 4 мај 1903 година, Гоце беше убиен од турскиот аскер во село Баница – Серско и со тоа ослободителното движење беше лишено од еден од најдоследните и најавторитетни борци за слободата на Македонија.

“Петнаесет часа, пишува Димо Хаџи Димов, учесник во борбата во Баница и соработник на Гоцета, Турците не смееја од нашите куршуми да се доближат до нашите убиени. Петнаесет часа ние го гледавме мртвиот Гоце, како да е наведнат врз гробот на Македонија. И петнаесет часа ни се кинеа срцата, зошто сирак оставаше цел еден народ”.

Заслугата што останките на Гоцета се запазени и денес се наоѓаат во слободниот дел на Македонија му припаѓа пред се на М. Чаков, кој и самиот се наоѓал во четата на Гуштанов која во Баница водела борба и бил убиен и самиот Гоце. По настаните во Баница командантот на турското одделение Тефиков, инаку другаро на Гоцета од военото училиште во Софија, наредил трупот на Делчев и Гуштанов да се испратат во Сер. Меѓутоа, по наредба од Солун, тие пак биле вратени и погребени во Баница, но одделно од другите трупови. Тоа всушност овозможило да се знае точно кај бил сохранет трупот на Гоцета. Чаков во 1906 година, доаѓајќи во овој дел на Македонија по револуционерна задача, решил (со Таската Серски) да го откопа гробот и да ги прибере останките на Делчева. Но за големо изненадување телото на Гоцета уште не било наполно “стопено”. Останките на Гуштанова му биле предадени на неговиот чичко, а поголемиот дел од гоцевите останки биле прибрани и предадени на дедо Никола Мутавчиев од Баница на чување. “Дедо Никола, му рекол Чаков, ќе направиш едно сандаче, ќе ги прибереш коските во него и, кога Господ спие, ноќта, ќе ги пренесеш и ќе ги ставиш под светиот престол на црквата. Змија јазикот ќе ти го изеде, ако освен тебе друг дознае, дека тие се коските на Гоце Делчев”.

Во 1908 година дедо Никола ги откопал и останатите коски и како и другите, ги измил, ги потопил со спирт и ги ставил во сандачето. И покрај тоа што селото по поделбата на Македонија 1912-1913 година останало под грчка власт, а и неколку пати било изгорено, останките на Гоцета биле запазени. Кога во Првата светска војна Грците биле истерани од тука, Чаков, пак со помошта на дедо Никола, во 1917 година го прибрал сандачето со Гоцевите останки и го држел кај себеси до 1923 година. На крајот останките на македонскиот апостол биле

дадени на чување во канцеларијата на Здружението “Илинден” во Софија со следниов натпис:

“Ги заколнуваме поколенијата овие свети мошти да бидат погребени во столнината на независна Македонија”

Борбата на македонскиот народ за слобода продолжува. Еден дел од Македонија се ослободи. И веднаш по ослободувањето поколенијата не заборавиле “светите мошти” да ги пренесат и погребат во столнината на слободната македонска држава – Скопје.

# СОЛУНСКИ АТЕНТАТИ

Неколку месеци по солунското решение за дигање востание, еден настан ја возбуди не само Македонија, туку и Европа. Станува збор за солунските атентати. Тие атентати беа дело на една група македонски интелектуалци, кои се наоѓаа под влијание на анархистички идеи, а имаа формирано и терористичка група - “Гемиџии”. Тие се решија со експлозив (динамит) да извршат минирање на установи на капиталистичките држави, надевајќи се дека по таков начин ќе ја заинтересираат европската јавност за тешката положба во Македонија и ќе предизвикаат интервенција на големите сили за да се измени таа положба.

Откако добро се подготвија, на 29 април 1903 г. во Солун “Гемиџиите” ги дигнаа во воздух францускиот брод “Гвадалкивир”, Отоманската банка, Поштата, Плинарата и други згради. Некои од атентаторите загинаа, а други беа фатени, осудени на смрт, но казните им беа заменети со заточение.

Последиците од тие акции беа доста тешки - многу невини луѓе беа убиени по улиците на Солун и Битола, а многу беа и затворени. Теророт на властите стана неограничен, состојбата стануваше несноелива и се понапната. Во една таква мачна и наелектризирана атмосфера се одржуваше познатиот Смилевски конгрес, кој траеше од 2 до 7 мај 1903 година.

# СМИЛЕВСКИ КОНГРЕС

Според решението на Солунскиот конгрес од јануари 1903 година, дефинитивно решение за дигање востание требаше да донесат окружните конгреси. Со таква цел беше свикан Конгресот на Битолскиот револуционерен округ во село Смилево, Битолско. На Конгресот присуствуваа делегати од сите реони на округот. И тука делегатите по прашањето за востанието се поделија на две групи – оние кои беа "за" и "против". Иако овој округ, во споредба со другите, беше најподготвен за востание, се покажа дека сепак не беше доволно подготвен, особено некои реони како што беше Прилепскиот. И покрај тоа, беше решено востание да се дигне, а за раководење беше избран Главен штаб, составен од: Даме Груев, Борис Сарафов и Анастас Лозанчев. Главниот штаб доби право да го одреди датумот на востанието, а дотогаш целиот округ требаше да ги изврши и последните подготовки за долго очекуваниот настан.

Конгресот донесе Востанички дисциплински устав во кој беа одредени правата и должностите на востаниците, на раководителите на четите и на Главниот штаб. Еве неколку точки од тој Устав.

Член 6

Востаникот е должен

а) Да го пази интересот на својата татковина до последната капка крв, исполнувајќи ја дадената клетва,
ж) додека е жив да го пази знамето и секој е должен да му направи скапа постела од своето сопствено тело, та дури тогаш да падне.

Текот на Востанието

На 13 јули (датумите се стар стил) над село Буф, Леринско, Главниот штаб реши да се објави востанието на Илинден. Во врска со тоа на 15.VIII.1903 беше напишано Окружно со кое се

известуваа централните, селските началници и народот за донесеното решение. Содржината на окружното е следнава

Браќа,

Најпосле дојде веќе денот што толку многу го чекавме за да се расправиме со нашиот душман.

Крвта на нашите невини загинати браќа од турската тиранија вика високо за отплата. Погазената чест на нашите мајки и сестри сака да си дојде на место!

Доста веќе толку маки, доста веќе толку срамови!

Илјада пати подобро смрт, отколку срамен и скотски живот!

Определениот ден, во кој народот од цела Македонија и Одринско ќе треба да излезе јавно со оружје в рака против душманите е 20 јули 1903 г.

Тргнете, браќа, по вашите началници на тој ден и соберете се под знамето на слободата. Упорни бидете, браќа, во борбата! Само во упорната и долготрајната борба е нашето спасение.

Нека го благослови бог нашето праведно дело и денот на востанието.

Долу Турција! Долу тираните! Смрт на душманите!

Да живее народот! Да живее слободата! Ура!

Ве целива братски

Штабот

Главниот штаб испрати и едно писмо до Дирекцијата на источните железници во Солун (железниците во Турција беа во рацете на европските капиталисти) со која предупредуваше дека востанието ќе биде придружено со некои атентати по

железничките пруги и за да не настрадаат невини луѓе да не се дозволи да патуваат жителите во тие денови.

ЦК во Солун со специјална декларација до големите сили и официјално ја извести Европа за причините што ја натераа Организацијата да дигне востание.

Илинденското востание започна на 20 јули (2.VIII.1903) година, на Илинден во поголемиот дел на Македонија. Најсилен замав Востанието зеде таму каде што најверќе беше подготвено – во Битолскиот револуционерен округ. Наседаке востаниците на 2.VIII. започнаа да ги прекинуваат телефонските линии и да вршат напади на беговските кули и поседи, некаде ги напаѓаа месните гарнизони, ги рушеа мастовите и сл.

Најславен настан од Илинденската епопеја, секако, беше Крушевската република. Штабот на Крушевските востаници (Горското началство) на чело со социјалистот Никола Карев, Востанието го објави со следниов проглас:

Браќа,

Брзаме да ве поздравиме со востанието! Денеска цела Крушевска околија заедно со цела Македонија дигна востание и викна: Долу тиранијата! Да живее слобдата и братството меѓу македонските народности! Камбаните насекаде бијат, народот со чудна радост се прибра под знамето на слободата. Момите и невестите ги китат со цвеќиња главите и пушките на востаниците! До што Турчин се најде по патиштата и селата, се фати и е прибран како пленик залог. Насекаде пеење, радост и веселие. Гориме од нестрпливост и чекаме ноќ, за да дојдеме и да го преземеме Крушово, та заедно со целиот народ да го извикаме победоносното македонско ура! Бог и правото се со нас!

Да живее Македонија!

Штаб
Никола Карев
Томе Никлев

Тодор Христов

Потпишаа: Антиноген Хаџов, војвода Питу Гули, Иван Алабак, Андреја, Ѓурчин, Ташку Карев.

Акциите за ослободувањето на градот започнаа на Илинден, а завршија на 3 август. Со ослободувањето на Крушево Илинденската револуција забележа врвна победа, со тоа дојдоа до израз стремежите на нашиот народ за слободен и самостоен живот. Веднаш по ослободувањето на градот, се мина кон формирање революционерна власт. Највисок орган на власта беше Советот составен од 60 души од сите народности во градот. Извршниот орган на власта беше составен од 6 члена пак од сите народности. Беа формирани и комисии, кои се грижеа за снабдувањето и исхраната, за облеката, за здравство и финансии, за одржување на редот и поредокот. Посебни грижи се водеа за утврдувањето на градот, вооружувањето и друго.

Стремежот на револуционерите да го придобијат или барем да го неутрализираат муслиманското население беше повод да се напише познатиот “Крушевски манифест”, кој по својата содржина претставува декларација за целите и задачите на крушевските револуционери и на нивните длабоко демократски сфаќања во однос уредувањето на слободата на Македонска Република. Преку него може да се види и големината и идеолошката изграденост на претседателот на Крушевската република Никола Карев.

# БРАЌА ЗЕМЈАЦИ И МИЛИ КОМШИИ!

Ние, вашите вечни комшии, пријатели и познаници од убавото Крушово и неговите китни села, без разлика на вера, народност, пол и убедување, не можејќи веќе да ја трпиме тиранијата на жедните за крв и гладните за човечко месо муртати, што гледаат и нас и вас да не дотераат до нож, и нас и вас да не дотераат до питачки стап и нашата мила и богата земја Македонија да заприлега на пуста пустина, денеска дигнавме глава и решивме со пушка да се браниме од тие наши и ваши душмани и да добиеме слобода. Вие мошне арно знаете дека ние не сме лоши луѓе, оти од мака си ја кладовме главата в торба, за да заживееме човечки или пак да умреме јуначки!

Бидејќи од дедо-прededo си живееме како браќа на оваа земја, ние ве имаме како свои и сакаме докрај да останеме свои. Ние не дигнавме пушка против вас – тоа би било срам за нас; ние не дигнавме пушка против мирниот, трудољубивиот и чесен турски народ што се преранува како нас со крвав пот – тој е наш брат и со него сме живееле и пак сакаме да живееме; ние не излеговме да колеме и да грабаме, да палиме и да крадеме – доста ни се зулумите на безбројните дерибеи по нашата сирота и окрвавена Македонија; ние не излеговме да порисјануваме и да ги бесчестиме вашите мајки и сестри, жени и ќерки: треба да знаете оти вашиот имот, вашиот живот, вашата вера и вашата чест ни се толку скапи, колку што ни се скапи нашите. Анџак, за да си завардиме имотот, животот, верата и честа ние сме зеле пушка. Ние не сме муртати на својата земја што не родила, ние не сме арамии и јанкесеџии, а револуционери под клетва да умреме за правото и за слободата; ние се бунтуваме против тиранијата и против ропството; ние се бориме и ќе се бориме против муртатите, против арамиите, против зулумќарите и јанкесеџиите, против насилниците на нашата чест и на нашата вера и против тие што ја шмукаат нашата пот и го експлоатираат нашиот труд. Од нас и од нашите села да не се плашите – никому зијан не ќе сториме. Ние не само ве имаме како свои браќа, туку и ве жалиме како свои браќа, бидејќи разбираме дека и вие сте робје како нас, робје на царот и на царските бегови, ефендии и паши, робје на богатите и на силните, робје на насилниците и на зулумќарите што ја запалија

царштината од четирите страни и што не натераа нас да дигнеме глава за право, за слобода и за човечки живот. За право, за слобода и за човечки живот ве каниме и вас да дојдете заедно да водиме борба! Елате, браќа муслимани при нас да тргнеме против нашите и вашите душмани! Елате под бајракот на "Автономна Македонија"! Македонија е заедничка наша мајка и вика за помош. Елате да ги скршиме синџирите на ропството, да се куртулиме од маки и страданија и да ги пресушиме реките од крвови и солзи! Елате при нас, браќа, да си ги слееме душите и срцата и да се спасиме та ние, нашата челад и нашата пречелад да живеат мирно, да си работат спокојно и да напредуваат!...

Мили наши комшии! Како Турци, Арнаути и муслимани, разбираме, вие си мислите оти царството е ваше и оти вие не сте робје штом на царски барјак нема крст, а има ѕвезда и месечина. Оти не е така и оти грешите вие бргу ќе се сетите и ќе го разберете. Ама ако ви е намус да дојдете при нас и да се објавите против царската тиранија, ние, вашите по татковина и страданија браќа, нема да се докачиме и не ќе ве мразиме. Ние сами ќе се бориме и за вас и за нас, ако е потребно, до еден ќе умреме под бајракот за нашата и вашата слобода и за нашето и вашето право. "Слобода или смрт" е напишано на нашите чела и на нашиот крвав бајрак! Ние веќе го дигнавме тој бајрак и нема враќање. Ако и вие не имате како ваши браќа и ни го сакате доброто, ако есапите пак да живеете со нас како што сте живееле досега и ако сте верни и достојни синови на мајка Македонија, можете да ни поможите само со едно нешто – а тоа е голема помош: да не се заортачите со душманите, да не дојдете со пушка против нас и да не правите зулуми по христијанските села!

Нека ја благослови госонд бог светата борба за правото и за слободата!

Нека се живи борците за слободата и сите чесни и добри македонски синови!

Ура! За "Автономна Македонија"!"

Во одговорот на Манифестот селаните од село Алданци и кметот ветија дека ќе бидат мирни и ја благословија борбата, а началникот на Крушевскиот гарнизон, кој усупеа да избега, на востаниците им го испрати следново интересно писмо:

Јунаци,

Прокламацијата до моите сонародници живо ме заинтересира. Од неа, а овие два дена и од вашите акции, разбрав, дека залудно ве сметавме за ешкии. (разбојници, б. м.)

Целта ви е голема, а борбата смислена. Напред по тој страшен и славен пат по кој сите народи се добраа до слободата.

Кога го молам мојот голем Алах да ја заштити правата страна, дозволете ми да ви испратам две молби:

1. Немојте да ме оставите гол, туку испратете ми ги алиштата што ми останаа во храбро напаѓаната и од вас преземена касарна и

2. За секоја евентуалност уништете ја меѓу нас разменетата коресподенција.

Началник на гарнизонот во Крушово
Али

По Крушево, по својата динамичност и револуционерен зафат се истакна Костурскиот револуционерен реон. Уште во 1902 година, во Костурско дојде познатиот врховист, полковникот Јанков со своја чета со цел да дигне востание. И покрај тоа што Јанков беше истеран од страна на околиските раководители, неговата агитација за востание доста ги вознемири духовите. Малу време пред востанието, во мај, беше изгорено од аскерот големото село Смрдеш и се водеше познатата борба при Локвата и Вињари меѓу костурските чети и аскерот. Овие, како и други настани, придонесоа Костурскиот реон уште пред Илинден 1903 да биде во интензивна мобилна положба. Така што денот на Востанието го пречека релативно поподготвен од другите околии. Востанието во Костурско беше масовно.

Горското началство беше составено од познатите војводи Лазар Поптрајков, Чакаларов, Кљашев, Розов, а реонот беше поделен на неколку пунктови. Околу 500 востаници ги ослободија гратчето Клисура, а околу 700 востаници го ослободија гратчето Невеска. Тоа всушност беше и најкрупна победа на Востанието во овој крај. Слично на Крушево и тука беше формирана революционерна власт.

Леринските чети ја нападнаа железничката станица кај Екшису и ја демолираа, ги прекинаа телеграфските врски, рушеа мостови и патишта. Една од најголемите борби што леринчани ја водеа беше таа при Езерцата меѓу 300 востаници и 2.000 војници. Во помош на востаниците им дојдоа и костурски чети.

Во Охридско најзначајните востанички акции се одвиваа во Горна и Долна Дебарца, Ортакол, Малесија. И тука, како и во Преспа, беа организирани збегови за прибирање на избеганото население како тој во Рашанец, каде што беше отворена и болница. Битката при Рашанец беше една од најпознатите во Илинденското востание.

Во Кичевско востаниците се обидоа да го заземат Кичево, но не успеаја. Поголеми судири со аскерот и башибозукот имаше во село Карбуница, во Копачка беше формиран збег, каде што луѓето живееја колективно итн.

Во Прилескиот реон беа забележани неколку помали востанички акции, а како најзначајна беше акцијата на Ѓорче Петров со неговата чета и борбата кај Чаништа – Мориовско, во која учествуваше и една голема Костурска чета со Лаза Поптрајков, кој беше тешко ранет.

За разлика од Битолскиот, другите революционерни окрузи не зедоа масовно учество во Илинденското востание. Солунскиот округ беше слабо вооружен. Во овој округ беа извршени повеќе напади на железничките пруги, на турски касарни и друго. Се водеа 38 борби во кои загинаа над 100 востаници и близу 1200 војници (бројките се однесуваат за Солунскиот вилает, т.е. за Солунскиот и Серскиот револуционерен округ).

И во Скопскиот округ востанието не беше масовно. И тука, беа вршени напади на железничката пруга, а имаше и 15 судирања на четите со аскерот, во кои паднаа над 90 четници и близу 400 војници.

Во Серскиот округ Востанието започна на 14 (27) IX.1903 година, на Крстовден, без учество на масите. Четите се судрија со аскерот на повеќе места: во Неврокопско, Горноџумајско, Мелничко, Серско. По долги преговори, Окружната организација им дозволи и на врховистички чети да земаат учество во Востанието. Меѓутоа, тие чети се држеа многу лошо дури и предавнички.

# ЗАДУШУВАЊЕ НА ВОСТАНИЕТО

И покрај невидената самопожртвуваност и хероизам на востаниците и на народот, Востанието беше во крв задушено. Задушувањето на Востанието, особено во Битолскиот округ, каде што беше масовно, е проследено со големи жестокости. Аскерот и башибозукот убиваа и уништуваа неконтролирано. Беа наполно или делумно изгорени околу 150 села, односно околу 9.850 куќи, а над 58.000 души останаа без покрив на главата. Над 2.000 невини луѓе беа убиени, голем број жени обесчестени, околу 10.000 емигрираа, затворите беа преполнети. Сето тоа зборува за крајно тешката положба во која се најде македонскиот народ по задушувањето на Востанието. Помошта што беше праќана од соседните држави, или од Европа, беше мала со оглед на големите потреби.

Востанието, таму каде што се дигна, беше масовно, народно. Тоа беше подготвувано цели десет години од Организација и раководена од неа. Примарна улога и во подготвувањето и во раководењето на Востанието и припаѓаше на македонската интелигенција, која произлегуваше главно од редовите на македонските трговци и занаетчии. Ударната сила на Востанието беа македонските селански маси, кои го внесоа сиот свој ентусијазам во крвавата борба за национална и социјална слобода.

Илинденското востание претставува најкрупен револуционерен настан во историјата на македонскиот народ до Втората светска војна. Тоа, според зборувите на Димо Хаџи Димов, “беше еден величествен израз на сенародниот македонски копнеж за борба и слобода”. Илинденската револуција претставуваше пресвртница во историскиот процес на развитокот на македонската нација. Неговото влијание и традиција ќе бидат особено силни врз идните генерации, врз идните македонски револуционери.

Причините за неуспехот на Востанието беа повеќе: тоа не беше доволно подготвено и според тоа масовно не ја опфати цела Македонија. Меѓутоа, основната причина за неуспехот се состоеше и во тоа што македонскиот народ беше ставен во

ситуација да се бори сам против Турската империја. Познато е дека српскиот, грчкиот и бугарскиот народ, борејќи се против турското господство, се ослободија благодарение и на фактот што уживаа воена и дипломатка помош од некои од големите сили, пред се од царска Русија. Кога нашиот народ се дигна на востание, царска Русија и Австро-унгарија, кој беа највеќе заинтересирани за овој дел на турската држава, застанаа сосема на страната на Турција.

Во тие трагични моменти што ги преживуваше македонскиот народ по завршување на Востанието, се случи еден крупен настан, кој ќе има извонредно големо значење за развитокот на македонската нација и култура. Тоа беше појавувањето книгата на Крсте Мисирков ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ. За среќа непријателот (врховизмот) не успеа да го уништи целото издание на книгата. Извесен број примероци беа запазени и ова дело со непреценлива вредност, беше запазено за идните генерации.

# МАКЕДОНИЈА ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ 1903-1912 (Д-р Глигор Тодоровски)

Надворешната јавност за востанието

Неуспехот на Илинденското востание предизвика крупни последици во целокупниот натамошен живот на македонскиот народ. Последиците набргу се почувствуваа во сите области, како во општествено-политичкиот така и во економскиот живот. Репресалиите и друг вид злосторства врз македонскиот народ се надвиснаа со сета тежина: тоа се чинеше и со посебна тенденција, да се казни населението за учеството во Илинденското востание. Од друга страна, и временските услови уште повеќе ја влошуваа вонредно тешката положба на македонското население. Посебно беа тешки животните услови во Битолскиот вилает. Изгорените куќи и цели села и уништената и неприбрана летнина уште повеќе ги зголемуваше тешкотиите.

Во тие тешки дни за македонското население, прогресивните луѓе во Европа, а посебно во југословенските земји, го дигнаа гласот за помош на македонскиот народ. Уште пред завршувањето на Илинденското востание, во Париз, во октомври 1903 година, беше свикан меѓународен митинг, на кој зборуваа видни француски општественици, како што беа Францис де Пресанс, Виктор Берар, Жан Жорес, потоа англискиот општественик Еванс Ноел Бегстон, потоа Италијанците Марцини и Битарго и Белгијанецот Лоран. На митингот беше донесена резолуција, со која во името на светската јавност и совест беа осудени ѕверствата и насилствата што се вршеа во Македонија. Изнесувајќи ја тешката положба во Македонија, присутните на митингот ги повикаа големите сили да им стават крај на колежите и насилствата во Македонија и Ерменија.

Освен одржувањето митинзи низ разни градови по Европа, во Англија беа преземени и практични чекори за санирање на тешката положба во Македонија. Беше формиран Балкански комитет, кој одржа над 200 митинзи во Англија на кои се зборуваше во прилог на македонското движење за

ослободување од османското владеење и се објаснуваше вистинската положба во која се наоѓаше македонскиот народ. Кон оваа акција во Англија се придружи и англискиот кентербериски архиепископ, кој се обрнал и до англиската влада со барање за помош на Македонците. Освен акциите во овие подалечни западно-европски земји, во организирањето акции за помош на Македонците не останаа поназад и други прогресивни луѓе во другите европски земји. И во Милано, во Италија, исто така, беа одржани митинзи во прилог на востанатото население во Македонија.

По првите митинзи и акции за информирање и поттикнување на европското јавно мислење и влади, за поефикасно истапување против османскиот апсолутизам во Македонија, се премина и кон покрупни акции за прибирање парични средства и други прилози за залечување на акутните потреби на македонското население. Во оваа смисла најмногу се истакнаа англиските хуманитарни организации. Во Англија беше формиран еден специјален фонд, наменет за изгорените македонски села. Најголема активност во организирањето и дејствувањето на овој фонд покажа неговиот секретар Хенри Брејсфолд, кој во ноември 1903 година дојде во Македонија, во Битола и од собраната помош во Англија им разделуваше храна, облекло, покривка, лекови и други потреби на селаните во Битолскиот вилает. Со средствата од овој фонд беа формирани и екипирани со нужните потреби и три болници во Охрид, Битола и Костур, кои по Илинденското востание, во таква тешка ситуација, значеа висок хуман акт на англиските хуманитарни организации спрема македонскиот народ.

Гласот за помош на Македонците во тешката ситуација наиде на широк одѕив и прием и во словенска Русија. Таму беше формирано друштво “Црвен крст”, кое апелираше до рускиот народ за доделување прилози во олеснување на положбата на Македонците. Во Чешка и Швајцарија, исто така, беа формирани друштва за помош.

Во акцијата за помош не изостанаа и разни добротворни и хуманитарни организации, дури и во далечна Америка, каде

што беа формирани комитети за помош. Најголема активност во овие комитети пројавувале нашите иселеници и печалбари.

Настојувањата за помош најдоа одѕив и во југословенските земји. Во Љубљана беше основан македонски комитет, кој ги повикуваше Словенците да им помогнат на настраданите Македонци. Во Србија беше формирана организацијата “Коло на српските сестри” и Одбор за помош и други друштва за помагање на настраданите Македонци. Слични такви друштва беа формирани во Хрватска и во Бугарија. Владите на Србија и Бугарија во своите буџети изгласаа посебни средства за настраданите во Македонија. Српската влада отпушти 1,500.000 динари, а бугарската влада 1,500.000 лева. Дури и турската влада, откако дозволи да бидат изгорени голем број села во Битолскиот вилает во текот на Илинденското востание, издаде наредба за давање помош во поправувањето на изгорените села. Меѓутоа, голем број од селаните, кои иако имаа голема потреба од каква било материјална помош, откажуваа да ја примат помошта од турската влада.

Во таквата положба најмногу дојде до израз меѓучовечката солидарност, посебно на селското население во Битолскиот вилает. Во таквото меѓусебно помагање, по изгорените села набргу никнаа привремени живеалишта. Со тоа минаа и првите потреси и настапи извесно смирување и можност за продолжување на натамошната револуционерна дејност. Во таквата положба во изгорените македонски села во Битолскиот вилает престојувал како што спомнавме, виդниот англиски општественик и секретар на комитетот за помош на Македонците Херни Брејсфолд. По овој повод Брејсфолд напиша книга на англиски јазик, во која ги опиша настаните од Илинденското востание. Давајќи реален опис на изгорените села, на измачените и ранетите, на обесчестените жени и девојки, тој никаде не забележа опаѓање на револуционерниот дух кај селаните, ниту пак критика упатена кон револуционерните комитети. Напротив, селаните секаде искажуваа желба во секој момент – до колку бидат повикани – повторно да стапат во борба против османлиската власт и систем во Македонија.

# СОСТОЈБАТА ВО ВНАТРЕШНАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Неуспехот на Илинденското востание, Македонската револуционерна организација ја стави во посебно тешка положба. Загубата на голем број свои кадри во текот на Востанието, како и злосторствата што беа направени врз востанатите села од турските војски и башибозук, остави длабоки траги на Револуционерната организација. На кадрите на Организацијата, кои и по Востанието останаа на теренот, една од првите грижи им беше средување и поврзување на организационите редови. Ова беше апсолутно нужно, посебно во реоните на Битолскиот револуционерен округ, каде што востанието најсилно се изрази. Во сите други револуционерни окрузи, состојбата на Организацијата, беше сосем поинаква, таа, речиси, остана незасегната.

Без секакво сомневање е дека неуспехот на Илинденското востание наметна многу прашања од идејно-тактички и друг карактер, што Револуционерната организација требаше да ги третира и да изнаоѓа соодветни посовремени решенија. Темелните прашања, као што беа поуките и искуствата од Илинденското востание и воопшто од дотогашната долгогодишна револуционерна нелегална дејност, демократизацијата и децентрализацијата во редовите на Револуционерната организација и сл., станаа предмет на расправии на сите конгреси, што Организацијата ги одржа во текот на 1904-1905 година. Општо земено, Револуционерната организација се до Рилскиот конгрес во октомври 1905 година бележеше еден постојанен подем во средување на организационите редови. На окружните конгреси, кои во текот на 1904-1905 година беа одржани како и на Рилскиот конгрес, кој беше општ конгрес на Организацијата, беа третирани вонредно важни и судбоносни прашања за натамошниот тек на Револуционерната организација. Меѓутоа, по Општиот рилски конгрес по разни идејно-тактички и други прашања, во Организацијата се појавија неединствени гледања и становишта. Како последица на неединствените становишта во Внатрешната организација се почувствува константен упадок и отворен расцеп, од што во тек на време се искристализираа две

спротивни становишта. Како последица на таквите спротивни гледања по повеќе прашања за натамошниот правилен од на Организацијата и воопшто на Македонското национално-ослободително движење дојде до меѓусебно физичко истребување и борби, кои многу штетно се одразија во натамошниот растеж на Револуционерната организација. Во Организацијата се издиференцираа две струи наречени “левица” и “десница”. Овие струи, подоцна, се оформија во посебни групи и организации со оформени идејни основи. Тие, всушност, немаа за основа економско-социјални претпоставки во појавените нееединствени гледања, туку предимно од национален и тактички карактер. Од ова би извлекле заклучок, дека за “десницата” повеќе би одговарал терминот пробургарска струја во Македонското национално-ослободително движење, отколку “десница”. Како последица на подвоеноста во Револуционерната организација, посебно по Рилскиот конгрес, дојде до меѓусебно пресметување. Беа формирани вооружени чети, кои ја подржуваа едната или другата струја. Сето тоа и нанесе голем удар на Револуционерната организација и му остави крајно тешки последици на Револуционерното движење во Македонија. Во таквата меѓусебна борба и подвоеност, како на революционерните кадри така и на борбениот елемент, ги загубија животите многубројни работници верни и испитани борци во долгогодишните борби, посебно во боречките редови на Организацијата. Сево ова имаше одраз и на планот на општата борба против турските угнетувачи и против засилената интервенција на вооружените пропаганди на соседните земји.

Едно од основните прашања, по кое дојде до расцеп во Организацијата, беше и односот на Револуционерната организација спрема бугарскиот национализам и на другите балкански држави. Издиференцираните две основни групи во нејзините редови настојуваа за своите ставови да придобијат и приврзаници. Едната струја, која во Македонија ја претставуваше Јане Сандански, а во Софија Петре Поп Арсов и др., сакаа да остане доследна на набележаните принципи на Внатрешната организација, за независност и самостојност на Организацијата спрема Бугарија и другите балкански држави; и слично. Поради тоа, оваа група се противеше на секаква помош

од официјална Бугарија, ниту пак сакаше дејноста на Внатрешната организација да ја потчини на потребите на бугарската надворешна политика.

Другата група, пробугарска, која во Македонија немаше некои видни привржаници и која ја водеа Борис Сарафов, Христо Матов, Иван Гарванов и др., инсистираа дека Внатрешната организација треба да се потпира врз официјална Бугарија и од неа да прима помош; македонското прашање го сметаа како исклучиво бугарско прашање и затоа беше согласна да прима директиви за идната дејност на Организацијата, како и финансиска и друга помош од Софија, не барајќи соработка со други национални елементи во Македонија. Овие беа основните спротивности врз кои настана поделбата во Внатрешната организација. Таквата поделба, предимно во врвовите се настојуваше да се пренесе и во пониските органи на Внатрешната организација на теренот.

# ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОЛОЖБА НА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И АКТИВИРАЊЕ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ

Потребата од средување на односите на Внатрешната организација посебно се чувствуваше во Битолскиот революционерен округ. Кон средината на мај 1904 година, почна да работи Конгресот на Битолскиот революционерен округ. Заседанието на Конгресот траеше се до крајот на истиот месец. Конгресот се одржуваше по селата низ Прилепско и поради тоа е наречен Прилепски конгрес. На Конгресот зедоа учество 13 делегати од Округот, меѓу кои се наоѓа Даме Груев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Георги Поп Христов, Христо Узунов, Ѓорѓи Сугаре и др., кои по Илинденското востание останаа на теренот. Присуствуваа и двајца делегати од Солунскиот революционерен округ. Делегатите на овој Конгрес нашироко расправаа за причините што го условија неуспехот на Илинденското востание. Покрај ова, на Конгресот беше поставено прашањето и за натамошната дејност на Организацијата. Во дискусијата по ова прашање се изразија две становишта: едното беше за децентрализација во Организацијата, додека другото се стремеше да се задржи и натаму старата и веќе одживеана централистичка форма на раководење со Организацијата. Од сета дискусија по овие прашања произлезе Проект-уставот во кој беше прифатен изборниот принцип што претставуваше новина и навестуваше позитивна тенденција во изменувањето на застарените форми на раководење на Организацијата.

Во јануари 1905 година почна со работа и Конгресот на Скопскиот революционерен округ. Овој Конгрес траеше една недела и се одржуваше во селото Кнежево, Кратовско. Новиот Проект-устав, дотогашната и идната дејност на Организацијата, односот на Организацијата кон пропагандите и други економски прашања беа предмет во дикусиите на Конгресот. Прифатениот правилник на овој Конгрес, како и воопшто дискусијата што се водеше предимно одеше на линијата на десницата во Организацијата.

И Солунскиот револуционерен округ покажа прилична активност по Илинденското востание. Во овој Округ се одржаа два конгреса. Во јули 1905 година беше одржан првиот, а вториот во август 1905 година. На овие конгреси дојдоа до израз повеќе позитивни тенденции во развојот и односот на Организацијата по повеќе прашања. Посебно беше акцентиран принципот на автономијата, како и меѓународните аспекти на македонското прашање; односот на Организацијата кон Егзархијата, а беше истакната и потребата за казнување на Борис Сарафов. Солунскиот револуционерен округ застапуваше многу позитивни становишта по повеќе прашања за правилниот од на Револуционерната организација.

Во летото 1905 година беа одржани два конгреса и во Струмичкиот револуционерен округ. Едниот беше Конгрес на струмичкиот реон, а вториот на Округот. И на двата конгреса се третираа прашања за натамошниот развој на Организацијата, за односот на Организацијата кон пропагандите, за создавање специјален судски институт во Организацијата, за воведување систем на оданочување и друго. На овие конгреси во Струмичкиот револуционерен округ дојде до израз влијанието на левицата во Организацијата.

На 29 јули 1905 година, во месноста “Белемето”, на Пирин Планина, почна да работи Конгресот на Серскиот револуционерен округ. Меѓу делегатите се наоѓаше и Јане Сандански, кој по Илинденското востание со своите исправни становишта по многу прашања, стануваше се поистакната револуционерна личност. На Конгресот детално беше разгледана состојбата во Округот и на Организацијата, и им се обрна посебно внимание на стопанските проблеми во Округот. И на овој Конгрес дојдоа до целосен израз интенциите за самостојност во развитокот на македонското ослободително движење.

Општо земено, на сите конгреси на Организацијата, кои во текот на 1904-1905 година се одржаа по револуционерните окрузи, освен на Скопскиот, становиштата на левицата во Организацијата однесоа победа. Организацијата по

Илинденското востание повторно застана на цврсти нозе и беше во состојба да ја продолжи и натаму револуционерната дејност.

Најкрупен настан од животот на организацијата во поилинденскиот период претставува Општиот конгрес одржан во Рилскиот манастир, наречен Рилски конгрес. По прашањето за местото на одржувањето на овој Конгрес меѓу делегатите дојде до прилично големи расправии. Еден дел од делегатите од внатрешноста на Македонија бараа Конгресот да се одржи на територијата на Организацијата, во Македонија. На крајот се дојде до согласност Конгресот да се одржи во Рилскиот манастир, бидејќи на Конгресот му претстоеше огромна работа, та поради тоа беше нужно тој непречено да работи.

Конгресот почна да работи во почетокот на октомври 1905 и траеше до крајот на месецот. Меѓу делегатите се наоѓаа тогашните најистакнати работници на Организацијата како Даме Груев, Ѓорче Петров, Јане Сандански, Пере Тошев и други. На Конгресот беше разгледана дотогашната и натамошната дејност на Организацијата; потоа, устројството и раководењето на Организацијата, културно-просветната дејност, судството, финансиите, печатот и друго. Со посебен акцент се дискутираше по прашањето за односот на Организацијата спрема пропагандите и спрема бугарскиот државен национализам и Егзархијата, за врховистичките групи внатре и надвор во Организацијата и др.

По долгите дискусии, на Конгресот беа избрани нови раководни органи на Организацијата. Избран беше нов Централен комитет во кој влегоа: Даме Груев, Пере Тошев и Тодор Поп Антов, додека во Задграничното преставништво на Организацијата влегоа: Ѓорче Петров, Димитар Стефанов и Петре Поп Арсов. За редактор на официјалниот весник на Организацијата “Революционерен лист” беше одреден Димо Хаџи Димов.

По прашањето за устројството и раководењето на Организацијата се водеше најдолга дискусија, во која дојдоа до израз разбирањата на левицата и десницата. На крајот од дискусијата беше донесен и нов Устав и Правилник на Организацијата, во кои концепциите и становиштата на

левицата беа целосно прифатени. Самостојноста на Организацијата и нејзиниот револуционерен карактер и принципот на демократскиот централизам беа основа во натамошната дејност на Организацијата. На Конгресот му беше обрнато и посебно внимание на културно-просветната, социјалната и стопанската дејност на Организацијата, а Мирцштегските реформи Конгресот ги окарактеризира како некорисни и штетни за македонското национално-ослободително движење. За активноста на врховистите околу групата на Цончев, како и за активноста на Борис Сарафов беа изречени многу остри зборови и се побара од нив да ја прекратат натамошната активност. Меѓутоа, очекуваната единственост во гледањата и акциите што требаше да настапат по Рилскиот конгрес не беше постигната. Настана трагичен расцеп во Организацијата, кој имаше извонредно тешки последици во натамошниот тек на Македонското национално ословодително движење. Десните елементи во Организацијата, всушност неоврховистите, под влијание на надворешни фактори, туѓи на македонското национално-ослободително движење, не ги прифатија одлуките на Рилскиот конгрес и почнаа самостојно и деструктивно да дејствуваат. Организацијата почна да бележи упадок во натамошата револуционерна дејност.

# ЕМИГРИРАЊЕТО И ПЕЧАЛБАРСТВОТО

Процесот на иселување од Македонија не стивна и по Илинденското востание. Напротив, тој стана уште поинтензивен, како последица на вложените општествено-економски и политички услови во Македонија, а конкретно на тешките економски услови во Битолскиот вилает и на засиленото дејствување на вооружените пропаганди. Голем број селани бараа засолниште во поголемите места и градови во Македонија, та дури и надвор. Најсилно беше бегалското движење во Битолскиот вилает, односно во одделни реони на Вилаетот, како што беше Крушево. Голем број жители од ова некогашно китно и напредно гратче, мораа да побараат засолниште во други места, главно во Битола, кој како релативно голем град и вилаетски центар, овозможуваше до некаде засолниште. Во прифаќањето на бегалците најмногу се ангажираа нивни роднини или разни добротворни организации. Процесот на иселување и напуштање на родните огништа не беше помал и во другите реони на Битолскиот вилает. Од Костурско, Леринско, Преспанско, Прилепско, Охридско и од други места низ Македонија непрекинато и незапирливо беше бегалското движење. Приличен број Македонци за постојано или привремено се преселија во соседните балкански земји, како и во внатрешноста на самата Отоманска империја, каде што покрај засолнувањето бараа и работа за егзистенција. Во Цариград, Смирна, потоа, Египет, Бугарија, Грција, Србија и Романија Македонците бараа и наоѓаа засолништа. Во прилично помал обем емигрирањето беше насочено кон европските земји. Одењето во европските земји, посебно во Австро-Унгарија, Германија или Франција предимно беше диктирано од потребата за работа. Прилично беше масовно преселувањето и одењето на печалба во Северна, а многу помалку во Јужна Америка. Многубројни беа разните претставници на американски и други компании, кои во таквата специфично тешка состојба во Македонија врбуваа луѓе и ги испраќаа во Америка, наоѓајќи и обезбедувајќи си на тој начин евтина работна рака. Според едни податоци, што Ѓорче Петров ги изнесе во една негова студија по ова прашање, се гледа дека во 1903 година, 9-10.000 Македонци заминале во Америка; во 1904 година 10-12.000, додека во 1906 година тој број уште

повеќе се зголемил. Оттука наши сонародници можат да се сретнат во повеќе европски и воневропски земји. При ова треба да се истакне фактот што иселениците и печалбарите во новата татковина никојпат не ја прекинуваа врската со стариот крај. Таа врска тие постојано ја одржуваа, а при разни поводи тие и на дело ја потврдуваа секојпат во прилог на своите браќа, кои не ја прекинаа борбата против причините што нивните сонародници ги натераа да ја напуштат својата татковина.

# МИРЦШТЕГСКИТЕ И ДРУГИ РЕФОРМИ ВО МАКЕДОНИЈА

И покрај фактот што моменталните интереси на “најзаинтересираните” европски сили по македонското прашање – Австро-Унгарија и Русија – беа свртени на други поневралгични точки, тие не можеа во целост да се апстрахираат и оглушат од настаните во Македонија. Настаните во Македонија најдиректно ги загрозуваа нивните општи интереси на овој дел од Светот. Оттука, со цел да се ублажи и смири ситуацијата во Македонија, Австро-Унгарија и Русија, по претходни подолги преговори и консултирања и со другите европски големи сили, се заседоа да го решаваат македонското прашање. Рускиот цар Николај II и австриските император Фрањо Јосиф се состанаа во Виена кон крајот на септември 1903 година. Двајцата монарси средбата и разговорите ги продолжија во штаерското место Мирцштег. Како резултат на тие преговори произлезе реформна програма, која според местото каде што беше донесена е наречена Мирцштегска реформна програма. На 3 октомври 1903 година, амбасадорите на Австро-Унгарија и Русија во Турција беа задолжени да ја известат и запознаат со содржината на реформната програмна турската влада за бараните реформи во Македонија. Турската влада на тоа остро реагираше, сметајќи дека со тоа се повредува нејзиниот суверенитет. Но набргу, по разни совети и притисоци таа формално ги прифати, постојано тежејќи во текот на нивното спроведување да ја затаи нивната содржина и суштина.

Во Мирцштегските реформи се предвидуваше при главниот инспекотр за европските вилаети Хилми Паша, кој имаше седиште во Солун, да се назначат двајца цивилни агенти, кои ќе ја претставуваат Австро-Унгарија и Русија. Цивилните агенти имаа задача да го надгледуваат работењето на турската администрација во спроведувањето на реформите. Освен цивилните агенти, требаше да се назначи и еден странски генерал со европски офицери и потребен број советници. Овие воени лица требаше да ја спроведат реорганизацијата на турската жандармерија во Македонија. Разделувањето на Македонија на сектори требаше да овозможи поефикасно извршување на планираната реорганизација на жандармеријата,

со што се целеше да се постигне поголема нејзина ефикасност во борбата против револуционерното движење во Македонија. Ова претставуваше еден од битните елементи на реформната програма за смирување во Македонија. При ова треба да се истакне дека иницијаторите на реформната програма најмногу инсистираа на овој битен елемент, при што може да се констатира за целите на настојувањата на Австро-Унгарија и Русија, како и на другите европски сили за задржување на фамозното status quo (дотогашната положба) во Македонија.

Освен барањата за назначување цивилни агенти и реформата на жандармеријата, беше поставено и барањето турските власти да ги реформираат администрацијата и судството, потоа вклучување месно население во администрацијата, формирање комисии составени од христијани и муслимани, кои требаше да се задолжат со иследување на злочините сторени во времето на Илинденското востание. Турција, исто така, требаше да се обврзе во надоместување на трошоците за изгорените села и да ја распушти нередовната војска.

Турската дипломатија и администрација и при овој повод ја покажа својата карактеристика и способност за одолговлечување на такви и слични акции. По низа натегнувања, во втората половина на јануари 1904 година, цивилните агенти ја започнаа својата работа. За ненавремено почнување работа на реформните органи, во голема мера придонесе и несогласувањето меѓу европските сили околу изборот на лице коешто требаше да ја раководи реформата на жандармеријата, како и за распределба на секторите. При ова дојдоа до израз интересите на соодветните земји кон одделни делови на Македонија. На крајот силите се согласија со реформирањето на турската жандармерија во македонските вилаети да раководи италијанскиот жандармериски генерал Ди Џорџис. Во оваа смисла Македонија беше разделена на сектори, при што големите сили се зафатија со реформата на турската жандармерија. Така, Австро-Унгарија го доби Скопскиот санџак, Италија Битолскиот вилает; Русија Солунскиот вилает; Франција Серскиот санџак, додека Велика Британија Драмскиот санџак. Германија, која беше најдобар пријател на Османлиската империја, ја доби управата над жандармериските

училишта во Солун. Одвај, по сите натегнувања, странските офицери во април 1904 година ја започнаа работата за реформирање и реорганизирање на турската жандармерија во Македонија.

Рускиот и австрискиот цивилен агент, кои дојдоа во Македонија всушност беа поставени во многу незгодна ситуација. Тие беа сосема ограничени во вршењето на својата дејност. Честопати патуваа низ внатрешноста на Македонија, наводно го надгледуваа изведувањето на реформите, примаа разни поединечни и групни поплаки од теренот без да можат да преземат конкретни мерки, бидејќи според обврските тие беа само задолжени да реферираат на своите претпоставени за она што ќе видеа или за што ќе беа известени. Врз основа на тоа му обрнуваа внимание на главниот инспектор Хилми паша за потребата од преземање нужни мерки во овој правец.

Повеќе успех во работата со реформирањето на жандармеријата постигнаа странските офицери. Тие настојуваа да ги отстранат од редовите на турската жандармерија сите неспособни и неписмени луѓе, да им обезбедат на жандармите редовни примања, бидејќи нередовното примање на принадлежностите беше една од причините за корупција и други злосторства од страна на жандармеријата. Во Солун, Скопје и Битола беа отворени жандармериски училишта, а бројот на жандармериските станици беше значително зголемен, воспоставувајќи на тој начин општа контрола преку меѓусебни врски. Така, турската жандармерија во Македонија стана подобар и поефикасен чувар на државните интереси на Османлиската империја со помошта, што во овој случај, и ја даваа европските големи сили. Реформаторите прокламираа дека во жандармеријата ќе се примат и христијани, но поради негативниот однос на Револуционерната организација кон нив, бројот на пријавените Македонци за служба во турската жандармерија беше сосема незначителен.

Во декември 1905 година, големите сили приредија демонстрација со својата флота во Солунското пристаниште. Таа поморска демонстрација имаше цел да ја натера Турција да ги прошири и забрза реформите во администрацијата,

финансиите и судството. Од посебен интерес беа планираните проекти за реформи во Македонија, донесени меѓу англискиот и рускиот монарх во Ревал од јуни 1908 година. Во нив се предвидуваше автономија на Македонија. Но, Младотурската револуција од 1908 година го попречи остварувањето на овие реформни проекти. Во 1909 година реформните сили престанаа да ги изведуваат реформите во Македонија.

Иако реформната Мирцштегска програма не придонесе нешто значително за подобрување на општествено-економските и политичките прилики во Македонија, таа сепак придонесе Европа поодблизу да се запознае со вистинската состојба во Македонија. Таа всушност придонесе за афирмација на национално-ослободителната борба на македонскиот народ. При ова треба да се истакне дека Мирцштегските реформи имаа меѓународен карактер, во што е и нивното значење.

# ГОЛЕМОГРЧКАТА ОРУЖЕНА ПРОПАГАНДА

Грчките владеачки кругови уште во втората половина на 19 век организираа оружени акции, со цел да ги остварат заграбувачките планови на “мегали идеја” во Македонија. Во првата деценија на 20 век и особено по Илинденското востание, големогрчките оружени акции имаа таков карактер и размери, што преставуваа еден вид воена интервенција, организирана и изведена од грчката држава против македонскиот народ, кој настојчиво се бореше против големогрчката и другите странски пропаганди, кои подготвуваа терен за разграбување и распарчување на Македонија.

Уште во првите години на 20 век, големогрчката пропаганда под раководство на грчките митрополити и конзули во Македонија организираа и употребија против македонското ослободително движење неколку вооружени чети или групи, кои истовремено служеа на турските власти. Во 1903 година, кралството Грција и Патријаршијата заземоа непријателски став спрема Илинденското востание. Тие се солидаризираа со слутанот и организираа против востанието низа непријателски акции. Тогаш (во јуни 1903) од Атина беа испратени во Македонија и првите вооружени чети, кои заедно со турска војска војуваа против македонските востаници.

По востанието, воениот крус на големогрчката политика спрема Македонија и македонското револуционерно движење достигнаа врв со организирањето на големогрчката оружена пропаганда. За таа цел грчката влада и дворот, летото 1904 и во наредните години испратија во Македонија околу 10 дипломати, (конзули), над 100 офицери, околу 110 вооружени чети наречени андарски, неколку стотици пушки, големо количество оружје итн. Во грчките конзулати во Солун, Битола, Серес и Кавала работеа како службеници по неколку одицери, кои под раководство на конзулите ја раководеа големогрчката вооружена пропаганда во дадената област. Едни од нив беа задолжени да водат грижа за андарските чети, други за шпионажата итн. Во грчката шпионажна служба во Македонија беа ангажирани над 200 шпиони, кои истовремено им служеа и на турските власти.

Грчката влада и дворот сметаа дека македонското револуционерно движење, кое го претставуваше пред светот како “бугарско”, требаше да биде ликвидирано зашто беше непримирлив противник на поделбата на Македонија. За таа цел тие склучија со турската влада договор за соработка. Во рамките на таа соработка грчките андарски чети избегаваа да се судираат со турските власти, а овие првите години формално преземаа потерни акции против нив. Големогрчката оружена и легална пропаганда дејствуваше против македонското национално ослободително движење. Поради тоа уживаше од турските власти разни олеснувања и привилегии. Турските власти, особено самиот генерален управувач на Македонија Хилми Паша, не дозволувале македонските села да се отргнуваат од Патријаршијата. По барање на Хилми Паша, со согласност на Султанот, грчките четници не беа судени од вонредните воени судови, што беа формирани да ги судат припадниците на македонското револуционерно движење.

Така турската држава место да ги заштитува своите државјани – Македонците, првите години ги толерираше странските интервенти – грчките четници, кои според зборувите на грчките офицери, колеа како да сечат трева, а не луѓе. За таквите злосторства тие добивале инструкции од атинските раководители и од грчките митрополити. Последните, односно Костурскиот митрополит Каравангелис, битолскиот митрополит Форопулос, гребенскиот, драмскиот и др. митрополити бараа од андарите со терор да и го потчинуваат населението на Патријаршијата.

Во почетокот на 1905 година, атинскиот “Македонски комитет”, кој ја раководеше големогрчката вооружена пропаганда во Битолскиот вилает, им издаде наредба на грчките чети да го засилат теророт против македонскиот народ. Во наредбата, меѓу другото, се велеше: “Гонете ги и истребувајте ги барбарите...” Веднаш потоа раководителот на андарските чети на Битолскиот вилает Цонтос-Вардас, во соработка со Каравангелис и грчкиот конзулат во Битола, решија да го уништат село Загоричани, Костурско. Пред нападот на многубројните андари, Вардас им прочита една наредба во која

се велеше: “Херои осветители, вие сте повикани да го извршите уништувањето на Загоричани и на неговото население... Вие сте потомци на боговите и полубоговите... За да биде казната целосна, потребно е да станете убијци. Ќе станете не само убијци, туку и ѕверови. Притоа убивајте без оглед на никого и на ништо!” И така стана. На 25 мај 1905 година, грчките чети го извршија најголемиот масакар за време на оружените пропаганди во Македонија. Заклале или убија 78 жени, мажи, деца и старци. Изгореа куќи, грабеа имоти итн. Турската војска можеше да интервенира против андарите, но не го стори тоа.

Во периодот 1904-1908 година, слични масакри и многу поединечни убиства беа извршени во разни места во Македонија, но најповеќе во Костурско, Леринско, Битолско, Мориовско, Еницевардарско, Серско и во други области. Грчките чети бараа од народот да се откаже од револуционерното движење и да и се потчини на Патријаршијата. Во писмата што ги испраќале грчките војводи до селаните, најчесто го бараа следново: “Потрчајте што побрзо кај митрополитите да изјавите дека сте и ќе бидете Грци, зашто за кратко време ќе биде доцна да се каете и во пеколот. Имајте предвид дека за кратко време не ќе имате ни деца, ни куќи, ни ништо, зашто се ќе уништи ножот и незадржливиот грчки огин... Ние ќе ве ликвидираме вас и вашиот подвижен и неподвижен имот и ќе донесеме во овие места чиста грчка крв.” Овие заканувања беа често исполнувани, така што во повеќе случаи теророт на големогрчката пропаганда, организиран од грчката држава, имаше масовен и геноциден карактер. Во споредба со другите пропаганди, големогрчката оружена пропаганда ги изврши најмасовните колежи и убиства. Тогаш во Македонија четите на пропагандите, турските воени сили и разни разбојнички банди убиваа просечно околу 100-150 души месечно. Такви убиства најповеќе од сите извршија четите и агентите на големогрчката пропаганда.

Македонскиот народ, предводен од левицата на ВМРО, даде силен отпор против големогрчката и другите оружени пропаганди. ВМРО на Рилскиот конгрес (1905) ги осуди оружените пропаганди како непријателски за македонскиот народ и се трудеше да ја организира борбата против нив. Една

од главните задачи на македонските революционерни чети беше борбата против големогрчката оружена пропаганда. Така, на пр., четата на Митре Влаот во Костурско, за време од четири години изведе повеќе успешни борби против грчките чети, а Митре Влаот стана страшилиште за андарите и нивните војводи – офицери. Во Еницевардарско пред се во истоименото езеро, најповеќе се прослави во тие борби четата на Апостол војвода, која одби повеќе заеднички напади на грчките и турските воени сили. Оваа чета со поможта на народот, го имаше претворено Еницевардарското Езеро (Блатото) во нешто како државичка во држава. Селската милиција одби многу андарски напади и изведе такви успешни борби против грчките чети, што и некои андарски војводи беа принудени да признаат дека македонските селани се борат вешто и храбро. Долгогодишниот андарски војвода Г. Диконимос – Макрис, зборувајќи за отпорот на селаните, истакнува дека “И жените учествуваа во борбата и не напаѓаа со камења – пишува тој – а некои порешителни со секири в раце се нафрлаа против нас.” Тој пишува за една борба во која турската војска отстапи, а селската милиција победи и ги принуди грчките андари да отстапат. Селската милиција ликвидира повеќе андарски чети и нивни војводи. Така, македонскиот народ, и покрај тоа што беше напаѓан од повеќе страни, покажа вонредна воена способност и храброст, која мораше да ја признаат и неговите непријатели.

# ГОЛЕМО СРПСКАТА ОРУЖЕНА ПРОПАГАНДА

По Илинденското востание, владата на кралството Србија активно се заседе со формирање, финансирање и раководење на четничка организација, чиешто дејствување беше целосно насочено кон Македонија. Формирањето на Српската четничка организација и нејзината активност претставуваше нова фаза во пропагандната активност на српската влада, за разлика од дотогашната пропагандна активност преку црквите и училиштата. Кралството Србија за краток период создаде една добро организирана полувоена организација. Дејството на Српската четничка организација особено беше забележливо во некои краишта на Македонија како Кумановско, Скопско, Паланечко, Кратовско, Прилепско, Бродско и Кичевско. Во другите краишта на Македонија српската организација се чуствуваше во помал обем или воопшто не се чувствуваше. Ова беше условено и од посебните интереси на Кралството Србија кон одделни краишта во Македонија, како и од создадените услови од порано, од активноста на црковно-просветната пропаганда. Најголема активност Српската четничка организација покажуваше во борбата против така наречените “бугарски чети и бугаризмот во Македонија”, бидејќи Внатрешната револуционерна организација српските политички фактори ја третираа како бугарска организација. Борбата против четите на Организацијата беше основната содржина за Српската четничка организација, додека војувањето против турските власти во Македонија беше сосема споредна. Борбата против македонските чети и села поприми извонредна жестина. Крвавите судирања меѓу српските, врховистичките, сарафистичките, грчките, како и четите на левицата во македонското ослободително движење, на македонскиот народ му нанесуваше голем број морални и материјални жртви. Македонија претставуваше вистинска арена на крвави изживувања.

Формирањето на првите српски чети почна во 1904 година. Во почетокот таквата акција беше прикажувана како “приватна иницијатива на неколкумина загреани српски националисти.” Всушност, во задницата на таа акција стоеја најодговорните политички кругови на српската кралска влада. Преку нив,

строго централизирано, се одвиваше и раководеше Српската четничка организација во Македонија. Во оваа смисла, српската влада го използува и Борис Сарафов, давајќи му извесна сума финансиски средства. Како противвредност за примените пари, Сарафов и откри на српската влада канал за навлегување во Македонија на првата српска чета, раководена од Глигор Соколовиќ, со што Борис Сарафов грубо се огреши од принципите на Внатрешната организација.

Српската четничка акција започна позасилено да дејствува по 1905 година, кога и доби конечна организациона форма. Покрај формирањето Врховен одбор, како највисоко политичко – раководно тело на српската организација, во 1905 година беше формиран и Главен одбор (и двата со седиште во Белград), кој како оперативно тело ја раководеше српската организација. Најдиректно поврзан и задолжен со четничката активност во Македонија беше Пословниот одбор во Врање и Извршниот одбор, кој се наоѓаше во близина на српско-турската граница (во околината на Врање). Меѓутоа, набргу се покажа двојство во работата на овие одбори. Поради тоа, во декември 1905 година беа укинати и двата одбора, а формиран само еден наречен Извршен одбор во Врање. Извршниот одбор ги презеде функциите што порано ги имаше Извршниот и Пословниот одбор. При формирањето на Извршниот одбор во 1905 година српската четничка организација располагаше со 11 чети со вкупно 62 четници, кои дејствуваа во Македонија и 55 четници, кои привремено се наоѓаа на одмор во Врање.

Српската организација беше тајна полувоена организација, базирана врз принципи и устав со кои се одредуваше делокругот на работата на сите органи во организацијата. Организацијата ја сочинуваа месни одбори, пододбори и одбори, формирани во поголеми и помали места во Србија и Македонија. Во Македонија главни одбори беа формирани во Скопје и Битола; пододбори во Куманово, Велес, Дебар, Охрид, Прилеп, Кичево, Крушево, за Поречје и Дримкол, како и месни одбори во селата од подрачјата на одборите и пододборите. Сиве овие органи беа составени предимно од учители, свеште ници и други лица кои и припаѓаа на големосрпската просветна и црковна пропаганда.

Во јануари 1908 година “заради единство во службата и акцијата и системот што мора да се има во оваа работа,” активноста на српската четничка организација во политичка смисла му беше подредена на српскиот генерален конзул во Скопје. Поради тоа, скопските конзули беа далеку позначајни и повидни во споредба со српските конзули во Битола и Солун. Директно оперативно раководење со четничките формации беше под раководство на два штаба: Штаб за Источно Повардарје и Штаб за Западно Повардарје. Едниот раководител со четничките сили лево, а другиот десно од реката Вардар.

Четите беа составени од лица со најразлични професии: егзалтирани студенти, заведени и повикани да го бранат “српството на Југ”, ученици од повисоките класови на гимназиите, а најмалку бедни селани, кои со платата што ја добиваа за четувањето бараа егзистенција за себе и за своите блиски.

По национален состав, српските чети беа составени од Срби, потоа Македонци – печалбари во Србија, кои потпаднаа во мрежата на српската организација, и луѓе на кои четништвото им стана професија. Во помал обем се наоѓаа и отпадници или поради грешки исклучени членови од Внатрешната организација.

Собраните парични средства од доброволни дарители, беа сосема недоволни за опстанок на организацијата. Основните парични средства, без кои не можеше да се замисли постоењето и дејствувањето на српската четничка организација беа средствата на кралските влади, кои преку тајни фондови и ги доделуваа, на организацијата. Српската организација, како организација на српската влада, никојпат не чувствуваше недостиг од финансиски средства. Таквото финансирање и овозможило во летните месеци да држи под оружје околу 300 четници, кои дејствуваа во Македонија. Во таа дејност посебно се истакнуваа војводите Глигор Соколовиќ, Јован Бабунски, Јовач Довезенски, Василе Трбиќ, Ѓорѓи Скопљанче, Спаса Гарда, Крста Ковачевиќ, Цане Марковиќ, Петко Илиќ, Јован Пешиќ и други.

Српската четничка организација претставуваше вооружен одред на српската буржоазија, пред јавното мислење правдана како божемна рожба “на самите Срби во Македонија”, што воопшто не одговара на историската вистина. По Младотурската револуција во 1908 година, престана српската четничка активност во Макеонија.

# СЕРЧАНИТЕ ВО ЗАПАЗУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ

Гоцевите принципи за самостојност и самобитност на македонското национално-ослобдително движење најсигурни следбениците и поврзаници по Илинденското востание имаа во Серскиот револуционерен округ. Истакната фигура во оваа смисла беше Јане Сандански. Во Серскиот револуционерен округ беше изградено најреволуционерно и најпринципиелно јадро на Внатрешната организација. Во овој Округ најенегично се дејствуваше во одбраната на чистотата на Гоцевите принципи за самостојност на македонското национално-ослободително движење. Во прилог на ставотите што овој Округ ги заземаше по многу прашања по Илинденското востание беше и писмото што раководителите на Серскиот револуционерен округ го испратија до групата Грци во Мелник од 26 јуни 1904 година. Во писмото на јасен и недвосмислен начин беа искажани целите на македонската борба и дека македонското прашање не беше бугарско прашање и дека дејствувањето на врховистите во Организацијата и надвор од неа претставуаше најдиректна интервенција и мешање на бугарската влада во македонското ослободително движење. Во писмото натаму беше истакнат интернационалистичкиот карактер на македонската борба.

Сфаќајќи ги реално настаните по Илинденското востание и за да им даде правилен натамошен тек и да ги зачува споменатите принципи од извртување, раководителите на Серскиот револуционерен округ презедоа конкретни акции. Во едно свое излагање од 20 јануари 1905 година, што го испратија до сите реонски и околиски комитети во Округот, Серчаните, како што популарно се наречени во нашата историографија, ги објаснија целите на борбата во новосоздадените услови во Македонија. Во излагањето беше истакната политиката на балканските држави што тие ја спроведуваа, а која беше одраз на нивните завојувачки планови кон Македонија. Во ова разобличување на завојувачката политика на соседните балкански држави со посебен акцент беше осудена политиката на бугарската влада спрема Македонија.

Во натамоштното излагање беше направена аналитичка преценка на состојбата во Македонија. Остра критика беше упатена кон врховистите и сарафистите и други кои со своите акции и дела по Илинденското востание му нанесуваа непреценлива штета на македонското ослободително движење. Во таа смисла беше истакната и потребата од преземање конкретни мерки за зачувување на чистотата на македонското национално-ослободително дивжење.

# СМРТНАТА ПРЕСУДА НА БОРИС САРАФОВ И ИВАН ГАРВАНОВ

На 23 декември 1906 година, во борба со турскиот аскер, на врвот Петлец, над Малешевското село Русиново, загина Даме Груев, еден од најстарите работници во Внатрешната организација. По неговото убиство и престанувањето на едногодишниот мандат на Централниот комитет и на Задграничното претставништво во Внатрешната организација одново дојде до дезорганизација, така што всушност не постоеше централно раководство и секој револуционерен округ се сметаше за самостоен. Оваа состојба во Организацијата наполно одговара за повторно активирање на врховистите во внатрешноста на Македонија. Борис Сарафов, кому му помагаа некои раководни дејци од револуционерните окрузи, потоа Иван Гарванов и Христо Матов, кои станаа членови на задграничното претставништво на Организацијата, ја засилија веќе познатата врховистичка дејност. Тие почнаа да испраќаат вооружени чети во Македонија, подготвувани во Бугарија, настојувајќи на тој начин да ја оневозможат и да ја минираат дејноста на Внатрешната организација. Во таквата ситуација жестоко се распламна борбата меѓу левицата и десницата во македонското ослободително движење. Во меѓусебната самоуништувачка борба, врховистите имаа посебна тенденција да навлезат во тврдината на Внатрешната организација – во Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ. Против Јанета Сандански, кој беше еден од најголемите противници на врховизмот, тие подготвуваа физичко ликвидирање. Меѓутоа, Окружниот комитет на Серскиот револуционерен округ, увидувајќи ја навреме таа заговорничка акција, ги осуди на смрт Борис Сарафов и Иван Гарванов. Пресудата ја изврши Тодор Паница, во Софија, во ноември 1907 година.

Убиството на заговорниците предизвика големо возбудување и загриженост во Организацијата и во јавноста, која не беше достатно запозната со пакосната дејност на Сарафовци, Гарвановци и нивните приврзаници. Поради тоа, Окружниот комитет на Серскиот револуционерен округ го изнесе и го образложи своето становиште по тие убиства во познатите

“отворени писма”, што беа објавени во печатот на Организацијата.

Во писмото од декември 1907 година, беа образложени мотивите што раководителите на Серскиот револуционерен округ ги натера да применат смртна казна над Сарафов и Гарванов. Во писмото, многу јасно и категорично беше изнесено становиштето на Окружниот комитет на Серскиот револуционерен округ по повод надворешните тенденции за мешање во работата на Внатрешната организација. Притоа беше истакнато дека место Организацијата да ги впрегне сите сили во решавањето на проблемите што произлегуваа од внатрешната состојба во Македонија и во самата Организација, таа ги трошеше своите физички и интелектуални сили во непрекинати расправии и крвави и меѓусебни судирања. Во овој контекст посебно беше апострофиран и осуден односот на Бугарија кон макеоднското ослободително движење, истакнувајќи го фактот во настојувањето за искористување на македонското ослободително движење за свои државни интереси.

Покрај другото, во писмото беше изнесена и карактеристика на Борис Сарафов, кој беше окарактеризиран како туѓ на интересите и судбината на македонскиот народ, како човек кој секојпат шпекулираше со неговото револуционерно движење.

Како резултат на настанатите односи во редовите на Внатрешната организација, Ќустендилскиот конгрес од 1908 година, одбележува полн и конечен расцеп во нејзините редови. На овој конгрес присуствуваа само претставници на десницата, додека претставниците на Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ, како и еден дел од членовите на ЦК на Организацијата не зедоа учество. Во решенијата на Конгресот во целост дојдоа до израз разбирањата на десницата, кои беа во спротивност со донесените решенија на Рилскиот конгрес по најсуштествените прашања на Организацијата. Така, десницата стана јавно приврзаник на една политика, која беше спротивна на интересите на македонското национално-ослободително движење. Левицата, иако, формално во малцинство, цврсто стоеше на позициите за самостојност на македонското

револуционерно движење, што и подоцнежните настани во Македонија во 1908 година тоа најдобро го покажаа.

# МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА

Османлиската империја во својот економски и политички развиток претставуваше една од најзаостанатите земји во Европа. Задоцнувањето во нејзиниот развиток го условуваа постојните општествени односи во Империјата.

Нерамноправните економски односи меѓу Турција и западните капиталистички држави во голема мера го попречуваа побрзиот економски развиток на Турција, кој од друга страна имаше одраз и врз општествените односи. Големата конкуренција, потоа постојниот турски царински систем и другите привилегии што ги имаа странските капиталисти, го оневозможуваа создавањето и развивањето на домашната индустрија во Турција. Таквата економска политика на апсолутистичка Турција му овозможи на надворешниот капитал да стане сопственик и да го завладее целиот стопански потенцијал во Империјата.

Железниците, покрупните и крупните индустриски и други претпријатија, рудниците, електричните централи, банките и друго беа сопственост на надворешни капиталисти. Ако на ова треба да се додаде и фактот што, речиси, сите реформи во Турција кои беа спроведувани под надворешна контрола имаа цел Турција уште повеќе да му ги отвори вратите на странскиот капитал и да ја поставaт под целосна зависност. Овие беа основните причини за појавата на Младотурското движење, кое беше насочено кон избавување на Турција од надворешната политичка и економска зависност. Од друга страна, основните општествени односи во Турција го попречуваа развивањето и на домашната буржоазија. На оваа основа младата турска буржоазија, во чиј хетероген состав се наоѓаше интелигенцијата, офицери од Армијата, земјопоседници и други либерални елементи, започнаа да се организираат во борба против средновековниот апсолутистички систем па султанот Абдул Хамид, за создавање модерна и современа Турција по европски начела.

Младотурците, кои своето потекло го водат уште од 1876 година, беа прогресивна општествена категорија во Империјата,

за разлика од старотурците, кои беа приврзаници на постојниот апсолутистички систем. Младотурците почнаа да создаваат посебни нелегални организации како во самата Империја, така и во странство. Во Женева, во 1891 година, Младотурците формираа "Отомански комитет за обединение и напредок", кој набргу стана надворешен центар на сите младотурски емигранти. Овој Комитет, со својата печатна пропаганда, го насочуваше и Младотурското движење и во самата Турција. Запазувањето на целоста на Империјата и нејзиното реформирање беа основни елементи во програмата на младотурците.

Во борбата против апсолутистичкиот систем младотурците организации бараа поткрепа и во национално-ослободителните движења во самата Империја. Во таа смисла, во Париз, во 1907 година, беше одржан и Конгрес, на кој покрај претставници на младотурците, зедоа учество и делегати на ермenски, арапски и еврејски организации. На овој Конгрес беше поканет да земе учество и претставник на ВМРО. Меѓутоа, Христо Матов, како водач на врховизираното крило на ВМРО, ја одби поканата. Левицата во македонското национално-ослободително движење ги прифати решенијата на Парискиот конгрес. И покрај несогласувањето и различните и посебни интереси што се изразија, на Парискиот конгрес беше прифатена една програма во која се предвидуваше рушење на апсолутистичкиот систем и воведување парламентарен режим во Турција, дури и преку оружено востание.

Најдобри услови за дејствување младотурците најдоа во Македонија, што не беше воопшто случајно. Во Македонија веќе постоеше револуционерна традиција и револуционерни услови. Македонското револуционерно движење имаше долгогодишна револуционерна дејност. Засилувањето на Младотурското движење во Империјата беше забележително посебно по 1905 година, кога Солун стана центар на Младотурското движење, кое имаше приличен број приврзаници во офицерските редови на Третиот армиски корпус, чиј штаб се наоѓаше во Солун.

Младотурците планираа да го извршат оружениот акт во Империјата во август 1908 година. Меѓутоа, еден надворешен настан, за кого Младотурците претставуваа дека уште повеќе го загрозува суверенитетот на Империјата, ги натера да ги забрзаат подготовките. Тој настан беше средбата и решенијата во врска со Македонија донесени во Ревал, денешен Талин, главен град на Естонската СС Република, меѓу рускиот и англискиот суверен. На 3 јули 1908 година, командантот на турскиот гарнизон во Ресен, Нијази Беј, со својата единица започна акција против месните султански власти. Младотурските комитети, што постоеја во југозападниот и западниот дел на Македонија, се определија кон востаниците.

Бројот на востаниците се зголемуваше, воспоставувајќи контрола над султанската власт во Преспа, Охрид и Охридско, Струшко, Дебарско и во некои албански градови. Кон востаниците набргу се придружи и еден одред од турски војници на Солунскиот гарнизон под команда на Енвер Беј. Единиците на турската војска, кои беа испратени против востаниците, откажаа послушност, а нивниот командант Шемзи паша беше убиен од Младотурците во Битола.

Отстранувајќи ги месните султански власти, Младотурските востаници истовремено испраќаа повици, апели, прокламации и друго до муслиманите и христијаните во Македонија, во кои беа изложени целите на Младотурците. Во нив го повикуваа населението да остане мирно до колку не ги прифати младотурските барања за соработка и поткрепа.

Младотурското востаничко движење толку многу се засили во Македонија, што востаниците на 22 јули, ноќта, влегоа во Битола, ја презедоа власта од султанските чиновници и ги ослободија сите политички затвореници, кои предимно беа Македонци и Албанци. Одушевување и радост ги зафати и широките маси. Сличен беше настанот и во Солун, каде што на 23 јули 1908 година, од Солунските затвори беа ослободени политичките затвореници. Настана општа радост и збратимување меѓу мулсимани и христијани во повеќе градови на Македонија, со верба за подобра иднина, со извици за слобода (уриет), братство и единство.

Сеопштото прифаќање на младотурското движење им овозможи на младотурците на 22 јули 1908 година, ултимативно да побараат од султанот враќање на Уставот од 1876 година, што самиот го укина во 1878 година. Ноќта меѓу 23 и 24 јули 1908 година, тржествено беше објавено во Империјата дека султанот го воведува Уставот, така што со тоа во Турција беше воведен уставен режим. На тој начин, едно од основните барања на Младотурците беше прифатено. Овој настан, со што практично беше соборен апсолутизмот на султанот Абдул Хамид, предизвика општа народна одушевеност.

Воведувањето на Уставот во Империјата беше крупен настан. Со неговото воведување настана нова фаза во Османлиската империја, која овозможуваше легално дејствување на оштествено-политичките сили и во Македонија. Кон новата политичка состојба во Турција требаше да се прилагодат сите политички организации во Македонија. Водачот на левицата во македонското национално-ослободително движење Јане Сандански уште пред воведувањето на Уставот, стапи во врска со младотурците. Притоа, Јане Сандански на младотурците им постави неколку барања, кои тие требаше да ги прифатат како услов за легализирање на револуционерната дејност на левицата и за распуштање на четничкиот институт.

Покрај другото, во барањата на левицата се инсистираше на парламентарна управа во земјата, општинска, окружна и обласна самоуправа, слободен развиток на националностите, уништување на феудалната зависност и даноците во натура и друго. Младотурците извонредно многу беа заинтересирани за зацврстување на новиот поредок.

Откако се согласија со барањата на Сандански, тој издаде наредба четите во Серскиот револуционерен округ да се легализират. Самиот Јане Сандански со чета дојде во Мелник, каде што беше многу свечено пречекан, а Христо Чернопеев влезе во Струмица. Легализирањето на четите предизвика сеопшта радост и одушевеност. По влегувањето и пречекувањето во Мелник, Јане Сандански дојде во Солун на 30

јули 1908 година. Таму беше исто така, свечено пречекан, а на 31 јули издаде манифест со повик кон населението да го прифати уриетот и да го брани од непријателите.

Легализирањето на четите и натаму продолжи. Во Велес пристигнаа војводите Санде и Милан Ѓурлуков со 11 четници, во Радовиш војводата Стефан, во Малешевијата се легализира војводата Герасим и Димитрија Бојаџиев; во Крива Паланка кратовскиот војвода Димитар; во Кочани турските чети на Риза Нуредин и Мустафа, како и некои албански чети и други.

По извесно време, по еден краток период на резервираност во врска со настаните во Турција, и четите на српската оружена пропаганда се легализираа. Спротивно од прифаќањето на уриетот од страна на левицата, десницата во македонското ослободително движење на чело со Христо Матов и Тодор Александров со недоверба го прифатија уриетот. Таа дури се обиде да го запре легализирањето на четите. Но, откако во тоа не успеа, на четите им беше дадена наредба да се легализираат и да се подготвуваат за легална борба. Исто така постапија и четите на грчката оружена пропаганда. Така, по Младотурската револуција привремно престана четничката активност во Македонија.

Во легалната борба и во новонастанатите услови левицата во македонското ослободително движење искрено пристапи кон Младотурците. Кон Серските револуционери, како водачи на левицата, пристапија и други истакнати дејци на революционерното движење, како Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Пере Тошев и други, кои во новонастанатите општествени околности настојуваа да обезбедат што повеќе придобивки за македонскиот народ, а како основно решавање на аграрното прашање. Настојувањето за решавањето на аграрното прашање, всушност значеше приврзување на селаните кон новиот режим и категорично отфрлање на сите илузии со кои го залажуваа туѓите пропаганди.

# НАРОДНАТА ФЕДЕРАТИВНА ПАРТИЈА И ДРУГИ ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ

На Македонско-одринската револуционерна организација и припаѓаа организациите од Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ. Овие организации беа раководени од левицата на чело со Јане Сандански. На левицата, покрај организациите во горниве окрузи, и припаѓаа и одделни групи од Битолскиот и Скопскиот округ. По Јулската младотурска револуција, со новонастанатите услови за политичка дејност, напорите на левицата беа насочени кон изградување еден легален и широк македонски ослободителен фронт, настојувајќи да ги обедини одделни организации и групи и поединци околу една општа и поширока платформа. Се дојде до согласност за формирање нова политичка партија под име Народна федеративна партија, која требаше да ја наследи и да ја продолжи дејноста на дотогашната Македонско-одринска револуционерна организација, во нови услови и со поинаква содржина во нејзината политичка програма.

По доста долги преговори за новата политичка програма на Партијата, дури во август 1909 година беше одржан Основачки конгрес во Солун. На Конгресот беше усвоена програма, - статут, декларација и неколку резолуции и избрано централно раководство на чело со Димитар Влахов, кој воедно беше пратеник во новоизбраниот Отомански парламент од изборите спроведени во 1908 година. Меѓутоа, во Партијата не беше постигнато единство на мислата и акцијата. Од членство во партијата набргу беше исклучен Јане Сандански, со што извесни фактори во Партијата настојуваа да се ослободат од револуционерни елементи во неа. Исклучувањето на Сандански од партијата санданистите го сметаа за незаконит акт и поради тоа настојуваа да се свика вонреден Конгрес на Партијата. Во април 1910 година, беше одржан вонреден Конгрес, при што беше осудена политиката на Егзархијата и на грчката Патријаршија, како и односот на младотурците спрема црковно-училишните општни во Македонија.

На вонредниот конгрес беше анализирана и политичката ситуација во Македонија и се донесоа неколку резолуции, од

кои посебно се истакнуваше резолуцијата по аграрното прашање. Раководството на партијата, избрано на Првиот основачки конгрес, беше сменето и избрано ново, во чиј состав влегоа: за претседател Д-р Христо Тенчев, кој го претставуваше македонското прогресивно граѓанство, потоа Димитар Мирасчиев, Чудомир Кантарџиев, Александар Бујнов и Таската Спасов – Серски, за членови. Од составот на новото раководство се гледа дека Санданистите однесоа полна победа.

Меѓутоа, развитокот на настаните во Империјата, предизвикани од политиката на младотурците спрема многу внатрешно-политички и економски прашања го попречуваа нејзиниот опстанок. Во август 1910 година, според законот за политичките здруженија донесен од Отоманскиот младотурски парламент, Народната федеративна партија, како прва легална политичка партија на македонскиот народ по младотурската револуција, беше забранета.

Програмските барања на Народната федеративна партија произлегуваа од длабоките потреби на македонскиот народ во новосоздадените политички услови во Турција по воведувањето на Уставот и парламентарниот режим. Во програмата на Партијата како основно барање беше преуредувањето на Турција врз принципот на децентрализацијата, автономија на националностите во одделни области на државата, самоуправа на окрузите и општините во делокругот на најважните внатрешни работи. Според програмата, Народната федеративна партија се определи за создавање федерација на народностите во Турција, во која Македонија требаше да стане одделна самоуправна државно-правна единица, потоа за рамноправност на сите народи и народности во Турција.

И во социјално-економските барања програмата на Народната федеративна партија ги вклучуваше основните економски потреби на македонското селанство: укинување на сите феудални остатоци, отуѓување на земјата од чифлик-сајбиите и вакуфите, заштита на наемните работници од прекумерната експлоатација, како и укинување на сите видови даноци и нивната замена со прогресивен данок врз доходот.

Народната федеративна партија во борбата за остварување на програмата настојуваше преку своите печатни органи, митинзи, политички собири и други форми да ги заинтересира и покрене широките маси за остварување на барањта и да го поттикне Отоманскиот парламент во решавање на аграрното прашање. И во остварувањето на програмата во областа на просветната политика, Народната федеративна партија постигна извесни резултати.

Во учебната 1909/1910 година, околу 70 училишта беа одземени од надлежноста на Егзархијата и предадени на управување на месните општини. Овој процес на одземање на училиштата од надлежностите на Егзархијата предизвика голема загриженост кај сите организатори на туѓите пропаганди во Македонија, во што тие глеаа голема опасност по нивните просветни институции, што тие ги финансираа спроведувајќи преку нив одредена политика за денационализација на македонската училишна младина.

И бугарската влада по младотурските настани беше принудена да ги измени дотогашните форми на дејствување во Македонија. До Младотурската револуција бугарската влада и буржоазија своето влијание и дејствување го остваруваше преку десното крило на Внатрешната организација и преку многубројни црковно-училишни институции на Егзархијата во Македонија. Со цел да се засили бугарското влијание во Македонија и да се пополни празнината што настана по прекинувањето на нелегалната дејност и на Матовската ВМРО – беше формирана нова политичка организација, наречена Сојуз на бугарските конституциони клубови.

Во овој Сојуз беше привлечено македонското крупно граѓанство и повисоката интелигенција, која и дотогаш се наоѓаше во егзархиска служба. Во програмските документи на Сојузот на бугарските клубови во Македонија, дојдоа до израз пробугарските цели на еден одроден дел од македонската интелигенција и крупно граѓанство, кои подолго време минаа низ бугарските училишта и институции и се наоѓоа на издршка на бугарските државни јасли. Согласно со законот за политичките здруженија, што Отоманскиот парламент го

донесе во ноември 1909 година и Сојузот на конституционите клубови беше забранет.

Пратеникот од Отоманскиот парламент од Битолскиот вилает Панче Дорев, во април 1909 година се обиде да формира нова политичка партија под име Отоманска прогресивна партија. Програмските барања на новата партија наспроти Сојузот на конституционите клубови, се засновуваше врз настојувањата за мирен и непречен развиток на македонскиот и турскиот народ во Уставна Турција. Иницијативата на Панче Дорев набргу пропадна поради повеќе причини.

Создавањето српска легална политичка организација во Македонија по Младотурската револуција одеше во прилог на големосрпските интереси за Македонија. По престанувањето на оружената активност на четите организирани од српската влада, се покажа потреба од формирање легална политичка организација во Македонија, која требаше со нови форми и методи и во нови услови да ја продолжи дотогашната дејност на големосрпската пропаганда во Македонија. Во февруари 1909 година, ги бележиме првите стапки на организирање легална српска политичка организација во Македонија под име Организација на отоманските Срби, која според програмските начела беше големосрпска, националистичка политичка организација. Во јануари 1910 година, според законот за политички здруженија, престана да постои и оваа организација.

По легализирањето на грчките андартски чети во јули 1908 година, и грчката пропаганда настојуваше да ги измени методите на активноста во Македонија. Иницијатива за формирање грчки клубови во Македонија по Младотурската револуција, потекна од грчката Цариградска колонија, каде што беше формиран грчки политички центар. Се пристапи кон формирање клубови и друг вид здруженија, кои во својата основа имаа пропагандна политичка дејност.

Во политичката програма на грчките клубови посебно беа нагласени барањата за запазување на патријаршиските привилегии во однос на црквите и училиштата. Сепак, грчката пропаганда во Македонија по Младотурската револуција

бележи голем упадок. Голем број македонско население ја напушти патријаршијата и премина кон егзархијата, која како словенска институција и заради немање самостојна македонска црква, повеќе го привлекуваше. Во ноември 1909 година беа забранети и грчките клубови.

Укинувањето на легалните политички организации на туѓите пропаганди во Македонија не значи и нивно престанување со пропагандна и друга дејност. Формите на таквата дејност повторно се менуваа.

Во Албанија, потоа во Скопје, Битола, Солун и Дебар по младотурските настани беа формирани албански клубови. Низ дејноста на овие клубови се манифестираа национално-политички стремежи на Албанците. Меѓутоа, од активноста на албанските клубови не произлезе и единствена политичка програма. Низ повеќето политички манифестации на албанските клубови произлегуваа барања за албаската националност, автономија на областите во Отоманската империја, училишта на албански јазик, усвојувајќи ја азбуката латиница како албанска национална азбука.

На оваа појава кај албанското население младотурците им се спротивставија со што се потврди становиштето дека тие не сакаа да им овозможат национална еманципација на Албанците од Турците. Во овој период се забележени извесни контакти и соработка меѓу претставници на албанските клубови и Народната федеративна партија, како и на албански и македонски доброволци и чети, кои зедоа учество при задушувањето на контра-револуцијата во 1909 година, кога беше детрониран султанот Абдул Хамид и за нов султан беше поставен султанот Мехмед Решат V.

Овој период бележи растеж на работничкото и социјалистичкото движење во Македонија, што зависеше од општиот развиток на средствата за производство и политичките услови.

Последните години од младотурското владеење во Македонија ја покажаа недоследноста на младотурците во спроведувањето

на прокламираните принципи. Внатрешни и надворешни фактори претставува пречка во натамошниот позитивен развиток на придобивките од Младотурската револуција, која по својот карактер претставуваше буржоаска демократска револуција за турскиот народ и нетурските народи во Отоманската империја.

Некои зафати на младотурците, како што беа проблемот со населувањето на муслимански колонисти (муаџири) во Македонија, акцијата и теророт при собирањето на оружјето од македонското население и законот против политичките здруженија, ги засенија позитивните тенденции во развојот на општествено-политичките и економските односи во Империјата. Тие акти на младотурците беа предуслов за појавување четничка активност. Десното крило на ВМРО, на чие чело застана Тодор Александров, ја обнови оружената активност, која всушност служеше на завојувачките аспирации на бугарската буржоазија. Кон оваа активност во 1911 година се придружија српски и грчки чети, кои со своите терористички акти уште повеќе ја влошуваа положбата на народот. Тие претставуваа увод во подготвуваната војна на балканските буржоазии за истерување на османлиите од Балканскиот Полуостров и за заграбување туѓи територии.

Покрај сите напори што Македонскиот народ ги вложи за национално ослободување тој се до 1944 година, остана поробен, кога се ослободи само еден негов дел, како резултат на заедничката Народно-ослободителна војна на југословенските народи.

## МИСЛИ НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Ние не ги мразиме Османците како народ туку војуваме против нивната господаречка система на управување:

Јас го разбирам светот единствен, како поле за културно натпреварување на народите.

Шовинизмот ја замрачува најсветлата идеја.

Организацијата на македонскиот народ му е нужна за да го уништи ропството над себеси, а не да тргува.

Идејата преку оружјето не се прифаќа, а преку примери.

Работник е тој, кој му служи на народот, а не преку него за себеси.

Во жртвата не треба и не може да има степен; таа завршува, кога е потребно и со име и со чест.

Јас не сакам востание со луѓе кои ќе ме напуштат при првиот неуспех; јас сакам револуција со граѓани, способни да ги издржат сите тешкотии и на една долготрајна борба, каква, поради жестоките политички услови, ќе биде нашата.

Ослободувањето на Македонија лежи во внатрешното востание. Кој мисли инаку тој се лаже себеси и другите.

Ако тиранијата е насилие, револуцијата е насилие против насилието.

Грабежот од галениците на тиранијата, за целите на револуцијата има едно историско оправдување.

Ние треба да бараме вера за успехот на борбата во себеси и во другите. Таа вера треба ако ја нема да ја создадеме, ако ја има да ја разбудиме и да го разгориме огнот на борбата.

Револуционерот се издига во сознанието на народот преку своите дела. Бунтовникот уште не е револуционер.

Ние се бориме за слободна и независна Македонија со широки права на бедното население.

Македонската култура е неопходност за правилното развивање на македонската револуција.

# НЕКОЛКУ БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Гоце Делчев се родил на 23 јануари 1872 година, во градот Кукуш. Учел прво во католичкото училиште, а после во егзархиското. По завршувањето на третокласното училиште се запишал во Солунската гимназија каде бил еден од најдобрите ученици. Тука се вклучил во тајните ученички кружоци, а бил и раководител на еден таков. Во тие кружоци учествувале и видни покасно македонски револуционери.

По завршувањето на VI клас гимназија Гоце, во втората половина на 1891 година, отишол и се запишал во военото училиште во Софија, бидејќи за ослободувањето на Македонија, тој знаел, потребно било и воено знаење. Тука Гоце се формирал како социјалист и како таков не бил погоден за бугарската армија. 2-3 месеца пред да го заврши военото училиште Гоце бил исклучен.

Тој со радост го примил исклучувањето, бидејќи така можел веднаш да замине за Македонија и се стави во служба на народот кој се готвел за борба за нејзиното ослободување.

# Црна се чума зададе

Црна се чума зададе
Там долу в Македонија,
Там долу демиркапија.

Кој ќе се јунак избере
Чумата да ја пропади?
Избрал се јунак, изнашол -
Млад делче, млади војвода,
Тој појде в Македонија,
Чумата да ја пропади.

Црн ми се облак зададе
Пак долу в Македонија -
Там долу демиркапија.

Дали се црни облаци,
Или се турци поганци?
Не ми се црни облаци
Не ми се турци поганци,
Тук ми се чета кумити,
Тук се војводи, четници.

Ранет ми јунак носеа,
Ранет ми јунак – млад делче,
Млад делче, млади војвода.

Делче дружина говори:
- Дружино верна, зговорна,
Вие ќе утре идете
По мачната наша земја.

Кога ќе вие минете
Низ моја града кукуша,
Мајка ми ќе ве пречека,
За мене ќе се распраша:

“Каде е син ми млад делче”?
Вие ќе нејзе кажите:
“Млад делче ми се посврши
За девојка Македонија,
За црната ропска земја!”

# Што ми е мило и драго

Што ми е мило и драго
Млада комита да станам
С Јане Сандански да ида
Низ драмско поле широко
Да носа пушка берданка
И остра сабја френгија
Да бија грци шпиони
И врли турци душмани!

# Делчев војвода довтасал

Расплакала се горета
Горета ем планината
И од горета дрвјата,
И од полето тревјата,
Заради делче војвода...
Голема тинџа ми дојде
Горета да развесели,
Дека ми делче дофтасал
Со својата верна дружина:
На секое ритче – бајраче,
На секое круфче – и пуфче,
Во секое долче – јуначе!

# Блажена гора зелена

Блажена гора зелена,
Никогаш празна не биваш
Ни лете, горо, ни зиме.

Зиме си полна овчари,
Лете си полна јунаци;
До сека бука јунака,
На сека гранка берданка,
На сека шумка патронка,
На сека чука и бајрак.

Блажена гора зелена!

# Провикна се Ил,о Малешевски

Море, провикна се Ил,о Малешевски,
Ајде провикна се Ил,о Војводата:
- Кој си нема пусат, тука нека дојде;
Тука нека дојде, пусат да му дадем,
Пусат да му дадем за нашата земја,
За нашата земја, за Македонија.

Кој си нема мартин, тука нека дојде,
Тука нека дојде, мартин да му дадем,
Мартин да му дадем, В Малешево д'иде,
В Малешево д'иде турци да искара.

# Црвен се бајрак развева

Црвен се бајрак развева,
Во тоа село Брезово, Македонијо!
Таму е Јордан Срдисан
Со неговата дружина, Македонијо!
Извикнал Јордан, провикнал
На својта верна дружина, Македонијо:
- Четата ни е сардисана!
Држте се, верна дружино
Помош пристига од села,
Селата демирхисарски!
Уште речта не изговори
Куќата е опсадена, Македонијо!

Јордан низ пенџер погледна,
Бомбашијата си виде, Македонијо!,
И на дружина говори:
- Чекајте, барем, чекајте –
Миљазимот да одрежам!
Извади Јордан револвер,
Бомбашијата го отепа, Македонијо,
Еден му другар убија.
А с двајца Јордан избега, Македонијо.
Четата му се растури,
Поново чета си собра, Македонијо!

# Битката кај мечкин камен

- Ој ти, пиле, славеј пиле,
Попеј ми се песничица,
Да се чуе надалеку,
Надалеку – преку вардар,
Преку вардар до велешко,
Од велешко - до прилепско,
Од прилепско до крушово,
Од крушово – до корија,

Зад корија – мечкин камен –
Там се бие голем јунак,
Голем јунак – Питу Гули...
Ојте вие, крушовчани,
Што сте така нажалени,
Со куќите изгорени,
Со топои изорани?

# Заплакало е мариово

Заплакало е Мариово
За тој ми Ѓорѓи Сугаре:
- Каде си, Ѓорѓи, да дојдиш
Каде си страшен војводо,
Од Грци да не куртулиш –
Грци станале шпиони!
Викна ми Ѓорѓи. Подвикна
Од демирхисар планини:
- Слушам ве, браќа, слушам ве,
Слушам ви гласот жалостен.

Еве сум, браќа, кај идам
Со триесет одбор момчиња,
Момчиња саде избрани
Од цела кааза Битолска!
Пристигна Ѓорѓи Сугарев
Со триесет одбор момчиња,
Сите со пушки манлихер
И со наган леворвери.

Проклет бил шпион лигушот –
Тој ја предаде четата.

Кога ми стигна Сугаре
Во параловски ливади,
Згрмија турски залпои
Од параловски чукари.

Извикна Ѓорѓи Сугаре:
- Дружино верна, зговорна,
Гуните пусија свиткајте,
Зашто се камен не најдва!
Уште ми речта не рече,
Згрмија нови залпои,
Ѓорѓија ми го удрија
И многу одбор момчиња!

# Јордан војвода и мајка му

Провикна се баба фурса,
Провикна се в пуста гора:
- Стани Јорде, стани синко,
Мајка сину да те види,
Салте, синко, мили Јорде,
Да познаам, синко, тебе!
Кој ќе гази траги твои?
Кој ќе носи бомби твои?
Кој ќе носи пушка твоја?
Кој ќе носи сабја твоја?
Пиле пишти низ гората,

Пиле пишти и и дума?
-Ај си иди, баба фурсо,
Ќе настанат рожбите му,
Па ќе газат трагите му,
Па ќе носат бомбите му,
Па ќе носат пушката му,
Па ќе носат сабјата му!
Па се врати баба фурса,
Па се врати с лице смешно,
Да одгледа рожбите му.

# Бесењето на војводата Александар Турунџов

Црно му било пишано
На Александар Турунџов:
Шеснаесет години војвода
На седумнаесет го фатија.

Го кладоа во долапи,
Во тешки пранги железни.

Бог да го бие пашата
Тој валијата битолски,
Тој на Александра говори:
- Кажи бре, кажи, Александро,
Што си досега направил?
Ми одговори Александар:
- Дегиди, пашо, битолски,
Не ли ме прашаш, распрашаш,
Се право ќе ти раскажам:
К'шлите сум ги изгорел
Железници бомбардирал,
Турците сум ги истепал,
Анките сум ги одбулил.

Тогаш се паша налути
И луто ми го излага:
- Ја излези, бре Александро,
Надвор е твојта невеста
Со машко дете на раце!
Се израдува Александро,
Излезе од долапите.

Тогаш му раце врзаа,
На бесилка го однесоа,
На бесилка – на атпазар.

Дојде поп да го опева

И дробни солзи пророни.

Александро му прозбори:
-Не плачи, дедо, не жалај!
Ако ме мене обесат,
Нека се живи браќа ми –
Поарни ќе се од мене,
Поарни храбри војводи!

# Смртта на Веле Марков

Вучат ми силни ветрови,
Татони небо и земја
Над крушовската планина,
В несреќната ракитница.

Зафучи тешка планина,
Заофка гора зелена:
- Дегиди, велко војвода,
Дегиди славни јунаку,
Што стори, што се напраи
Од гора сестра с оддели
И в голо село Кондиса.

Трагата ти ја најдоа
Леглото ти го разбраа –
Потера, лути черкези,
И аскер со иљадници.

Зафати битка крвава
Во селото Ракитница.

Кај што јуначки паднаа
И тирчу, страшен бајрактар,
И ти самиот загина,
Четата ти се растури.

Стани ми, брате, бесценет,
Стани ми, страшни јунаку,
Збери си одбор јунаци,
Рајата да си одздивни,
Оти се турско не трпи!
Од плач се богу дожале
И на земјата дотежна,
Земјата се стресе, растресе
И Велко од гроб извика:
- Горо ле, горо зелена,
Не плачи, сестро, не жали –

Довечер чекај на гости
Други војводи, комити
И ќе им чуеш песната:
- Слобода или смрт јуначка!”